# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Десеттото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 август 2004 година**

Седницата се одржа во сала **1** на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратениците Зоран Крстевски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски ,Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Илија Китановски, Ванчо Стаменков, Љубисав Иванов - Синго, Али Ахмети и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за тертироријална организација на локална самоуправа во Република Македонија.

Повелете господине Каме Петров имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Неждет Мустафа.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван господин претседателе, почитуван господине министре, почитувани колешки и колеги пратеници,

Како кус вовед во дискусијата во врска со Предлог законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија сакам да кажам неколку воведни реченици, а останатиот дел имам намера да коментирам одделни одредби од Предлог законот, кои низ дискусијата по амандманите беа опфатени овде во Парламентот и надвор од него, со кои се инсистираше негово одложување од 6 месеци до 4 години, негово видоизменување или недонесување на законот воопшто. Затоа се

надевам дека нема да бидам разбран дека сум надвор од темата, односно надвор од контекстот на расправата по повод донесувањето на овој законски проект.

Како прво, би сакал да истакнам дека донесување на овој закон оправдано анимира огромен дел од јавното мислење, што всушност беше очекувано, потребно и пожелно, бидејќи од првата фаза па се до денес слушнавме многу предлози и сугестии на различни јавни научни институции и личности, на невладини организации, на експерти, на некои движења, потенцијални политички партии и секако на отпори од опозицијата во поглед на идната територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Независно која политичка структура е на власт, ова е очекуван процес, бидејќи иако локалната организација не допира до територијалниот суверенитет и интегритет на државата, уште помалку ја ослабнува унитарноста на Република Македонија, веројатно е нормално за наши балкански прилики процесите да се драматизираат, да се политизираат и да анимираат граѓаните до политички размери дека нивната судбина и иднина е загрозена, дека Македонија е доведена во прашање, дека постои предавство, непатриотизам итн. Но ако сето ова би можел да го сватам и како очекуван процес во ова време, надминато и некои поранешни југословенски држави, не можам да разберам некои ирационалности или подобро речено екстремности од политички субјекти кои имаат аспирации за власт, а кои на пример ги пласираат, заговараат, па дури и практикуваат следните активности: закани за блокирање на работата на Парламентот, закани за линч на поединци, функционери и пратеници, исфрлање на пароли дека во нашава држава владее диктатура во услови на крајно демократска расправа во овој тек на Парламентот, споредби со диктаторски режими итн. Кон овие постоеја и постојат и други националистички повици и поклици, кои, се извинувам, ми е непријатно да ги спомнувам овде во Парламентот. Да завршам со воведот и да пристапам кон одредбите на законот и активностите поврзани со него.

Најпрво би сакал да се задржам на членот 2 од овој предлог на закон во кој целосно е преземена одредбата од толку прокламираната Европска повелба за локална самоуправа, според која, а еве и со овој Предлог на закон се предвидува консултација на граѓаните при промената на територијалната организација на државата. Кон овој член од закон нема да наведувам колку консултации во државата се направени, нема да

истакнувам колку локални необврзувачки референдуми се одржани зашто тоа овде се експлоатираше во изминатите денови. Кон овие Повелба би ги повикал колегите кои сеуште ја цитираат таа Повелба, да го земат и уште еднаш да го прочитаат стенограмот и дискусијата на колегата правник Јашари, кој низ коментарот на важењето на општите прописи на специјалните закони за локалната самоуправа од 2002 година и на меѓународните акти во тој контекст направи едно добро толкување на овие одредби. Затоа, на едно вакво толкување не би имал што да додадам.

Јас би ги коментирал одредбите од член 2 на предлог законот од светлината на активностите што се водат околу евентуалното распишување на референдумот по овие закони и на тој начин консултирање на граѓаните околу овие законски проекти. Овие денови навистина имавме безброј прилики да се наслушаме дека референдумот е вистинскиот законит начин да се спречи донесувањето на овој закон и воопшто законите за децентрализација.

Имајќи го предвид членот 2 на предложениот закон или одредбата преземена од меѓународниот документ се множеа квалификации, дефиниции и најавени патувачки паради против територијалната организација. Кон овој член од законот не можам да не кажам дека ми се допадна и еуфоријата што ја подгреваа одредени атрактивни политичари, едниот хетеродемократ кој успеа со Милошевиќ да ги извади тенковите пред населението среде Белград, не убедува дека демократијата е олицетворена преку референдумот. Другиот вечно младиот флексибилен и успешен полицаец успеа и мене да ме убеди во неговиот висок демократски капацитет. Но да не го лажеме народот во врска со референдумот.

Врз основа на член 2 од Предлогот на законот за територијалната организација треба да кажеме дека националниот референдум или како сакате наречете го сепак има два краја, има две или повеќе завршници. Таквите завршници не само што не се добри за граѓаните, во прв ред не се добри за суверенитот, интегритетот, унитарноста или ако сакате пред се за иднината на нашата држава. Значи себе се сметам за патриот кога од оваа говорница истакнувам дека кој и да е еднонационален референдум, а овој никако не можам поинаку да се прикажам дека не е добар за целата држава и дека не е одраз на мнозинското население. А дали тој ќе биде еднонационален или не, познато им е на

малите деца. Да не се убедуваме повеќе. Притоа има и неколку правни тешкотии околу организирањето, спроведувањето и одржувањето на референдумот. Иако ние пратениците рековме дека референдумот е демократски чин и доколку се соберат 150 илјади потписи тоа ќе се почитува, сепак морам да укажам на неколку правни аспекти.

Имано, организаторите своите активности очигледно ги засноваат на законот за постапката за собирање на потписи за постапката за предлагање за донесување закон, за распишување референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот, донесен на први април 1996 година и објавен во “Службен весник” број 16/1996 година, како и на Законот за референдум и граѓанска иницијатива донесен на 28 мај 1998 година, а објавен во “Службен весник” број 24/1998 година. Дотука во потесното толкување на работите се е чисто и нема никакви проблеми. Но проблемите настануваат што денес и овие закони, овој предлог на закон не може исдвоено да се толкуваат и применуваат. Имено, без анализа и одлука за усогласеноста на овој закон со Уставот и уставните амандмани што се донесени во предходниот мандат, не може да се приоѓа на една така широка активност. Имено, познато е дека овие закони се донесуваат со обично, но и со посебно мнозинство на гласовите на етничките заедници. Така на пример, во Анексот А, во членот 114 од Рамковниот договор, преточен во Уставот и уставните амандмани се вели дека овие закони се усвојуваат со мнозинство гласови на присутните пратеници, од кои мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија. Според тоа, решавањето на ваквите прашања во кои неизбежно има и етнички елементи, има спор на законот со Уставот, и тоа токму преку решавањето на ваквите прашања по пат на референдум.

Но ова е формално правниот аспект кој допрва треба да се анализира, толкува и решава. Вистинските експерти, особено Уставниот суд на Република Македонија е најмеродавната институција во овој сегмент. Преоценувањето на уставноста на законот за референдум и граѓанска иницијатива во смисла на Европскат аповелба, а преточена во член 2 од овој Предлог на закон навистина би довело до сериозни проблеми и тешкотии за сите популисти во нашава Македонија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Петров, првата дигресија ви е завршена, продолжете.

КАМЕ ПЕТРОВ:

... во врска со Законот за територијална организација се обидуваат да манипулираат и го заведуваат народот.

Владеењето на правото, значи и усогласување на сите закони со Уставот во тој дел и со уставните амандмани, исто така, заедно со прифатените амандмани и амандманите поднесени од Владата мислам дека решенијата во член 10 од Предлогот на законот се рационални и истите треба да бидат прифатени од овој Парламент.

Амаднманите од типот на самостојна Богомила, самостоен Извор се само обична политичка егзебиција, бидејќи не водат сметка ниту за македонското население во општината Чашка, ниту за другите заедници што живеат во овој регион. Овие рурални средини нормално е да се групираат бидејќи сами издвоени или би претставувале самостојни македонски или самостојни албански енклави некаде токму во средиштето на Република Македонија. Тоа не одговара ниту на македонскиот ниту на албанскиот ентитет. Неможеш да елеминираш право на било која заедница, на било кое население кое со векови живее во една средина или да го пренасочиш да ги остварува своите права во поголемата општина, а тоа население да минува низ патот на помалата општина. Затоа, ваквите амандмани не само што ги сметам дека се ирационални, туку најпрво претставуваат навреда за граѓаните од Богомила, Извор, а најмногу на населението од општина Чашка. И дали после вака предложените интервенции, а по повод на член 10 од Предлогот на законот за територијална организација јас како пратеник или како социјал демократски сојуз треба да ги повикуваме граѓаните на протести. Не, никако не. Но замислете колку обиди, колку манифестации, протести и блокади ни се прередија за членот 10 од законот за сите точки и по членот 12 од Предлог законот, исто така по најголемиот број точки од овој член. Замислете ја паролата на еден од лидерите на неговата партија со 2-3 пратеници дека ни се случувал народот. Какво случување на народот кога по повод цитираните одредби од законот пред домовите на пратениците, но и пред домовите на некои министри се правеа протести, на тој начин да ги трауматизираат нашите семејства, малолетни деца, бремени млади жени, нашите невини

соседи, пријатели и сограѓани. Која е таа логика? Наместо претставниците на оваа партија да протестираат пред носителот на нивната листа кај господинот Љубе Бошковски, кој бесрамно побегна во Ребуплика Хрватска, истите членови кои не гласале на пропорционалната листа за мене бараат да спроведувам нивни директиви, барања, незадоволства. Ни на крај на памет. Но најпосле, да ја напуштам оваа дневна политика наметната низ дискусијата на овој Парламент и сакам да кажам да бидам јасен зошто јас и моите колеги ќе гласаме за овој предлог закон.

Прво, сеуште одзвонуваат пораките од документите од Илинден и Асном. Не можам да разберам како и колку за неполни 14 години самостојност на оваа држава некои од основни човечки принципи сме ги заборавиле. Навратете се на документите на нашите предци од пред 100 години, навратете се пред 60 години и уверете се колку нашите родители и дедовци биле подалековиди и покосмополити од нас. Затоа, не треба да ги напаѓаме борците од Втората светска војна кои биле антифашисти и се бореле за рамноправна и единствена Република Македонија.

Второ, овој закон со ништо не ја повредува унитарност на државата, нејзините граници и територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија.

Трето, припаѓам на политичка партија која била спремна да даде и дневни политички жртви, но никогаш не била спремна на националистички пораки и тенденции.

И четврто, предлогот на законот треба да биде усвоен, бидејќи според природата на нештата секое човечко суштество без разлика на националната, културната, расната или религиозната припадност треба да го има историското право на достоинствено живеење. Значи сите демократи во општеството треба да ги организираат модалитетите на ова сожителство и да ги применат почитувајќи го правото на секој да има подобар живот. Дали овие напори се дел од една постапка наречена мултикултура, на крај има само дневно политичко или коњуктурно значење. Зборовите и нивната употреба претставуваат исто така минлива политичка мода. Сепак, реалностите што тие ги означуваат не исчезнуваат. Не е важно дали термините за мултикултурата, за граѓанството или за мултикултурната демократија се задржуваат или не. Доколку си најдеме начин да го подобриме функционирањето на нашата демократија, отворајќи ја кон културната разнообразност и разнообразноста на идентитетот. Обратната стратегија

значи завлегување во девијациите на заедништвото, во кој залог не сме ние туку цела Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да му реплицирам на мојот ценет колега Каме Петров во два дела од неговата дискусија.

Првата реплика се однесува на делот од дискусијата во која рече дека не е добро да ги повикуваме граѓаните на протести. Јас само би сакал кратко да го демантирам тоа, веројатно тој мислеше на опозицијата, но само сакам да го потсетам дека опозицијата не ги повикува граѓаните на протести туку самите се собираат. Имено, кога се објави Предлго законот, градоначалникот на Струга Ромео Деребан кој е од редовите на ВМРО-ДПМНЕ многу јасно и гласно кажа: јас нема да организирам протести бидејќи граѓаните на Струга на претседателските избори гласаа за господинот Црвенковски и ја подджуваат неговата политика. Доколку некои луѓе се орагнизираат, јас можам да се придружам кон тоа. Спонтано испадна цела Струга да протестира, сите политички партии, вклучително и пратениците на СДСМ и ЛДП, се вклучија во тој отпор Струга да ја сочуваат во сегашните граници и тоа е нормално, така што не би требало да се лепат етикетите на сето она што се случува дека е виновна опозицијата. Виновен е тој кој што при донесувањето на законот требало да внимава колку ќе се вознемират граѓаните или колку нема да се вознемират. Истото е и со Кичево, и со Облешево, таму не постојат политички партии во организација, таму сите политички партии како една се организирани.

Второ, рече дека нашите родители биле многу далекувиди. Јас само едно би го демантирал. Во изминатите 50 години нешто што навистина катастрофално се направи во Република Македонија, тоа е концентрацијата на стопанството во големите градови. Во Скопје една Железара е концентрирана, кога и рудникот и сите капацитети се во Кичево. Велес, градот на господинот Каме Петров е преблокиран од фабрики, а во сите останати делови нема ниту една фабрика во околината, за разлика од Словенија која направи дислокација, кај нив затоа Љубљана е секогаш чиста и пред 30 години и сега и

се опустошија сите села, поради тоа нам ни замреа општините и поради тоа имаме голем проблем да направиме децентрализација. Која е таа далекувидост не знам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Петров една минута контра реплика.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Колегата Коце Трајановски ги измешал работите малку и не ја сфатил суштината на мојата дискусија.

Прво, неможе да се апстрахира од тоа и да игнорира дека некој од опозиционите партии не ги организираат овие протести. Од прес конференции на ВМРО-ДПМНЕ се повикувани граѓаните на протест. За тоа постојат и факти, и снимени материјали и тн.

Втора работа што исто така е битна, не гледам јас за овој дел околу работите со сожителството и сл., кое што всушност тој реплицираше, нека ги види документите на Илинден 101 година и нека ги види документите на АСНОНМ, заклучокот сам ќе го изведе.

За фабриките што се концентрирале во Велес и околу Велес оваа расправа нема врска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски, три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На почитуваниот колега би реплицирал во делот на неговата дискусија каде што зборувавме со непочитување на јавната расправа која покажа огромно незадоволство на граѓаните. Сигурно дека и по основ на законот за децентрализација и анкетите кои се направени во последниот период во Република Македонија кажуваат дека некаде над 80% граѓаните не се задоволни со овој закон за територијална организација или децентрализација во Република Македонија.

Би било во ред, но не слушаме аргументи кои се издржани во делот на подобрувањето на ова законско решение. По десети пат ги повторуваме и сите сме на иста референца не е овој закон што ни дојде во Собранието како предлог на Владата, како предлагач Министерството за локална самоуправа. Не добивме ние една исцрпна

анализа, елаборат да видиме едно скенирање на општините кој како и што работат. Дали тие како такви можат да функционираат или не можат да функционираат. Дали не е момент законодавецот и ние во законодавниот дом да размислуваме за промена на законската регулатива за двостепена или тростепена локална самоуправа. Тоа се аргументите кои треба да бидат изнесени. Мислам дека зборуваме во некој дел паушално. Она што ги загрижува сите граѓани е она што се тврдеше дека не е по етнички критериум правен овој закон испаѓа дека на крајот токму по етнички критериум е. Исцртувањето на границите е по етнички критериум, меѓутоа министерот за локална самоуправа дополнително го продлабочува јазот помеѓу граѓаните од различна етничка припадност. Со самото тоа основите и духот на Рамковниот договор кои се веќе преточени во Уставот и законите сериозно се доведуваат во прашања. Општеството и граѓаните се поделени како никогаш порано, па дури и повеќе од деновите на кризата 2001 година. Ова го зборувам затоа што сите ние се залагаме за соживот. Ние почитуваме, знаеме на овие простори дека живеат македонци, албанци, турци. И ние можеби сакаме да сме некаде во Швајцарија па да ни бидат комшии Франција, Италија, Германија или не знам кој, ама ние сме се нашле во овој дел на Балканот, нас ни се комшии албанците, комшии ни се бугарите, србите, грците, тоа е нашата реалност. Да ги оставиме Тупурковски, Ѕинго, Павле Трајанов нека си ја вршат тие нивната акција за собирање потписи и ако не ја завршат акцијата успешно мислам дека ќе направат големо промашување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема контра реплика.

Повелете господине Мустафа. имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Блаже Стојаноски.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер.

Веќе се дружиме петнаесетина дена во овие тешки амандмански расправи.

Почитувани колеги, би сакал веднаш на мојот вовед да го преземам вашето внимание дека вам ќе ви се обраќам и дека мојата концентрација на моите дискусии ќе биде токму на она сето што го рековте во изминатите петнаесетина дена. Ќе се обидам

на некој начин да ги сумирам вашите говори, вашите изјави, вашите предлози се со цел дека голем број ромски невладини организации и мојата политичка партија имаа врз мене силен притисок да се слушне гласот на ромската заедница, иако вее петнаесетина дена на оваа говорница се слушаат само потребите и аспирациите на македонскиот и албанскиот народ. Од таа причина сакам да ви го одземам вашето внимание и да ви ги пренесам забелешките, импресиите на ромите во Република Македонија кои се крајно загрижени во однос на сето ова што се случува во изминатите петнаесетина дена. Со сето тоа сметам дека можам да придонесам за крајната цел на децентрализацијата да ја сноси својата тежина.

Имам слушнато многу дискусии кои ми оставија силен впечаток, а и секако силна грижа. Релациите на дискусиите во изминатите петнаесетина дена беа помалку или повеќе права на албанците или повеќе давање на права на македонците. Имавме страшни популистички настани не промислувајќи на крајот дека од нашиот популицам и од нашите силни популистички изјави, морам да ви кажам искрено, барем јас се движам меѓу народот, се доведуваме во една ситуација кога кај обичните граѓани владее еден хаос од оваа мрачна ситуација, еден закон кој што во нормални држави со нормална традиционална политика сето ова поминувало во историјата со едни компромисни и разумни решенија, додека кај нас мислам дека оставаме една силна доза на можни нови конфликти. Од тоа мојот народ е многу загрижен.

Во таа релација навистина мојот прв дел во однос на излагањето со кое што сакам навистина да го задржам вашето внимание е дека новиот закон за децентрализација на локалната самоуправа, не територијално разграничување, ограничување и тн. сметам дека токму за ромската заедница во Република Македонија можеме да придонесеме многу и тоа многу.

Ние ромите многу се надеваме дека токму со овој закон и со компетенциите кои ги носи оваа локална самоуправа, кои треба да ги носи идните градоначалници и советите ќе имаат порешителни чекори, порешителни закони да ги решаваат ромските проблеми од типот на решавање на проблемите од нивната инфраструктура, решавање на нивното станбено прашање, елиминирање на нивните мизерни субстандардни живеалишта, воведување во секој дом вода и други комунални потреби и токму од таа страна ние

навистина сме многу среќни што воведуваме една таква локална самоуправа на која што ќе можеме директно со базата да ги решава проблемите на тоа население.

Од тие причини за мене дебатата на централизација не е дали некој повеќе добива или помалку добива, туку децентрализацијата е процес на кој ќе треба да се решаваат идните базични проблеми на граѓаните, не на некоја етничка заедница, некоја групација и тн., туку токму сконцентрација на решавање на матичните проблеми, на она што наликува на една локална самоуправа.

Втор степен на кој што навистина сакам да се задржам во однос на новиот закон на децентрализација на локалната самоуправа е тоа што се надевам дека токму администрацијата каде што ромската заедница има силни проблеми ќе може да ги решаваат без досегашните предрасуди на таа администрација, ќе се елиминираат стереотипностите и предрасудите на ромската заедница дека тие припаѓаат на таа заедница. Вие самите ги знаете примерите во кои услови живеат ромите во Средорек во Куманово, ромите во Битола, ромите во Прилеп, ромите во Струмица, во Штип, ромите во Тетово, ромите во Гостивар. Ако треба некој да говори најмногу за локалната самоуправа сметам дека ромската заедница има зошто да говори дека во изминатиот период беа изолирани, беа оставени на милост и немилост да живеат по тие субстандардни мизерни живеалишта на гета средини и од тие моменти јас силно верувам и се надевам дека новата локална самоуправа со советите како приоритети ги преземаат ромските проблеми, ромските неопходни потреби во решавањето на овие потреби кои што се од секојдневен карактер.

Едно е многу важно тука. Акцентот наш. Јас не би сакал овој народ во некои средини да се гледа од која страна би требало да тргне локалната самоуправа. Всушност ромската заедница, како што кажав во изминатиот период е определена строго за сожителство па и дека ваквите дискусии во изминатите петнаесетина дена, кои создаваат една силна доза на нервоза, една силна доза на некој конфликт кој што треба да се решава во Република Македонија, се чувствува силна и силна гриж покрај својата тешка и тешка сиромаштија. И покрај таа сиромаштија мене ми пренесуваат пораки редно ли е сега покрај сето ова да трпиме и некакви нетрпенија помеѓу двете мнозинства во Македонија, меѓу македонците и албанците.

Овој закон за локална самоуправа сметам дека е нешто што е реформа и нешто што мора да помине преку процесот на Република Македонија, таканарекувајќи еден од моите пријатели, како македонска перестројка, нешто што мора да помине во својт реформски процес. Од тие причини сакам навистина да ви ги пренесам пораките на мојот народ дека треба да престанеме  со силните популистички настани, со силните изјави дека се прекројуваат нови карти, граници и тн., дека крајно е несериозно во една таква тешка економска состојба, во состојба каде што сите граѓани сме свесни преку кој економски процес поминуваме, токму од нас тука како пратеници и да се слушаат изјави кои ги пореметуваат граѓаните во Република Македонија и почнуваат да се групираат кој од која страна е. Мојот народ јас ви ветувам дека нема да се групира ниту од едната страна, ниту од македонската, ниту од албанската страна. Они ќе си останат зад суверенитетот,  сожителството на Република Македонија. Ќе останат во грижата своја како да се елиминира нивната сиромаштија. Ние таму сме сконцентрирани, имаме силни проблеми од типот на човековите права, од типот на граѓанските права, од типот на административните документи, државјанство, извод на родените и тн. Значи мојот народ токму со оваа локална самоуправа се надевам дека многу, многу поуспешно ќе ги решава своите проблеми.

Зошто реков мојот народ? Во исто време велам и граѓани на Република Македонија.

Сметам почитувани колеги дека крајно е ние да се однесуваме сите пред се во интерес на Република Македонија, токму како што и настапуваме овде секоја наша политичка опција, политичка партија ги застапува интересите на Република Македонија, но во никој поглед да ги раздвојуваме луѓето на една или на друга заедница дека едните имаат поголеми права, дека треба да се става некоја си црвена линија и тн и тн.

Навистина немам никаква намера после мојот говор да ви го преземам вашето внимание со некоја реплика со тоа што би навредил некоја партија, некој пратеник. Крајно искрено сакам да ви се обратам дека мојата грижа во изминатите петнаесетина дена е крајно сериозна. Сметам дека како да немаме желба да го завршиме ова што е наша обврска како пратеници и да и дадеме една доза која што кај граѓаните нема да создава

тензии на нервози и на некои можни конфликти, туку треба да и пренесеме порака за она што треба да помине оваа Република Македонија.

Мислам дека нема ниту еден компромис меѓу власта и опозицијата што е крајно негативно. Тука рововски позиции и никој не сака да попушти. Сето тоа е на штета на граѓаните кои што не следат и некои се заробуваат по десетина часа да слушаат едни исти притисоци, едни исти изјави, едни исти пароли. Јас навистина сакам да верувам дека никој од нас нема ѓаволсова тактика, дека една лаж треба да се повтори милион пати за да постепено таа се претвара во вистина и кај граѓаните се добива еден слух и дека токму тоа е точно што се говори по десетина часа пред говорницата на Собранието на Република Македонија.

Ромската заедница сака да ви ги пренесе пораките дека децентрализацијата и дебатната дискусија околу она што го слушнавме до сега треба да се надмине храбро и да се развие еден силен, силен граѓански дух на кој што единствен предикат и единствено мото на сите нас да ни биде сожителството, а не обиди за раздвојување на граѓаните. Во основа ние во изминатиот период имавме доста, во 2001 година едно горко искуство. Јас навистина верувам дека ниту еден од нас пратениците не сака да ја врати 2001 година за нешто што мора да помине, за нешто што треба така да помине. За она што сметам дека сите сме согласни и сите сме свесни дека овој процес на македонска перестројка треба да помине без потешкотии и без внесување кај граѓаните некој немирен дух кој што сите нас ќе не внесе во едни води во кои повторно ќе се вратиме на едно договарање и преговарање и повторно ќе дојдеме на една иста позиција.

Почитувани колеги пратеници,

Јас и сега и во иднина не мислам да држам некои беседи големи. Се надевам дека бев многу јасен и моите пораки се јасни. Во тој правец молам изјавите и нашата заедничка работа да биде во процес на интегрирање, во процес на сожителство, во процес на чување она што го имаме. Сето она што го имаме е наше заедничко и никој нема тука право да се покаже кој е поголем македонец и кој е поголем албанец. Ви велам дека не сте поголем граѓанин на Македонија од мене.

Благодарам на вашето трпение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мустафа.

Има збор господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, се надевам тука е, ме слуша и господинот министер затоа што навистина по однос на овој закон се искажаа многу работи, а од сето тоа дојдовме само до еден заклучок, а тоа е дека оние кои што договарале се покажале како добри математичари со етнички предзнак, затоа што факт е дека овој закон е правен со математика, етничка математика, со бројки кои што треба да значат доминација на една или на друга етничка заедница, или присуство на 20% на некоја етничка заедница од одредена општина.

Значи, се работи за чисто етнички проблем, кој што е инкорпориран како предлог на овој закон. Меѓутоа, пред да се навратам на таа проблематика сакам да истакнам од каде произлегува потребата од донесувањето на овој закон.

Прва, работа која што навистина многу е чудна претставува Рамковниот договор и неговата имплементација, која што постојано слушаме за некаков дух на Рамковниот договор, за некакви цели кои што тој требало да ги постигне, а кои што се разликуваат целосно од она што се предлага овде како закон. Имено, ако целта на Рамковниот договор е мултиетничност, унитарност, мир и стбилност на Република Македонија, можност за просперитет на државата, тогаш која е логиката во овој закон да има етничка математика. Која е логиката кога слушаме пратеници од албанскиот политички фактор кога кажуваат дека ако Осломеј има толку албанци, ако Зајас има толку албанци, Кичево ќе има толку албанци. Македонците треба да имаат доверба во албанците затоа што абанците не им мислат лошо, а албанците секако имаат доверба во македонците, меѓутоа, тие сакаат да си ги остварат во целост своите права. Значи Рамковниот договор беше склучен во една ситуација на насилство, на насилен начин беше нападната Република Македонија, нејзините институции, уставниот поредок и меѓународната заедница изврши влијание и се склучи тој Рамковен договор со една и единствена цел,

мир,стабилност, унитарност, мултиетничност на Република Македонија и децентрализирана власт, која што треба да им овозможи на граѓаните на Република Македонија,. а не граѓаните од албанско етничко потекло, не граѓаните од ромско етничко потекло, не граѓаните од турско, од македонско и незнам од какво потекло, туку на граѓанинот на Република Македонија како субјект, како носител на права и слободи кои му се гарантирани со Уставот на Република Македонија. Факт е дека ова не се почитува. Вие немате граѓаниски пристап при кроењето на општинските граници воопшто при овој процес на децентрализација. Меѓутоа, дефектот јас не можам да го барам само во Владата и во оние кои преговарале, дефектот е во принципот кој беше усвоен со Рамковниот договор. Имено, факт е едно, факт е дека Рамковниот договор беше склучен помеѓу две страни. Едната страна беше албанскиот политички фактор, другата страна беше македонскиот политички фактор. Значи, самата суштина на тој договор е меѓуетнички договор. Ако е тој меѓуетнички договор, тогаш и ова што се случува сега многу наликува на меѓуетнички пазар, кој што врз основа на некакви уцени, врз основа на некакви барања или незнам какви други влијанија се случува само етничкиот пристап да биде при дефинирањето на општинските граници, кои што ќе значат реализација на етничките права на албанците. Меѓутоа, Со Рамковниот договор, целта беше и да се избегне еден пристап, една битка која што ја водеа тогашните претставници на ОНА односно борба за територии на Република Македонија. Значи во Рамковниот договор децидно се наведе дека со него нема да има борба односно нема да има територијални решенија за етнички прашања. Значи, албанците нема да бараат територии кои што треба да им припаднат, туку ќе се инкорпорираат во едно граѓанско општество во Република Македонија, каде што сите заедно, заедно со другите етнички заедници, заедно со македонскиот народ ќе живеат заедно во иста држава, во која што поединецот ќе може да ги остварува своите права во целост, независно од неговата етничка припадност, незавнисно од неговата религиозна припадност, независно од неговата полилтичка или незнам каква друга припадност. Овој принцип директно се нарушува со овој пристап кој што го има Владата на Република Македонија односно кои што го имаат политичките партии коинаправија договор за територијални решенија за етнички прашања. Затоа што, од авион се гледа, како што некој би рекол дека на албанскиот

фактор единствено важно му е да обележи во кои општини е исклучително доминантно албанското население а во кои општини фактички да ги обележи тие општини каде што албанското население е над 20%. Значи принципот граѓанин, остварување на неговите права, остварување на правото на употреба на неговиот јазик, остварување на правото на вероисповест, остварување на сите други права кои што претставуваат лични права на човекот и на граѓанинот, многу често и преку овој закон дефинитивно се става во улога на страничен аргумент, страничен субјект, туку главниот субјект е колективитетот, главниот субјект е албанскиот фактор, главниот субјект е незнам кој друг фактор. Од тие причини, а целта на ваквиот пристап при донесувањето на овој закон и при кроењето на општинските граници, може многу лесно да се насети. Затоа што во ваква економска катастрофална состојба, каде што правото на работа на поединецот, правото на економска егзистенција, правото на живот, правото на движење, правото на нормално живеење не е првостепено. Не е, затоа што ако стане првостепено, тогаш политичките елити кои зборуваат во име на албанците или во име на македонците некои, се се види дека немаат постигнато никаков успех, дека не се грижат за вистинските права и слободи за граѓаните, кои им се неопходни за нивното живеење, туку само за она што претставува  национален дух, интеграции со Косово, со Албанија, со незнам кои други држави, се со цел да се тргне вниманието од суштинските проблеми на ова население.

Јас сум сигурен дека и албанците се соочуваат со невработеност, сигурен сум дека и албанците голем дел од нив земаат социјална помош, сигурен сум дека и на нив им треба државна помош кога треба да се откупи она што го посеале. Значи овие се се суштинските работи. И на албанците им требаат кредити со кои што ќе можат да отворат одредени бизниси и тн. Немоќта на политичките елити да ги решат суштинските прашања за населението, независно дали е тоа од албанска етничка припадност, од македонска етничка пипадост, од ромска, од српска, од турска или бошњачка, се промовира како еден етнички пристап со цел да се замаи народот од суштинските проблеми во државата. Некој ќе рече што е постаро, јајцето или кокошката. Во една прилика еден албанец ми рече вака, дали е потребно прво да ги решиме сите наши национални барања а потоа да зборуваме и да работиме на економските теми или е неопходно прво економијата да ја

стабилизираме и преку економскиот успех да може секој поединец, абанец да си ги остварува своите нацинални слободи и права како албанец. Факт е дека неуспехот на политичките елити за решавањето на овие проблеми го притиска, го наметнува само националниот етнички пристап за овие прашања за кои што дискутираме и денес.

Ако зборуваме за Кичево, за Струга, ако зборуваме за функционалноста на овие општини, ако зборуваме за граѓанинот на општина Струга, тогаш нема да се случува ова што го имаме денес, затоа што граѓанинот на Струга сака да живее, независно дали е тоа албанец или македонец, меѓутоа, со овој пристап, со овој принцип кој што се воведува, за етнички пристап кој што има многу територијална конотација, бидејќи се работи за општински граници, кои што ќе бидат граници, кои што претставуваат локална власт, која е многу различна од она што е досега или она што било како контрола во периодот пред 90-тите години. Се работи за суштинска власт, а не за локална самоуправа. Сега, бидејќи суштинската власт е битна, многу е битно и дали на чело на некоја општина ќе биде градоначалник од една или од друга етничка припадност, затоа што тој градоначалник ќе ги поставува директорите на основниоте училишта, каде што исто така ќе биде многу битно дали свидетелствата ќе бидат вакви или такви, но нема да биде битно во какви услови учат тие ученици. Нема да биде битно дали училниците се варосани, дали имаат доволно клупи, дали има надгледни средства, дали има квалитетни учебници, дали наставата е како што треба или не е како што треба. Меѓутоа, битно е таа настава да се изведува на албански јазик и битно е над 20% ако има албанци тие да можат да го користат својот јазик. Јас се согласувам дека ниту еден во оваа сала не е против користењето на албанскиот јазик на начин кој што претполага создавање на квалитетни кадри, кои што ќе значат давање придонес за кадровската иднина на Република Македонија за квалитет кој што ќе значи придонес за Република Македонија. Но, со сето досегашно ваше однесување, вие неможевте да не убедите дека вашата мисла е насочена кон Република Македонија, туку пред се кон Косово и кон Албанија, затоа што нив ги сметате за матични територии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, првата дигресија ви заврши, ве молам зборувајте по текстот на Законот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, ова сакам само да го потврдам со еден факт. Имавте одржано средба во Подградец помеѓу потпретседателот на Владата на Република Македонија, господинот Муса Џафери, министерот за транспорт и врски Агрон Буџаку и господинот Али Ахмети со високи политики претставници, не сакам да спомнувам имиња на лица што не се присутни, на тема децентрализација во Република Македонија. Ако зборуваме за суверенитет, каков е тој суверенитет кога министри во Влада на Република Македонија се консултираат со високи политички претставници на соседни држави за процесот или за децентрализацјата  или за утврдувањето на општинские граници на Република Македонија. Во ваков случај ние неможеме да имаме доверба дека вие повеќе мислите ги имате насочено кон Република Македонија,а помалку кон Косово или Албанија. Независно од тоа, ако веќе го имате прифатено етничкиот  принцип во формулирањето на општинските граници, ако веќе за Струга не е битно дека досег немало никакви проблеми, дека и македонците и албанците си живееле заедно, тогаш тој етнички принцип треба да биде прифатен и од другата страна. Тогаш треба да видиме кои етнички интереси и чии етнички интереси  застапува СДСМ како преговарач о однос на формулирањето на овие законски решенија. Дали се тоа интересита на македонскиот народ или единствено што е битно, битно е да му се удоволи на коалициониот партенер и да се остане во Владата само заради уцените кои што пристигаат од другата страна.

Значи, ако некој ги штити етничките интереси на албанците, тогаш некој друг треба да ги штити етничките интереси на македонците. Ако веќе Рамковниот договор е договор помеѓу албанскиот и македонскиот политички фактор, тогаш и овие закони треба да бидат договор помеѓу албанскиот и македонскиот политички фактор, затоа што вие не о читате буквално Рамковниот договор, туку зборувавте за некаков дух кој што го гледаат од едн страна албанците на еден начин, од друга страна македонцие на друг начин. Факт е дека СДСМ во преговарањата недоволно или воопшто не ги заштити интересите на македонците во Струга, интересите на македонците во Кичево и воошто сето ова со конципирањето на овој закон го сведе на еден политички пазар кој што беше јавно презентиан на следниот начин. Струга да остане во постојните граници, Велешта, Лабуништа, Луково, Делогожди да останат надвор од Струга. Беше пуштено пед пет шест

месеци како една можност, како што е веќе договорено со ДУИ. Потоа продолжија преговорите Струга да биде цела, Кичево да биде само со Осломеј без Зајас, Вранешница и Другово. Потоа, продолжи пазарењето. Скопје да биде двојазично, Струга да остане во сегашните граници, но Кичево да биде во сегашните граници без Зајас, Осломеј, Другово и Вранешница. На крајот што се случи, само направете споредба меѓу предлогот на законот во прва фаза кој што ни беше овде доставен, каде што Струга, Кичево беа во овие граници кои што ги имаат заедно со Зајас и Осломеј заедно со Велешта, Лабуништа, Луково и Делогожди, а Скопје беше еднојазично. Пазарот како е направен. Струга си остана како во првичниот предлог. Скопје од еднојазично стана двојазично а Кичево остана на одреден временски период во сегашните општински граници, а селата Осломеј, Зајас, Другово и Вранешница ќе се припојат кон Кичево по четири години. Меѓутоа, ова не е договор господа, ова е само уште еден факт дека СДСМ му попушти на ДУИ и прифати Скопје да биде двојазично, Струга да биде со доманантно албанско население, Кичево исто така да биде со доминантно албанско население односно прифати градоначалниците на Струга, Кичево да бидат од редовите на албанците, а тие 20% кои што се ставени во Скопје да гласат за кандидатот за градоначалник за Скопје, од редовите на Социјалдемократскиот сојуз и неговите коалициони партнери. Тоа е договорот што го правите и тоа треба јасно и гласно да го кажете овде на целата македонска јавност. Ова е сето она што се заснова на изјави на премиерот на Владата на Република Македонија изјави кои што се засноваат на господинот Бранко Црвенковски и сите оние изјави кои што дојдоа од различни извори во текот на тие пазарења за овие општини. Значи, вие не правевте закон, вие утврдувавте граници, на доминација на албанците, каде што албанците каде што албанците ќе имаат градоначалници и советници, односно упрва, локална власт, а каде македонците ќе имаат локална власт.

Меѓутоа, онаму каде што објективно не беше можно албанците да имаат градоначалник или мнозинско советници, таму што се случи? Таму се направи групирање на албанците над 20%   со цел да се обележи тие општини дека некогаш во иднина ќе кажувате дека сте имале некакви историски незнам, албански традиции.

Заради сите овие работи, сметам дека принципот од кој што тргнала власта при донесувањето на овој закон е чисто етнички, политичко-пазарџиски, и на овој начин само се нарушува унитарниот карактер на Република Македонија, мултиетничкиот карактер кон кој што се стреми Охридскиот рамковен договор и дефинитивно се овараат можности за нарушување на мирот и стабилноста во Република Македонија. Па што треба повеќе да се случи. Имате нон стоп протести, имате случувања кој што пред овој предлог кој што го дадовте воопшто ги намачи. Кој ги направи тие. Ги направи оној кој што го предлага овој закон, кој што е заснован на етнички пристап. Зборувате македонците, едно албанците друго. Зошто не прифатите принцип во кој што објективните критериуми ќе доминират при конципирањето на општинските граници. Зошто не ги тргнете тие етнички димензии, и тогаш да видиме дека навистина сте  за граѓанска Македонија и за Македонија која што согласно Уставот на Република Македонија има суверенитет кој што му произлегува, на граѓанинот, на државата преку институциите на системот му гарантира почитување на тие човекови права и слободи. Значи, ова за вас не треба да се случи.

Овде сакам малку да проговорам и за односот на меѓународната заедница кон ова прашање.

Јас сум свесен дека меѓународната заедница. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојаноски, тоа ќе ви биде втора дигресија. За односот на меѓународната заедница, говорете за текстот на законот. Продолжете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Г-дине претседателе, кога се повикуваат на изјави на сите меѓународни фактори тогаш не е дигресија, кога некој ќе зборува за суштински прашања, тогаш зборувате за некакви диграсии. Од каде знаете што ќе кажам?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Меѓународнот фактор не учесествува во овој закон.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Од каде знаете што ќе кажам? Зборувам за законот за децентрализација .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, затоа и велам, не зборувате за законот, втората дигресија е меѓународниот фактор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ако ви е потребно да ме прекинувате нема проблем, меѓутоа, оставете ме кога ќе завршам со сите ваши дигресии кои ќе завршат кажете Ви го одземам зборот, само оставете ме да зборувам раат.

Значи, кога зборуваме за односот на меѓународната заедница кон процесот на децентрализација во Република Македонија кој не претставува само донесување на Законот за територијална поделба на Република Македонија, туку вкупно во однос на сите оние закони кои значат финансирање на локална самоуправа незнам, надлежности од областа на урбанизмот, од областа на социјалната заштита, образованието итн. Тогаш единствено нешто што мора да го кажеме дека сите ние сме согласни дека децентрализација мора да се направи, мора да заврши и таа мора суштински да претставува пренос на надлежности од централната на локалната власт.

Меѓутоа, цртањето на границите вие го ставивте како главна поента на процесот на децентрализација. Зошто не зборувате колку пари ќе требаат за тие општини, колку пари ќе се обезбедат со новиот закон за финансирање, од каде ќе бидат тие извори на средства. Зборуваме до каде ќе се зборуа албански јазик, каде ќе биде градоначалник албанец, каде ќе биде градоначалник македонец.

Уште еднаш ќе повторам, меѓународната заедница бара од на да го донесеме пакетот на закони за децентрализација. Договорот во однос на пакетот закони за децентрализација не значи целосно менување на границите на општините врз етнички принцип, тоа апсолутно не значи. Тоа значи дека Владата на Република Македонија, коалиционите партнери кои партиципираат во неа заедно со опозицијата, заедно со стручната јавност, заедно со јавноста воопшто треба врз основа  на јавна расправа, врз основа на политички принципи, врз основа на објективни критериуми, врз основа на податоци кои ќе ги собере Министерството за локална самоуправа и ќе ги презентира тука пред сите нас да направиме кројка на општини во Република Македонија кои ќе

функционираат како општини со целосно задоволување на локалните потреби на правата и слободите на граѓаните кои треба да ги остваруваат на локално ниво.

Што направивте вие? Вие ги сцртавте границите кои поврзуваат општини со доминантен етнички пристап, а тоа што значи? Ако ги споредиме тие работи, со заложбите кои беа кажани од министерот за локална самоуправа дека следниот чекор е окрупнување на општините, тоа дефинитивно значи окрупнување односно институционализирање на соработката на албанските општини помеѓу себе, а тоа што е? Како сакате да го наречеме како федерална единица, како кантон, како што? Посебно што тие се територијално поврзани.

Посебно ако се има во предвид дека сите оние општини што се спорни многу личат на општините кои биле граници во некои историски периоди.

Ако зборуваме за доверба, тогаш довербата можат да ја имаат и македонците и албанците и сите етнички заедници само врз основа на еден единствен пристап, а тој пристап е почитување на Уставот и законите во кои се решени сите прашања кои се однесуваат и на албанците и на другите помали етнички заедници и кои се однесуваат на правата и слободите на човекот и граѓанинот на Република Македонија.

Исто така институциите на систмеот со својот капацитет, со квалитетот на својата работа, со својата експедитивност се тие кои треба да обезбедат примена на овие прописи и на тој начин да зборуваме за вистинско владеење на правото, вистински начин на стекнување на доверба врз основа на прописи кои се донесени во овој Парламент.

Вие зборувате за доверба која е градена и таа постои, таа е доверба помеѓу луѓето, таа доверба помеѓу соседите, таа е доверба меѓу колегите на работните места, независно од нивната етничка припадност. Меѓутоа, довербата како колективитет, може да произлезе само од почитувањето на Уставот и законите на Република Македонија и од квалитетното функционирање на институциите на системот. Тука секако го вклучувам и судството како еден значаен коректор, трета власт која треба да даде свој придонес во создавањето на таа доверба, довербата кон институциите, кон државата и меѓусебната доверба меѓу етничките заедници меѓу Македонскиот народ и етничките заедници.

Затоа, локалната самоуправа или локалната власт треба само да придонесе за градење на овој начин и овој пристап во функционирањето на општинтие односно не врз

етнички, туку квалитативен приод, пристап да се овозможи на граѓаните во целост да ги остваруваат своите барања до општината, своите барања за изградба на канализации, водоводи, за отворање на училишта онаму каде што нема, за реализација на други потреби, кои влегуваат во надлежност на локална самоуправа.

Од тие причини уште еднаш етничкиот пристап претставува фактор кој значи нарушување на овој принцип на владеење на правото на локално ниво и на создавање на квалитетни основи за иднината на локалните заедници односно на општините.

Друга работа зошто овој закон сега и веднаш. Зошто не се остави време, па да се објасни малку за тоа кои се оние работи кои во овој закон не чинат еве тука низ оваа расправа се кажаа многу работи, кажаа МАНУ, кажаа многу стручњаци, медиуми, имате протести, имате референдуми, почитување на волја на граѓаните исто така треба да биде еден фактор кој треба да влијае во конципирањето на овие решенија. Зошто сега и веднаш? Зарем не треба да се знае првин што ќе работат тие општини, зарем не треба првин да се знае колку средства ќе имаат обезбедено, зарем овој парламент не треба прво да го донесе законот за финансирање на тие општини и оттука да се тргне во кроењето на општинските граници. Јас сум свесен дека Владата го имала тој принцип, сигурно дека Владата прво мислела колку средства се потребни за да опстои една општина, меѓутоа, Владата го немала принципот прво да ги крои општините, па после да утврдува колку пари треба за која општина. Таа не можеше да знае пред еден месец дали Кичево ке биде со 4-те општини заедно, или ќе биде посебно Кичево, а посебно другите општини. Значи не можеше да утврди колку пари се потребни за функционирање на таа општина. Значи, логиката е нарушена. Нема логика.

Нема логика прво да ги крои општинските граници, затоа што пристапот што го имала Владата треб да го има и Парламентот. Ако ние го донесеме овој закон за територијална поделба, а не го донесеме, што не ми се верува, Законот за финансирање на општините, што тогаш, за кави општини. Или ако се направи изменување во проценките за финансирање. Значи, сето е направено брзо, сега и веднаш, не заради функционална децентрализација, не заради кроење на општински граници кои што ќе значат квалитетна локална самоуправа туку заради прашањето на етничкото амортизирање на албанците во Македонија заради решавањето на Косовското прашање

во текот на идната година. Ако не е така, тогаш пред овој закон да биде предложен пред овие закони што се однесуваат на децентрализацијата да бидат предложени во овој Парламент албанскиот политички фактор ќе беше тој кој што ќе се заложеше да се одбележи границата со Косово. Вие треба тоа да го направите за да овде ние многу порелаксирано да дискутираме за овој закон. Тоа е јасно кажано и од многу меѓународни институции дека мора во Македонија децентрализацијата да заврши оваа година, затоа што наредната година треба да се реши статусот на Косово. Немојте и ова да го демантирате, сакате ли да ве цитирам?

Меѓутоа, со сите овие работи кои што ги кажав сметам дека е многу непријатно да се создаде чувство кај македонецот, кај македоснкиот граѓанин дека Македонија е заложник на Косово. Треба да се најдат начини да се види дека решавањето на статусот на Косово нема да влијае на Република Македонија и од овие причини оваа децентрализација да се свати како вистинска функционална децентрализација, а не како кроење на некакви граници кои што ќе значат федерализација или контонизација на Република Македонија.

Не слушнавме доволно аргументи во овој правец. Јас не сакам да претпоставувам, меѓутоа, многу добро ќе беше дококу овие закони беа донесени со аргументи кои што ќе ни дадеа убедување, ќе не убедеа дека процесот на територијална органицација на Република Македонија апсолутно зависи само од внатрешните потреби на Република Македонија, а не и од некакви регионални решенија кои што треба да следуваат идниот период. Меѓутоа, тоа е тоа. Ние сме свесни дека како што беше за тетовскиот универзитет, за бришењето на македонците од Законот за државјанство и многу други такви работи постојано ќе слушаме дека од овој закон зависи иднината на Република Македонија, ако не биде овој закон Македонија ќе се распадне, ќе нема мир и стабилност итн. Меѓутоа, јас ќе ве прашам и ќе ве потсетам на вашите обврски кои што ги имате преземено. Што ќе зборувате кога ќе дојде на дневен ред Законот за грбот и за химната на Република Македонија. Што ќе зборувате овде, со кои аргументи ќе настапите кога ќе дојде на дневен ред законот за употреба на јазиците . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова веќе ви е трета дегресија, се извинувам, ова нема врска што ќе се зборува за во иднина.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВКСИ:

Значи, ова нема последно да биде, тоа јасно да биде. Треба да го кажете пред јавноста и да ги кажете сите обврски кои што треба да се реализираат, меѓутоа, јасно и гласно без манипулација.

Инаку, морам да го изразам и незадоволството што е еден од главните преговарачи за донесувањето на овој закон, г-динот Али Ахмети, воопшто од почетокот досега не е влезен во овој Парламент додека трае расправата и за амандманите и за овој закон. Значи, ние се договоривме вие бидете извршен орган на она што ние го договоривме. Меѓутоа, факт е дека со пристапот при концепирањето на Законот за територијална органицација, со договарањето надвор од институциите на системот односно надвор од овој Парламент, надвор од Владата, преку договарање на политичките партии дефинитивно се алоцира суштинската институција каде што треба да се носат одлуките. Зошто го зборувам ова?

Затоа што одлуките можат да се носат во Владата на Република Македонија како предлагач во Собранието на Република Македонија. Јас незнам во која функција како сопартиски делегации во Маврово се одлучуваше за конципирањето на општинските граници. Значи, тоа е меѓупартиски договор.

Меѓутоа, зависно од ова, нема многу да должам сакам само да демантирам уште една теза која што постојано тука се зборува, а тоа е до 1996 година, ние имавме 34 општини и тие општини беа сите со околни селски населби, заедно со градовите и итн. итн. Имавме една голема општина, 34 големи општини кои функционира како што функционираа и сега тоа е аргумент кој што се користи дека албанците бараат враќање односно како аргумент го користат тоа - ние бараме враќање на таа територијална поделба затоа што на тој начин и албанците и македонците беа заедно во една општина. Меѓутоа, јас ќе ве потсетам на една работа. Мешате баби и жаби. Општините во тој период беа општествено политички заедници. Тогаш имаше само една партија која беше на власт и која одлучуваше и запоставувањето на тогашните претседатели на тие

општини и на извршните одбори на тие општини и на тој начин кадровската поставеност беше централизирана. Значи, не зборувавме за децентрализирана власт, туку зборувавме за централизирана власт која имаше ингеренции кои произлегуваа од тогашните закони и ако не се почитуваше некаква политичка насока од центарот на ЦК или другик претседателства што имало, тогаш тој претседател на Извршниот одбор или тој потпретседател или секретар ќе бил сменет. Со тоа завршувале сите приказни.

Меѓутоа, сега зборуваме за една сосема друга димензија. Сега зборуваме за изборни ингеренции на општините. Зборуваме за тоа дека оној кој ќе биде избран за градоначалник не може да биде сменет од никој, оној кој ќе биде избран за советник или мнозинство советници нема да можат да бидат сменети, тие ќе именуваат началник на полиција, тие ќе именуваат началник на урбанизам, тие ќе именуваат директори на основните училишта, незнам за средните како се имаат договорено политичките партии од власта, директори на детските градинки, домови за стари лица итн. итн.

Меѓутоа, тие тоа треба да го прават врз основа на Уставот и законите на Република Македонија. Ако не го прават согласно Уставот и законите или ако носат решенија, тогаш второстепено треба да одлучува Владата на Република Македонија или евентуално Уставниот суд ако се работи за опш акт донесен од страна на советите на локалните единици. Меѓутоа се плашам да не се случи она што се случи 1997 година, кога Уставниот суд донесе одлука, па Владата мораше со половина МВР да оди во Гостивар да ја реализира таа одлука.

Значи, ако зборуваме за функционирање на институциите на системот, тогаш немаше да имаме проблем, ако функционираа институциите на системот. Факт е дека функционираат политички центри кои одлучуваат и ќе му дадат насоки. На пример, ДУИ кандидира градоначалник на Струга, да речеме. Бидејќи е мнозинство од населението се албанци може да биде избран од страна на албанците и тој чии насоки ќе слуша? Мислите дека градоначалникот и од неговиот избор ќе биде израз на волјата на граѓаните и реализација на нивната волја? Тоа ќе биде исто што го правите сега како насоки што им ги давате на албанците да не излегуваат на референдум. Тоа е политичка насока. Тоа не е лично мислење на секој поединец.

После именувањата ќе бидат исто она како сега ги именувате во Кичево на пример во Министерство за здравство, во Министерство за транспорт и врски, секаде онаму каде имате ваши министри. Колку македонци имате поставено во Кичево во Тетово, за да покажете дека освен онаму каде имате ,многу силен притисок добиено од коалициониот партнер.

Значи, кадровските решенија.. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојаноски, бидејќи ми рековте можам да ве прекинам кога ќе треба, ве прекинувам. . .

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

А што не е во темата?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е во темата, бидејќи дискутирате и поставувате вработување, благодарам. Вие рековте дека можам да ве прекинам кога мислам дека е време, а веќе еден час доволно кажавте.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ќе го задржам правото да се јавам повторно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема проблем.

Само во врска со тие 34 општини г-дине Стојаноски очигледно од 1990 до 1996 година излгеда не сте биле тука.

Првиот за реплика е г-динот Есад Рахиќ, повелете три минути.

ЕСАД РАХИЌ:

Г-дине Блаже, бидејќи по некоја случајност сме малку земјаци, а и генерациски сме близу, ќе се обидам да кажам неколку работи за да во текот на понатамошната расправа ги употребуваш или не ги злоупотребуваш.

Прикаската дека илјада пати повторена лага што еден г-дин шармантен Гебелс ја кажал и вие сметате дека е тоа вистина, во овој случај станува илјада пати повторена лага станува хиперлага. Престанете да го злоупотребувате името на претседателот на

СДС, поранешен, сега претседател на Република или министерот за одбрана во вчерашните дискусии, дека сакаат да ја продадат државата. Познавајќи ги нив двајцата лично, сигурен сум дека и г-динот Црвенковски и г-динот Бучковски сметаат дека со овој Предлог-закон ќе направат најдобро за Македонија затоа што сум сигурен дека своите деца Марија и Љупчо, Дамјан и Виктор нема да ги остават без татковина. Затоа ќе ве замолам во идните дискусии да го прескочите тоа.

А, сега ќе ви кажам за неколку ваши пријатели што правеја во претходсниот период:

Еден  ваш лидер кога се досели во Скопје, не купи куќа во Тетово каде што почна 1991 година политичка кариера туку купи на Водно. Неговиот најблизок соработник станот во Чаир го издаде и живее во центар. Вашиот републички јавен обвинител го продаде станот во Чаир и живее во станот во Карпош, мал стан е, некаде околу 200 квадрати, а се влегува во станот директно со лифт. Еден заменик министер, боксер во слободно време, во паузата помеѓу бокс мечевите со министерот на тогашната Влада купи стан, но не во Топанско поле и Чаир, туку купи стан во Карпош. Еден ваш советник кој што има подготвено материјал за да каже како етнички го чистиме Чаир ја продаде куќата во Чаир и купи стан во Карпуш три.

Затоа би ве замолил да не ги злоупотребувате овие тези што цело време ги пласирате, затоа што вашиот градоначалник во Чаир, државното земјиште спроти општината го испарцелизира и го продаде исклучиво на албанци. Ве молам, во интерес на вистината, кога зборувате за нешто, зборувајте за Прилеп. Зборувајте за местото што јас и вие го знаеме добро. За Скопје и околината, ве молам оставете нека зборуваат оние кои тоа подобро го знаат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Стојановски повелете, имате една минута контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине Рахиќ, г-динот Црвенковски не ја продава Македонија, се согалсувам. Тој, без наговест дава се она што ќе побара ДУИ.

А, во однос на начинот на кој што зборувате за поединци во Парламентот, јас ќе кажам дека искажавте две работи:

Прво зошто на албанци им биле дадени плацеви. Со тоа докажавте дека ВМРО нема ништо против албанците. Напротив, ВМРО сака принциелен однос во Република Македонија .

Втора работа, со именувањето на најразлични поединци, само покажувате на кој начин функционирате. Јас зборувам за политички прашања, а не зборувам за поединци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-ѓо Иванова имате реплика од три минути.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Благодарам г-дине претседателе,

Колега Стојановски, со говоров по илјадити пат покажувате дека е многу лесно да се напаѓа, тешко е нешто да се прави. Има многу за реплики, меѓутоа избрав неколку моменти:

Прво, кажавте дека Рамковниот договор е дефектен.

Колега Стојановски, Рамковниот договор го потпишаа и мојот лидер и вашиот лидер. Доколку бил дефектен или не требало да го потпишат или требало да бараат посоодветно решение.

Второ, многу сум радосна од вашата изјава дека за прв пат констатирате дека Рамковниот договор има етнички пристап, дека цел на Рамковниот договор е да го реши меѓуетничкиот судир и дека мора оваа работа со Рамковниот договор, односно меѓуетничкиот судир да се неутрализира, да се нормализираат односите.

Па тогаш, колега дали не значи дека сите обврски што произлегуваат од Рамковниот договор имаа етнички призвук и од тоа нема бегање.

Понатаму, сакате да кажете  зошто овој закон сега и веднаш се донесува. Колега,овој закон, според Рамковниот договор требало да го донесеме кон крајот на 2002, а сега сме 2004 година.

На крајот немојте, да не потсетувате на непријатните чувства за обврски што сме ги зеле заедно и вие и ние. Само, разликата е сега што ние сме во позиција да ги

реализираме, имплементираме, а вие сте во позиција да ги напаѓате, ширите популизам. Ова е многу сериозно колега, затоа што можеме да се враќаме така ако наседнуваме на овие провокации се назад и назад и никако да тргнеме напред за да ги решаваме животните проблеми.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате г-дине Стојаноски

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Првиот дефект е, вие сте правник, знаете дека дефектен е секој оној договор што е постигнат со сила, затоа што тој не е израз на волјата на страните, туку едната волја е дефектна, принудена да потпише договор.

Меѓутоа, независно од тоа тој претставува навистина етнички договор, односно договор помеѓу македонците и албанците за иднината на Република Македонија и сите ние треба да најдеме на!чин како да го имплементираме и Република Македонија да ја направиме согласно Рамковниот договор. А, тоа значи унитарна, мултикултурна држава во ќе има мир и стабилност.

Дали вие сметате дека со овој закон се прави мултикултурна или биетнична Македонија и дали со овој закон Република Македонија останува унитерна или се федерализира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули имате три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

За жал, не можеме тука да се убедиме две недели, но за жал сеуште некој јава на националистичка и пред се шовенистичка реторика во Собранието, што е недозволиво за еден пратеник без разлика на која партија припаѓа.

Г-дине Стојаноски, ве молам, заборавете ги сеништата на минатото. Не и донесе тоа многу добро на Македонија. Дајте, во интерес на сите да работиме во интерес на граѓаните. Две недели, три недели прашувам овде чии инереси застапувате? Кој ви дал мандат да мавтате со националистички пароли и милитантни реторики? Немате мандат за такво нешто. Не може нешто што е веќе договорено, потпишано и низа на закони

спроведено, вие сега сакате да го вратите тркалото на историјата назад. За жал, таквите политичари минатото ги фрли во сенка. За такви политичари нема место и во ова Собрание и во иднината, на сите оние кои мислат добро на Македонија. Престанете со заплашување на граѓаните на Република Македонија . Не ви личи ни како пратеник, без разлика од која партија сте, дали сте на власт или опозиција.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете лг-дине Стојаноски една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Кога зборувате за национализам, шовенизам, не знам дали зборувате за мене или за вашите коалициони партнери од ДУИ. Не знам кој со оружје во рака дојде во Парламентот.

А, ако зборувате чии интереси ние застапуваме, уште еднаш ќе ви повторам ние ги застапуваме инересите на Република Македонија со вкупниот капацитет на нивните права и слободи што им се гарантирани со Уставот на Република Македонија , меѓу кои е и правото на референдум и правото што тие го остварија, а вие не го почитувавте и кое што сега повторно го остваруваат заради тоа што мора да го почитувате согласно Уставот на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Гешоски повелете, имате три минути.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Колега Стојаноски, навистина три минути се малку да може да се реплицира на сите ваши тези што ги поставивте во вашиот говор што навистина имаше реторика што треба да биде надмината или реторика што вашата партија или членовите од вашата партија ја практикуваа пред 10 или 15 години. Меѓутоа, тоа е ваш проблем, бидејќи е очигледно, од она што го говорите, вие сте оптоварени со предрасудите што ве гушат и неможете да ја согледате реалноста.

Јас би сакал да реплицирам на делот кога говоревте за генезата на Рамковниот договор и вие секогаш милувате да кажете дека врз Република Македонија беше

извршена агресија и тоа е причината поради која што донесе Рамковниот договор. Меѓутоа, има и една друга вистина на која што, иако не сакаме да се навраќаме на минатото, очигледно е дека мораме да се потсетуваме.

Имено, со доаѓањето на власт на вашата Влада и вашата партија во 1998 година и признавањето на Тајван, заминувањето на Мисијата на ОН што беше гарант за мирот во Република Македонија во тој период, преку партизирањето на безбедносниот систем односно бркањето на професионалците од одбранбениот и безбедносен систем на Република Македонија , сето тоа доведе до ерозија на безбедносниот систем во Република Македонија. Паралелно со уривањето на безбедносниот систем цутеше криминалот и корупцијата. Срамната продажба на ОКТА и на Телеком и очигледно некој имаше погрешна проценка во вашата партија дека на тој начин можат да се прикријат трагите за криминалот што го правевте. Меѓутоа, после конфликтот не можевте само вие да ги прикривате трагите и да профитирате, туку мораше да има и некој друг кој направил свои сопствени калкулации.

Велам, три минути се премалку, меѓутоа доколку дозволува времето, јас колега Стојаноски би ви раскажал што опејува познатиот Матија Бечковиќ во една од своите поеми. Имено, кажува дека во северните краишта живее една од најопасните сорти на волци кои, меѓутоа, мудрите ловци нашле начин како да ги уловат ваквите волци. Имено, во снегот псотавуваат кама натопена во крв и така, тој страшен волк доаѓа и почнувајќи да лока од крвта фактички ја лока сопственат акрв од ножот. Е, кога на толку страшните и опасни волци се ловат на таков начин што ја локаат и се гушат во сопствената крв, размислите колку нам, како народ ни е потребно да ја локаме сопствената крв за да излеземе на вистинскиот пат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Гешоски.

Повелете г-дине Стојаноски, имате контра реплика од една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Г-дине Гешоски јас сеуште не сум сигурен, меѓутоа неможам да разберам од кои причини се јавувате за адмокат на ДУИ. Има пратеници, ќе кажат во нивно име. Меѓутоа, ќе ве потсетам за 1999 година, ќе ве потсетам за решавањето на интервенцијата на

НАТО на Косово, ќе ве потсетам на донесувањето на Законот за високо образование, на вашето однесување на вашата политичка партија и пред Америчката амбасада и на многу други начини. Можам да ви доставам весници што ќе ви кажат какви изјави имаат тогаш вашите челници, а сега зборувате нешто сосема спротивно.

Ве молам, немојте со демагошки изјави еднаш едно, друг пат друго, зависно од дневно-политичките потреби да аргументирате работи што немаат аргументи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Аднан Јашари, три минути контра реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам г-дине претседател,

И вчера во мојата дискусија, во кратки точки се задржав на принципот што за жал од опозицијата Макеоднска се обидуваат лошо да се интерпретира. Територијалната организација од етнички прашања неможе да биде законска, затоа што овој закон се организира Македонија во единици во локална самоуправа. Нагласениот принцип не создава политички единици како оперативни единици, затоа што г-до колеги единиците на локалната самоурпава, како што се општините се дефинирани како заедници на граѓаните кои живеат на одредена територија. Прочитајте го член 2 алинеја 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа. За да се згази овој принцип треба да се разбере нешто друго. Но, јас ве разбирам вас сосема, дека имате друга цел, а тоа е да се вратите на власт.

Г-дине колега, вашата тенденција да се вратите на власт врз основа на вашите хипотетични критики врз етнички основи на прагот на 21 век, во времето кога сите имаме за цел ЕУ, навистина е срам од посебен вид.

Од друга страна, на перманентен начин вие велите дека вие не сте против албанците. Една латинска сентенца вели - Никој нема право да се повикува во заштита на својот срам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски една минута контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Мој страм не се албанците. Напротив, цело време кажувам и преку говорницата дека албанците  треба да ги уживаат правата што им следуваат согласно Уставот и законите на Република Македонија . Дека општините треба да се конципираат токму онака како вие го цитиравте законот за локална самоуправа, како заедници на граѓаните, а не заедници на етничките колитивитети.

Воведувањето на етничкиот пристап вие дефакто го анулиравте граѓанинот како носител на правата што му следуваат во локалната смоуправа.Ако сметавте дека окрупнувањето на општините е принцип што треба да биде прифатен како објективен принцип во овој закон,тогаш немаше да биде само Струга, и ќе беше и Струмица и други градови кои немаат албанско население. Или, како Кичево за 4 години останува исто, а по 4 години ќе исполнувал некои критериуми. Смешно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Агим Џемили имате реплика, повелете три минути.

АГИМ ЏЕМИЛИ:

Благодарам г-дине претседател.

Почитуван колега Стојаноски, нудите лекции, дури и модели за територијална организација на Република Македонија и се поврзувате со албанците. Незнам колку пати сте ги спомнале албанците. Албанците и не само албанците. Како албанците да се дежурни виновници.

Ве прашувам, овој закон да не се донесува само за албанците?  И Охрдискиот договор е облагиционене само за албанците? Тогаш зошто правите референдуми и блокади и граѓаните од источна Македонија, кога вие знаете дека таму албанци нема. Или, да не сакате да создадете задоволство во несреќата на другото, одземајќи ги правата на другите? И, доколку, почитуван колега навистина вака размислувате, жалам, но сум принуден да кажам дека вие сте едно младо момче со застарени размислувања.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Зошто не зборувате за факти? Вие признавте дека применувате етнички пристап при кроењето на општинските граници, а не мултиетнички.

Инаку, кога зборувате за правата на другите и на нашите и на вашите и самиот начин на кој што дискутирате како политичка партија, ве уверувам дека е терминологија имаментна на 19 век, каде што колективитетите се битни а не е битен граѓанинот, индивидуата. Јас размислувам за иднината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Грковска имате три минути реплика.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Благодарам претседателе,

Г-дине Стојаноски велите:- бидејќи локалната власт е суштинска, тогаш е многу битно дали градоначалникот ќе биде од оваа или од онаа етничка заедница. Оваа една ваша реченица ги открива вистинските побуди на  вашите реакции за законот. Открива дека вашите аргументи не се рационални, туку ксенофобични и тоа е трагичното. Зошто мислите, дека еве на пример, градоначалникот на Гази Баба е добар ако асфалтира улица, ако прекскокнува три куќи заради тоа што луѓето кои живеат таму се членови на СДСМ, и понатаму продолжува. Зошто мислите дека тој е добар градоначалник? Само заради тоа што е македонец. Наместо како претставник на политичка партија да се залагате не само вие, и ние и сите заедно да имаме во предвид дека со сегашните ингеренции мора да се трудиме да изградиме нов лик на градоначалници кои ќе бидат одговорни и кои ќе ги застапуваат вистински и реално интересите на граѓаните.

Меѓутоа, страшното е што вашиот профил на градоначалник е токму како градоначалникот на Гази Баба. Тоа е страшното. Меѓутоа со оглед на вашата дискусија не ме ни изнедува овој факт толку многу.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседател, јас сакам да реплицирам на следнито начин. Ајде кажете ми, каков проблем има во Струга градоначалник да биде македонец, а во Струга се создава вештачки албанско мнозинство. Кажете ми, зошто Кичево по 4 години го спојувате со сите околни општини каде мнозинството се албанци. Дали заради тоа што албанците веруваат дека градоначалникот македонец ги застапува интересите на албанците и на македонците или заради тоа што сакаат албанец што сака да ги застапува интересите на албанците и на македонците ако македонците имаат доверба дека тоа така ќа биде. Меѓутоа, она што  може да се случи, она на што ние предупредуваме дека етничкиот пристап, дали ќе биде албанец или македонец не е битно, битно е да биде градоначалник на општина која што е функционална и која што има суштинска  децентрализирана власт, која што не е зависна од централната валст.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојаноски.

Повелете г-дине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сметав дека требаше да реагирате на репликата на госпоѓицата Славица Гркова која се обиде преку говорницата да ја злоупотреби практично репликата и да дискутира за градоначалникот на Гази Баба кој што воопшто не е предмет на оваа дискусија. Дали дискутирав пред СДСМ или не практично самата госпоѓица кажа дека триипол километри  кои што направи два километри и две години го користат граѓаните, сеуште го нема видено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановкси, дај сега да не ги извадиме стенограмите, кои се што кажал. Овде имиња не се спомнаа. Овде се  дадоа примери. И г-динот Блаже Стојаноски даваше примери. Пример по функција дека градоначалник македонец не значи дека ќе биде добар или ќе биде лош.

Повелете г-дине Најдовски, имате реплика.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Добро, согласно Деловникот сакате реплика, сакате пообјаснувања, дообјаснвуања.

Господинот Стојаноски изнесе една реченица на која што реплицираше госпоѓицата Грковска, рече дека градоначалникот кој ќе биде избран со гласовите на албанците ќе ги заштитува албанските во Струга. Сега, аналогно се поставува прашањето дали постоечкиот градоначалник на Струга ги штити интересите на албанците и чии интереси штити. Од едноставна причина да се потсетиме на последните локални избори во првиот круг беше втор на листата, мислам првиот круг на избори. Во вториот друг победи убедливо со гласовите на ДПА односно на албанците, на начин на кој што победи тогаш. Дали сега во овој случај тој плаќа нечија цена, дали тој враќа нешто, ако аналогно така размислувате како што изнесовте г-дине Стојаноски во својата дискусија, бидејки, уште еднаш ќе потсетам е избран, ако не се лажам некаде со две илајди гласа губеше во првиот круг и е избран со гласовите на ДПА затоа што кандидатот на ДПА во привот круг имаше многу повеќе гласови неговите гласачи вов ториот круг ми се чини му дадоа само 300 гласа. Сите други гласови ги префрлија на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ сегашниот градоначалник. И, аналогно на она што дискутирате вие сега, тој сега штити интереси на албанците.

Мислам дека погрешно ја водиме таа теза и таа расправа и дека се отвора можеби и главното споредно прашање кое што на граѓаните им се сервира, а овде јавно барем до сега не е кажано. Сметам дека таквито начин не е добар.

Благодара,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Блаже Стојаноски имате една минута кнотра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Па, овој начин што го зборувате, јас би ви поставил контра прашање. Дали со овој закон значи дека Бранко ги плаќа долговите кон ДУИ за претседателските избори.

А во однос дали градоначалник албанец, македонец самиот пристап што го имате, етнички во законот зборувате за колективитети, а не за граѓанин, за колективитети, и тука е главниот дефект на овој закон, што не се поставува граѓанинот во центарот на вниманието на овој закон како човек кој што треба да ги реаизира сите потреби на локално ниво, а не дали е тој албанец, босанец, ром. А, вие признавте дека имате етнички пристап кон овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара реплика.

Господине Рафис Алити, повелете, имате реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе, навистина претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, претходно беше спомнато дека ќе имаме театар и навистина се гледа дека бившите партнери од коалицијата им рекле дека ќе има театар и тој театар го реализираат во овој Парламент. За среќа нивната тенденција овој театар  да го пренесат на улиците во Републиката не успеаа бидејќи граѓаните имаат една повисока свест отколку тоа што се случува овде.

Господиен Стојаноски не само што се занимававте само со граниицте или пак територијалната организација туку се занимававте и сонашите соседи односно границите со нашите соседи и т.н. Јас е го потсетам г-динот Стојаноски дека ние албанците никгоаш не сме го негирале својот идентитет и секогаш сме биле тоа што сме што сме се декларирале како албанци и то тоа не бегаме. Сите албански партии доколку видите иќе ги прочитате нивните политички платформи, приоритет им дадоа на интегритетот на албанците во оваа држава, што значи ние  браќа по крв ги имаме албанците во Албанија но ние нашата иднина ја градиме тука во оваа држава.

Господине Стојаноски ние и веруваме на оваа политичка гарнитура на СДСМ која што јасно вели дека треба да ја градиме  Македонија во духот на Крушевската Република на АСНОМ и на Охридскиот договор. И, ние на оваа работа и веруваме. Се поставува прашањето бидејќи вие во текот на вашата дискусија, дека ова е договор меѓу албанците и македонците врз етнички основи за новата територијална организација се поставува прашањето, кои се интересите на ВМРО, чии интереси ги брани ВМРО, на Македонија илина некој друг. Не слушнав ниту еден збор да зборувате за проблемите што ги има

државата со другите соседи туку велите доколку пости мал проблем со Косово и Албанија тој проблем да го зголемите. Нешто што не е во ред.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Многу кратко ќе кажам. Инсистирањето на третманот на албанците како народ и покрај уживањето на сите права и слободи односно тргнувањето на страна на принципот на индивидуалитет дефакто претставува основа за федерализација на Република Македонија затоа што само федералните држави имаат два народи во својот состав кои што живеат едниот во едната другито во другата федерална единица и имаат заедничка федерална држава чии функции се дефинирани во Уставот на таа држава.

Од тие причини сметам дека граѓанскиот принцип на функционирање и на поставеност на РМ треба да го прифатите и врз тој принцип да се градат различностите и да можат секој оној кој што е албанец, турчин, ром, србин, македонец и т.н. да може да ги искажува сопствените културни, историски и т.н. традиционални потреби и барања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој кој што се пријавил, а не сум го прозвал за реплика, има ? Нема.

Кенан Хасипи не гледам дека е тука, него избришете го, избришете го г-динот Тито Петковски, г-динот Трендафилов не е тука.

Господине Србиновски, повелете имате збор.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарма почитуван претседателе, моментално во нашата држава постои еден збор кој ги вознемирува сите граѓани, а тоа е зборот поделба. За да се сменат нештата нека си остане као што било досега. Срамота е во оваа држава да се играат детски игри. Тоа го кажуваат многубројни референдуми, многубројни протести, многубројни интелектуалци. И во секое кафеанче и во секое собирче, секаде овој збор се употребува. Затоа викам, за да престане овој збор да се употребува нека си остане по нештата и нека се сменат нештата и нека си остане како што било досега.

Почитувани дами и господа, во ова мое обраќање ќе се обидам максимално конкретно не навраќајки се на сите аспекти и причини поради кои сметам дека предложенито закон за територијална организација во моментов е крајно непотребен и штетен за Република Македонија.

Ќе се осврнам исклучиво на предложениот текст кој сам по себе е доволно контрадикторен, конфузен, непринципиелен и противречен со образложенијата и критериумите кои стојат во образложението на понудениот закон врз основа на кој наводно се цртани предложените општински граници. Она што сакам да го кажам е всушност немањето јасна визија како и реална потреба за донесување на нов закон со јасни , недвосмислени критериуми врз основа на кои би ја преиспитале постоечката територијална организација, евентуално би се интервенирало секако со претходна согласност од страна на граѓаните во општинските граници.

Најпрвин да ги погледнеме понудените причини поради кои Владата смета дека е неопходно да се донесе нов закон за територијална поделба.

Првата причина според нив е. Непостоење рамнотежа помеѓу опфат на надлежностите каде ќе ги одредат на работата, од една страна минимална големина економска и финансиска моќ на општините од друга страна. Причина која навидум би можела да ја прифатиме и да ја земеме како реална, нои и од предложениот текст можеме да се увериме дека оваа причина била користена многу селективно и употребувана за остварување на други намери. Инаку, како да го сватиме опстојувањето на Пласница, Конче, Вевчани. Да не бидам погрешно разбран, за кој апсолутно сметам дека треба да опстанат, а истовремено еден Осломеј, Велешта, Сарај, Кондово, Боговиње и Облешево кои се ем погоелми, ем со поголеми финансиски можности од претходно посочените да не можат да опстанат и да се справат со новите надлежности. Очигледно оваа причина како што реков е самата декалративно наведена.

Создавање на услови за национално вклучување на граѓаните вов вршењето на работите од локалната надлежност. Навистина гледам подобри услови за рационално вклучување на граѓаните во работите на локалната самоуправа од постоечката тотална поделба каде помалите општини овозможуваат поголема блискост со граѓанит еи истовремено можност за нивно активно учество во работите од нејзина надлежност. Не

гледам како граѓаните на општината Шипковица рационално би се вклучиле во вршењето на работите од надлежност на локалната самоуправа во градот Тетово. Да не ги набројувам сите вакви бројни примери кои ја анулираат оваа причина како реална.

Терминолошко усогласување на називи на населени места. Во најмала рака не сериозна причина за донесување на нов закон сокој се прекројуваат границите, ова прашање доколку навистина било потребно се решава со најобична измена на законот со неколку зборови.

И, конечно последната причина, пополнување на празнината во законската регулатива во врска со утврдувањето на видот на населените места според нивното функционално значење. Претпоставувам дека предлагачите мислеле на утврдувањето на населените места како градови и села што во крајна линија е сосема во ред, но прашањето е зошто тогаш исцртувајки ги новите општински граници вршат класична поларизација на поголем број градови во Република Македонија вклучително и главниот град, Градот Скопје.

Како што веќе реков сите овие наведени причини кои би требало да претставуваат несоборливи факти и јасно да ја изразат потребата од донесување нов закон за територијална организација се само декларативно нафрлени претпоставки кои од првата до последната се целосно погазени и тие не претставуваат ништо друго освен обичен текст на хартија кој треба да ја замачка вистината дека во моментов не постои ниту една сериозна причина за донесување на ваков закон.

Исто така, во образложението на понудениот законски текст наведува неколку критериуми врз основа на кој тој наводно се раководел при предлагање на општинсктие граници,односно тоа би требало тоа да бидат критериумите кои недвосмислено укажуваат како би требало да изгледа една општина во Репбулика Македонија. Но за жал и посочените критериуми кои и така сами по себе се нејасни и недовлни се потполно погазени или отфрлени. Но, да одиме по ред.

Првиот критериум определува, општината по правило да не е помала од 5 илјади жители, а бројот на на населението во општинскито центар по правило да изнесува најмалку две илјади жители. Неколку реда подолу предлагачот објавува дкеа новата територијална поделба опфаќа 13 општини до 5 илјади жители. Прашувам, зошто тогаш

овој критериум е наведен кога очигледно истиот не е земен во предвид и второ, зошто одреден број на општини се укинати според овој ист критериум.

Вториот критериум гласи, економската одржливост да се заснива на постоење на доволен број на стопански субјекти кои би гарантирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој. Двојниот аршин за овој критериум е видлив преку примерите со општините Велешта, Осломеј, Сарај и многу други кои и текако го исполнуваат критериумот или во најмала рака се на исто рамниште, ако не и многу по развиени од Ранковце, Старо Нагоричане, Пласница, Осломеј и т.н. Да потенцирам дека ВМРО-ДПМНЕ и јас се залагаме за опстанок на сите општини без исклучок бидјеки сметаме дека сите имаат подеднакво право и можност за сопствен развој. Значи, иако самиот критериум е доста општ инепрецизен повторно истиот не се зема во предвид секаде, туку истиот  селективно се користи вклучувајки некои сосема други  критериуми. Што значи тоа  на односното подрачје да постојат објекти од општествен стандард, службиод областа на здравството,образованието, социјалните грижи, културата и слично.

Четврто,  инфраструктурна опременост односно изградените системи за комунално услужување на општинскитот центар да овозможува по ефикасно организирање на населбите и поголема достапност науслугите до граѓаните.

Овие критериуми сметам дека воопшто не им е местото во делот на критериумите од проста причина што голем број на постоечки општини кој до 1996 година беа во состав на некои градови започнаа со сопствена изградба односно со инфраструктурно опремување и поврзување, формираа јавни претпријатија кој вршат комунално опслужување, изградија амбуланти, најразлични објекти од општествен стандард иако претходно неколку децении беа маргинализирани, да не речам заборавени од локалните влсти.

Сега доколку истите се внесат во состав на други општини не само нема да можат понатаму да се развиваат  туку и напротив нивнито развој ќе биде запрен и тие ќе бидат уназадени. Самиот факт што граѓаните на сите општини кои се предлагаат да бидат укинати референдумски се спротивставија, сметам дека е доволно јасна порака од страна на граѓаните.

Петтиот критериум, природните географски услови да овозможуваат гравитирање, комуникациско поврзување на населените места со центарот. Навидум сосема логичен и на дело воопшто не применуван, како примери да ги земеме општините. Зелениково која се припојува на Петровец, и која нема никави комуникациски врски со истата, исто така и општината Облешево чие седиште кое се наоѓа на меѓународен пат се припојува на Чешиново кон кое граѓаните на Облешево воопшто не гравитираат. Таква е состојбата и соопштината Маврови Анови која се спојува со Ростуше со која што немаат никакви слични врски, се состојбите со многу други општини, да не ги набројувам сите, сметам дека овие примери се доволни да покажат дека овој критериум во бројни случаи не е применуван или отфрлен.

Шестиот критериум е наведен буквално ради реда и истиот е тактично смешан во одредени негови делови. Почитување на одредени специфики на територијалната организација врзани со определени историски, културни и еколошки карактеристики во населените места, претходно достигнат степен во развојот на комуналниот ситем. Овој критериум повикува на почитување на одредени специфики сврзанисо опредлеени историски, културни и еколошки карактеристики не е применуван и најдобар пример за тоа се: Конопиште, Богомила, Луково, Маврови Анови, Самоков, Зелениково, да не ги набројувам сите но истите ја губат самостојноста иако се препознаваат во горе спомнатите специфики.

И конечно како последен критериум предлагачот утврдува два вида на општини, едни со седиште во град и други со седиште во село. Дефинирањето на општините како градски и рурални е направено само декларативно, додека фактичката состојба зборува за целосна недифинираност на карактерот на општините и нивна хибридност, односно на класично организирање на следните градови. Градот Тетово кон кого се припојува шарпланиската Шипковица и Џепчиште. Градот Струга кон кого се припојува Лабуниште, Делогожди, Велешта и Луково кон кого се припојува Мариовско Конопиште, градот Охрид и руралниот Косел, градот Струмица и руралните Куклиш и Муртино. И руралниот Блатец, градот Куманово и руралните Клечовце и Орашец, градот Прилеп Мариовските Тополчани и Витолиште, без малку сите градови во Републиката добиваат рурален

признак што би значело закочување на нивната натамошна организација и истовремено закочување на развојот на руралните средини кои се припојуваат кон градот.

Почитувани дами и господа, како што започнав, така ќе завршам, очигледно е дека не постои ниту една причина за донесување на нов закон за територијална организација, ниту пак предлагачот имал јасни критериуми врз основа на кои ги предлагал општинските граници туку се раководел од сосема поинакви причини и побуди.

Република Македонија се наоѓа пред сериозен испит, на испит е ставена нејзината државност, унитарност, иднина и перспективи. Како претставник на граѓаните во овој парламент морам да ја изразам мојата силна загриженост за иднината на Република Македонија. Деновиве во Македонија се развива сила дебата околу тоа, дали со донесувањето на овие закони Републиката се наоѓа пред федерализација и распад, или ја очекува европската перспектива. Буквално сите политички партии, сите интелектуалци и експерти во областа на локалната самоуправа за жал укажаа на можноста дека со ваквата територијлна поделба која и правно би се дефинирала со донесувањето на законите, Република Македонија ќе ги изгуби своите карактеристики на унитарна држава и тоа со најсилното, неприродното менување на општинските граници. Сите релевантни фактори силно застанаа против оваа територијална поделба, нивните аргументи се сосема јасни.

Факт е дека со оваа територијална поделба се формираат општини со доминантно албанско население што ќе доведе до етнизација на регионите во западниот дел на Република Македонија каде што живее и работи голем процент на македонско население. Ако ги погледнеме случувањата во Тетово во изминатиот период ќе увидиме дека за жал се случува класичен политички терор врз македонското насление, тој терор се случува буквално низ сите сегменти на животот. Дискриминирани се во поглед на вработувањата, дискриминирани се во поглед на демократско право да живеат и да се движат во своја држава дискриминираани се во поглед на можностите да ги почуствуваат аспектите на државотворноста на македонскиот народ. Како на пример за празнувањето на државните празници никогаш не биле во можност да го видат своето македонско знаме на институциите и улиците во Тетово. Зошто се случува тоа? Нели е тоа предупредување

дека ако и Струга и Кичево станат општини со доминантно албанско население, нема да се повтори Тетово и во овие градови. Каде се тука гаранциите на Владата? Како да веруваме дека  и во овие градови македонското население нема да стане жртва на албанскиот репресивен однос кон другите заедници, кога државниот празник Илинден не се слави ниту во Тетово, ниту во Гостивар, ниту во Дебар, а да не зборувам за албанските рурални средини каде што ефективно отсуствува контролата на државата и локалната самоуправа. Затоа прашањето за мајоризација на општините.. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски, првата дигресија ви заврши, повелете понатаму.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ;

Може и вашата дигресија некогаш ќе заврши, претседателе, и вие ќе завршите некогаш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кога ќе заврши, тогаш јас ќе се повлечам.

ИЛИЈА  СРБИНОВСКИ:

Ви доаѓа крајот, да знаете. Штом македонската државотворност не може да се почуствува на државен празник во општини со доминантно албанско население, лесно можеме да заклучиме колку македонската државност е присутна во тие општини. Затоа и аргументите дека општините околу Струга се припојуваат заради историски континуитет, финансиско зајакнување и социолошки критериуми паѓаат во води кога ќе се види цената што ќе ја плаќаат македонците за тоа. А тоа што македонците ќе го изгубат  е вековната традиција, културата и слободата да живеат во своите вековни македонски огништа.

Како втор факт е дека  со оваа територијална поделба се употребуваат селективни критериуми. На пример општини кои несомнено можат да егзистираат сосема сами, непотребно се прилепуваат до конкретна општина. Да го земеме примерот со Сарај и Кондово, се понудија некои квази  аргументи дека Сарај требал да биде градска општина бидејќи секогаш припаѓал кон Скопје и имал спортски центар, се разбира причината не е таа.  Причината е мошне јасна, а тоа е создавање на двојазичен главен град на Република Македонија, а асоцијација за двојазична метропола а секако бинационална држава. Затоа и се водеа толку тешки преговори на СДСМ и ДУИ и

постигнатиот резултат од 3:0 во корист на ДУИ сугерира на губењето на Струга, губењето на Кичево и се разбира неприродната билингвалност на главниот град на Република Македонија, неразумни се аргументите. Спортско рекреативен центар споредено со бинационалност, извор Рашче со бинационалност и национална репресија врз македонците. Се говори дека македонците треба да гледаат подалеку од Струга, Кичево и Скопје, да гледале во ЕУ. Да Македонците ќе гледаат во ЕУ кога ќе видат зголемено индустриско производство, зголемена вработеност, силна економија, правна држава, борба против корупцијата, транспарентни министерства, департизирана администрација, кога ќе го почуствуваат тоа ќе можат да гледаат и подалеку, но сега можат да видат само сиромаштија, без перспективност и згора на се и етничко гетоизирање што дополнително ќе им го уништи и правото да одлучуваат за себе на локално ниво. Затоа приказните од типот меѓународен фактор и ЕУ се приказни за заплашување, тоа е резултат на партиските лаборатории на СДСМ и методологијата на канализирање на јавното мислење во корист на дневно политичките интереси и зачувување на веќе рапидно паднатиот партиски рејтинг.

Трето, факт е дека ова законско решение е кршење на Рамковниот договор. Ова законско решение е неточна интерпретација на Рамковниот договор и толкување на договорот спрема политичките потреби на владеачката коалиција, револтот кај народот е токму поради тоа. Македонците беа толерантни и потпишаа компромис сакаа мир и иднина. Но, секое отстапување од тој договор нужно дека води кон револт. Згора на се изјавите на партиските на СДСМ, и изјавата на претседателот на државата која повеќе наликуваше на изјава на претседател на СДСМ, иако по сила на Уставот таа функција му престана, уште повеќе ги револтира граѓаните и македонските нацилнални чуства. Македонците беа наречени умоболни, хулигани, вандали, нетолерантни, недемократи, анархисти итн. Почитувани пратениици, има ли смисла владини претставници кои го добија мандатот од народот да се навредуваат со примитивни изјави. Македонците не се хулигани и вандали, вандали се тие што вандалски го кршат Уставот и човековите права, хулигани се тие што хулигански наметнуваат .. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски, Ве молам уште еднаш.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Четврто, факт е дека ДУИ се закани дека ако не се реализира оваа територијална поделба, состојбата ќе се радикализира. Факт е дека Али Ахмети по светските медиуми изјавуваше дека албанците треба да живеат во чисти етнички средини без словенските колонизатори и секако таа желба на ДУИ и Ахмети, СДСМ безкомпромисно и мошне дрско ја реализираа во очите на цела македонска и светска јавност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски, јас незнам кој Ви го напишал тоа, но во секој случај сте претерано далеку од точката на дневниот ред.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

А што треба да зборувам претседателе? Па тоа е територијалната поделба на во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Ве молам господине Србиновски, да привршите,

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почнавте да ме прекинувате, тоа е сега,. Вие можете цело време да прекинувате, во вас е власта, во вас е чеканот, во вас е наковалната, сега се можете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам да се држите на темата. Да кажете што мислите да кажете. Дури Ви дозолив и тоа што не требаше да го кажете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

А што треба да зборувам, да ќутиме, ајде да ќутиме, да легнеме и да ќутиме, да спиеме.

Македонија не се децентрализира туку смислено се дели, се етнизира. Ваквите поделби по етничка основа се опасни, а се создадени со партиски пазарења кои се надвор од институциите на системот. Денес нашата земја е во трајно заложништво на

албанскиот фактор, тоа е огромна трагедија бидејќи никаде во светот се нема случено малцинството да го загрози мнозинството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Каде го гледате тоа во Законот за територијална организација?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Во член 16.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас дозволувам две,три отстаапувања. Ама сега ќе ме терате да се држиме по Законот за територијална организација и најдете ми го тоа во законот. Прочитајте го член 16, став 1.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Наметнатата потреба од двојазичност воопштно не е реална. Се вели дека мора да се почитува и да се спроведуведува Рамковниот договор, и е факт кој неможе да се побие и дека територијалната децентрилизација претставува сериозна опасност за поделба на двете најголеми национални заединци. Таа претставува вовед и прави чекори кон федерализација на државата. А таа пак дава заеднички негативни резултати и штети за сите националности во државата пред се за македонскиот народ, но и за албанското малцинство. Тоа е нов начин за етничко чистење на македонците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине претседателе. Ви го одземем зборот.

За реплика се јави господинот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам, претседателе, бидејќи се прекина дискутантот.Би сакал да коментирам некои работи по однос на неговата дискусија. Знам дека тој што ги пишува текстовите не му е лесно. Меѓутоа најверојатно полесна задача има господинот Србиновски да ги чита тие текстови. Јас едно време помислив дека навистина е единствен дискутант кој говори по текстот на законот, меѓутоа ме демантира во вториот дел од дискусијата господинот Србиновски. И затоа ќе проговарам во врска со некои негови тези по однос на првиот дел на говорот. Кажувате господине Србиновски дека текстот на законот е всушност ставен на хартија за да ја замолчи вистината. Добро е да ја

кажете која е таа вистина, која вистина ја замолчува овој текст на хартија, па го експлоатирате примерот со знамињата истакнати на општинската зграда во Тетово, па таму во Тетово знаете градоначалник е од ДПА ваш коалиционен партнер, можете да седнете на иста маса и да поразговарате за тој проблем. И на крајот кажувате дека ВМРО-ДПМНЕ со вас, значи со вас, така рече господинот Србиновски ,со вас е за останување на сите 123 општини, а 1996 година сите стенографски белешки и изјави во медиумите кажуваат дека ВМРО-ДПМНЕ без вас е за 82 општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Господине Иван, правдата ве буни, имаш голема болка и ти си еден од тие што ја делиш Република Македонија. Ќе те осуди историјата господине Иван. Дали читам вака, или читам онака, или кажувам вака, ќе те осуди тебе историјата господине Иван. Еден ден, идните генерации и твоите деца незнам како ќе зборуваат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА;

Ако може да го задржиме нивото на комуникација што е вообичаено во парламентото.

Процедурално има госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Ѓоспоѓо потпретседателке, Ве молам да му укажете на пратеникот и на сите други пратеници што имаат ваков настап. Докажувањето дали е некој за државата, или не, не е само во функција на овој закон, туку во смисла на тоа како се однесува додека е на власт. И за тоа можеме многу да дебатираме како се однесувала претходната власт со оглед на нивните криминални дејства и колку со тоа придонела за државата. Не е прашање на тоа дали е некој за овој закон, или не, колку е поголем македонец, или не, туку како се однесуваме и кон државата и кон граѓаните што не избрале.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, госпоѓо Грковска, јас веќе го опоменав како што видовте, а вие отидовте во дискусија, не беше реплика, туку процедурално.

За реплика се јави Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Колегата Србиновски е опседнат со делби и поделби. Во законот нема ниту еден збор на делби и на поделби. Делбите и поделбите веројатно е некој синдром, ама постои на некое друго место. Би го замолил колегата Србиновсски, а и неговите сопартијци, тој синдром нека не го пренесуваат надвор од нивните партиски редови. Законот се вика за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија. Мислам дека тој збор еднаш треба да го запамтат: Организација, организација, организација. И зборот организација нема ништо заедничко со делбите.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван колега, јас повторно ќе речам: поделба, поделба и поделба. Да не ви е криво што Република Македонија ја делите во секое катче во секое собирче, во секое кафанче, на секое место се зборува зборот, поделба .За да не се зборува зборот поделба, направете нешто подобро. Нека си остане како што си е.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ристо Пејоски.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, почитувни колеги., со моето обраќање сакам кај претставниците на Владата да развијам едно ново чувство, чувство на понизност, односно свест за сопствените ограинчувања и нејзината пропуштена шанса да развиеме целина од несогласувањата, а не да акумулираме разлики. Затоа што контролата не е во рацете на народот каде идеата за владеењето на народот е мит кој ја прикрива фактичката состојба на една група партиски лидери кои манипулираат со системот на застапување. Карактерот на политиката, Законот за територијална организација не може да се одвои од начинот на нејзиното донесување во парламентот за време на амандманската расправа. Мора да се каже дека парламентот стана покритие на извршениот деспотизам на власта зошто работи преку своите идеолошки робови кои опасно ја укинаа слободата на демократски дијалог. Овој Закон за територијална поделба е типичен пример кога партиските интереси ќе се наметнат над општото добро. Партиите во коалиционото мнозинство се обиде и ќе успеат целиот општествен простор да го прилагодат на себеси и своите потреби.

Со овој закон се афирмира една од најголемите заблуди на минатиот систем дека среќата доаѓа одозгора а не од основата, од народот.

Творците на овој закон знаат што е најдобро за народот, а народот само прави необврзувачки референдуми, експертите божем зборуваат се што им е одговорно, а интелектуалците во пет до дванаесет тресат некое алиби за наводна ангажираност додека вазалските медиуми преку возвишеното отсуство од недостојните политички работи полека се освестуваат и произведуваат народна согласност. Кулминација на оваа продукција на среќа за народот одозгора беше изјавата на еден партиски експонент, јуришник кој рече аргументите на власта се посилни од оние на народот. Го изјави тоа и остана жив.

Во текот на дискусиите по амандманите за овој закон беше употребуван зборот колега, но што значеше тоа кога му беше упатуван на некој пратеник од опозицијата, тоа беше човек на кого му беше одземено сувереното право да мисли поинаку не заради неквалитетот на неговите мисли или решенија, туку заради тоа што ароганцијата на другата страна ќе одговореше со не се прифаќа.

За запознавање, колега е човек кој тргнува од различни позиции, но се стреми кон иста цел. Тоа се оние двајца-тројца кои взаемно отстапувајќи го формираат поимот ние во кој никој не изгубил, а взаемно добиле. На опозициониот пратеник му беше оставена реакцијата која нема да се прифати како единствена опција. Се ускрати можноста погоре да се качиме за заедно да решаваме поголеми проблеми.

Друго што ни се одзеде, ни се исклучија можностите од Рамковниот договор кого јас го сваќам како обид да не направи силни одвнатре за да секоја надворешна опасност не претставува проблем, но доколку се почитува неговото слово.

Преговорите за овој закон за територијална организација водени далеку од очите на јавноста зад затворени врати кои божем значеа исполнување на обврските од Охридскиот договор предизвикаа необично морално ехо по онаа христијанската “давањето е поблагословено од земањето” до онаа албанска поговорка “раката што зема е секогаш под раката што дава”. Високата сметка што им беше испорачана на СДСМ за добиените услуги од ДУИ ја плати самиот народ и тоа со предлагање на вакво законско

решение во кое со чудесна леснотија се пренебрегнува фактот дека власта произлегува од народот и од народната согласност.

Кога некој побара од нас да ги изневериме своите уверувања всушност бара да се откажеме од својот идентитет. Кога еднаш ќе се согласиме на тој компромис подоцна полесно е истото да се бара за друго нешто, а вам ви е потшко да одбиете.

Сега сакам да набројам 16 причини зошто сум против ваквиот закон за територијална поделба.

Прва причина, светот не познава процес на децентрализација и територијална организација базирана на политички договор и политичко етнички критериуми. Во Рамковниот договор кој беше компромис меѓу двете најбројни етнички заедници во Република Македонија за воспоставување на мирот во Македонија децидно е наведено дека етничките проблеми помеѓу заедниците нема да се решаваат врз основа на територијални решенија.

Во предложениот закон за територијална организација очигледна е интенцијата на владеачката коалиција да ја спроведе потребната децентрализација исклучиво врз основа на етнички принципи. Притоа се запоставуваат основните критериуми и фактори за квалитетна децентрализација како што се: социоекономските критериуми, природно географскиот критериум, културолошки-етнолошки критериуми, човечките и природните ресурси. Овие критериуми задолжително мора да се земат во предвид бидејќи претставуваат крицијални одредници за локална самоуправа.

Втора причина, во актуелниот политичко-економски момент ретко која па дури и општините со развиена урбана средина ги исполнуваат предусловите за почеток на децентрализацијата. При ваков територијален концепт општините не можат да функционираат децентрализирано, пред се, бидејќи немаат обезбедено потребни економски услови и едуцирана администрација.

Трета причина, ваквата територијална организација ја зголеми можноста за миграција на населението од рурални кон урбани средини, пред се поради фактот дека руралните и урбаните средини имаат различни интереси и потреби, па населението од руралните средини во потрага по подобра економска егзистенција ќе ја гледаат својата иднина во преселувањето во градските општини. Со тоа се случува и рестартирањето на

процесот на миграција село-град кој се одвиваше во социјализмот кусорочно треба да очекуваме дека населението од 40-тина рурални општини ќе мигрираат поради укинувањето на нивните општини кои имаат свои посебни интереси и потреби.

Затоа е битно да се потенцира дека при територијалната организација треба да се земат различностите на руралните и урбаните општини, треба да се има диференцирање на руралните од урбаните општини преку одвојување на руралниот дел од урбаниот дел во градските општини. Тоа подразбира дека градските општини во својот состав не би требало да имаат голем број села додека руралните општини се спојат во урбан дел неминовен е процесот на ретроградност на руралните општини, бидејќи тие ќе ги изгубат своите автентични интереси и инвестирањето во нивниот развој и финансирањето кога ќе се одвива на начин по кој градските власти ќе ги апсорбираат финансиите од селата и тие ќе бидат оневозможени да ги реализираат своите цели и интереси.

Четврта причина со предложената територијална организација ќе се произведуваат неактивни, празни територијални зони најмалку 40-тина во кои се очекува сукцесивна деградација во сите свери. Постоењето на вакви зони секогаш се лесен плен на разни типови на узурпација поради фактот дека потешко се контролираат.

Петто, во основа овие зони се всушност најбогатите поради природните богатства и треба да бидат база на стопанскиот развој на Република Македонија и тоа преку развојот на основните стопански дејности, земјоделието, сточарството, рударството, шумарството и водостопанството.

Шесто, поголемата територија ја намалува можноста за контрола на активностите и поради фактот што актуелната администрација не ги поседува потребните капацитети што ќе резултира со узурпација на просторот, дива и неконтролирана урбанизација, неконтролирано сечење и искористување на шумските богатства, а преку тоа и еколошка деградација на подрачјата кои имаат природни ресурси.

Седмо, поради создавање на општини со доминантно албанско население и брза промена на етничката структура со класично кршење на принципите на мултиетничност и мултикултурност кои претставуваат основа на Рамковниот договор

Република Македонија ќе се доведе во ситуација да спроведе засилена етноизација и гетоизација на животниот простор во име на албанскиот експанзионизам.

Во Република Македонија мултиетничните општини егзистираат преку комплементарноста на различните култури, еднаквоста на различностите и почитување на истите истовремено претставуваат цивилизациска вредност на Република Македонија, и основното мото декларирано преку максимата обединете се во разликите што укажува дека политичката сила во Европската унија е силата на обединетите разлики.

Кога се говори за мултикултурата во Република Македонија би го навел и примерот со општина Струга која како општина го потврдува начелото на мултикултурност, но со предложениот закон за територијална организација во која неоправдано се укинуваат економски моќни општини и се припојуваат кон градот Струга очигледно се врши кршење на мултикултурноста во функција на доминација на албанската заедница. Постоењето на општини што гравитираат околу Струга го потврдуваат мултиетницизмот во струшкиот регион, бидејќи самите претставуваат посебни социокултурни целини со солидни економски перформанси развивајќи го натпреварувачкиот принцип на општинскиот развој и меѓусебното функционирање.

Затоа мора да се потенцира дека запазувањето на принципот на мултиетничност, мултикултурност претставува опстанок на поголем број општини во струшкиот регион, а не припојување по неоправдани критериуми.

Осмо, заменувајќи ја мултикултурната вредност на сегашна Струга со интересите на албанската популација и доминација Струга и дефинитивно ќе ги изгуби карактеристиките на мултикултурен и мултиетничка град, бидејќи ќе биде дефинирана како општина со исфорсиран и вештачки културно национален амбиент.

Колку и да изгледа брутално, фактот дека во таква Струга ќе започне процесот на запоставување и губење на националниот и културниот идентитет на македонците токму поради вештачкиот етнички дебаланс кој ќе создаде дополнителни тензии и фрустрации кај струшкото население, а губењето на националниот идентитет не претставува ништо друго, туку тивко етничко чистење на Македонците и губење на нивните културно историски вредности како народ.

Замислете ја само Струга без името, ликот и делото на големите македонски интелектуалци и преродбеници браќата Миладиновци. Во никој случај и по цена на било што не смее да се дозволи мултикултурните вредности да заминат во македонската историја и да бидат заменети со фаворизирање на вредностите и каузата на албанската етничка заедница.

Деветто, прашањето на децентрализација се постави и како услов за прием во Европската унија, но за прием во Европската унија прашањето не е сведено само на просто изгласување на законот и негово влегување во сила. Основно е дали тој закон може да се имплементира во реалноста, тоа е клучниот момент. Факт е дека поради консолидација на активностите во новите територијални граници ќе се предизвика процес на чекање кај меѓународниот фактор и потенцијалното финансирање што подразбира неминовно одложување на стопанските реформи.

Десетто, постои друга реална опасност од појавата на миграциите кај населението. Имено, тоа ќе доведе и до обезвреднување на капиталот. На пример колку би чинел продаден стан во сопственост на Македонец во Струга или на стопански капацитет. При појава на миграции појавата на обезвреднување на капиталот секогаш е пропратна појава. За тоа доволно зборуваат случувањата во Тетово, Гостивар, Арачиново, каде во постконфликтниот период и денес Македонците се приморани да ги напуштаат своите родни места продавајќи ги своите станови за ниски цени.

Не треба да не изненади ако и во Струга се случува истото, а со оглед на нараснатите меѓуетнички тензии очигледно е дека и Струга ќе помине низ миграциониот процес.

Единаесто, локалната самоуправа пред се е изворно и уставно загарантирано право на граѓаните за децентрализацијата им припаѓа само на нив, а не на политичките договори на партиските елити.

Владеачката коалиција меѓу СДСМ, ЛДП и ДУИ со политичка одлука и партиски интерес им го одзема правото на општините кои ги исполнуваат сите критериуми за самостојно функционирање. Со тоа се скришија основните постулати на демократијата, меѓународно прифатените стандарди, а и директно се нарушија правата на граѓаните самите да одлучуваат во какви општински граници ќе живеат.

Голем број на општини со територијалната организација 1996 година покажаа сериозне резултати во нивното функционирање. Би го навел примерот со општините Облошево, Лозово, Лабуништа, Велешта и други.

Дванаесто, при воспоставувањето и правно дефинирање на територијалната поделба и тоа ако воопшто е потребно неминовно е да претходи процес на фискална децентрализација која треба да биде предуслов за селекција на економско способните општини за самостојно функционирање.

Тринаесто, со предложениот закон за територијална организација се прави преседан и два суштински различни процеси се аплицираат истовремено и тука не сме ослободени од хипотеката на минатиот социјалистички систем во кој идеолошки израз на актуелната власт предводена од СДСМ во кој политичките и економските процеси беа разгледувани како еден единствен процес политичко економски систем, а не како различни, но взаемно дејствувачки.

Четиринаесто, аргументите на Владата се дека со територијална организација се засилува довербата помеѓу Македонците и Албанците, но тогаш како го оправдува припојувањето на Кондово кон Скопје. Од Владините претставници слушнавме дека е од национално значење градот Скопје да го контролира изворот Рашче. Тоа треба да значи дека месното население на Кондово односно сегашната општина Кондово не е способна да го контролира изворот Рашче, тој владин аргумент само алудира дека не постои доверба кон тоа население дека постои можност од нова ескалација на тензии во тој регион и тука не може да се говори за градење на доверба, туку за институционализирање на недовербата кон тоа население.

Петнаесто, при повикување на историските аргументи дека Скопје и Струга пред Законот за територијална поделба од 1996 година биле во граници кои коинцидираат со општинските граници на овие две општини предложени во овој Предлог закон се заборава на еден историски факт. Тоа можеби би било така, но во тој период општините функционирале централизирано и ваквите споредби во моменти кога се одлучува за децентрализација не кореспондираат со политичката реалност во Република Македонија.

Шеснаесто, целите на оваа територијална поделба е создадените етнички граници подоцна станат политички, што е спроведување на најекстремен национализам.

За да се предложи закон за територијална организација и за суштинско имплементирање на децентрализацијата потребно е да бидат обезбедени следните услови:

Прво, намалено политичко влијание од страна на централната власт треба да се знае дека системска децентрализација во економска смисла е процес од долу нагоре, а не од горе надолу.

Друг предуслов, економската самостојност на локално ниво и тоа преку намалена невработеност, намалена социјална и буџетска ставка преку согледување на вистинските причини за недоволен број на работни места и на реалните начини за нивно создавање.

Трето, определба на локалните предности и вредности преку фаворизирање на економските и природните вредности на општината со јасно определена локална содржина која одговара на локалните проблеми кои треба да бидат поттикнати и спроведени од граѓаните.

Четврто, департизација на институционалните структури на локално ниво и изградба на политичка свест кај партиските елити при изборот на квалитетни решенија, персонално кадровски, стопански, инфраструктурни и социјални културолошки и вклучување на луѓе и институции кои често биле игнорирани со политиките од минатото заради партиската припадност.

Петто, зголемена компетенција на локално, регионално, национално и меѓународно ниво што подразбира засилен економски развој на подрачјата во Република Македонија  посебно на руралните средини кои произведуваат производи кои се компетентни и конкурентни на домашниот и странскиот пазар. На пример еколошките производи.

Шесто, во сегментот на јавната и локалната администрација е потребно зголемување на транспарентноста при одлучувањето со што ќе се засили и политичкиот

притисок на граѓаните и политичката контрола на цивилното општество врз локалните институции.

Седмо, зголемена одговорност на локалните власти во корелација со почитување на интересите на граѓаните и нивното право на локално ниво.

Осмо, зголемување на креативноста, ентузијазмот и политичката волја за создавање на општини кои ќе го одразат демократскиот облик на локалното самоуправување.

Деветти предуслов кој треба да се обезбеди е намалување на меѓуопштинската зависност, намалување на зависноста од централното управување, значи децентрализација, деетатизација, но и деелитизација на одлуките на локално ниво кои одлуки мора да потекнуваат од изворните интереси на граѓаните, а не од партиските структури и центри на политичка моќ.

Десетто, максимално искористување и мобилизирање на економските предности и локални ресурси преку идентификација на цели кои ќе обезбедат клужни бенефиции за развојот на општините.

Единаесто, да се свати дека односно да се обезбеди свест дека локалниот развој не е поднационален феномен и да не се очекува интернационализацијата да се спроведува само на национално ниво, за што секој локален регион со визија и знаење е единица во меѓународен контекст.

Конечно Владата односно неколкумината мислат дека нивните планови се поклопуваат со божјите, па затоа ќе ни срочат некоја нова религија, некоја нова црква наместо територијалната поделба да произлезе од досегашните позитивни и негативни искуства во реализација на потребите на 123 постоечки општини, туку произлегува од меѓупартиски и коалициски договори притоа неводејќи сметка за интересите на граѓаните.

Економската немоќ на македонските граѓани вклучени во процесот на децентрализација не вклучува успешен трансфер на власта на локално ниво и спроведување на законите. Граѓанинот го гледа процесот на децентрализација само од политичка призма, при што ќе се мајоризира меѓуетничкиот однос во негативен контекс.

Заради политичката констелација, процесот на децентрализација треба да се води само од стручни искуства, а не како потреба на владеачката државна структура, поради одржување на власта и кокетирање со ЕУ. Па така, граѓанинот не е информиран за предизвиците што го очекуваат.

Синтагмата, со оглед на новите надлежности е само параван за етничка поделба, а не немање капацитети да се преземат новите надлежности и финансиска немоќ на помалите општини. Но, се предвидува дека најскапите и најсложените надлежности: социјална заштита, основно, средно образование, примарна здравствена заштита, култура ќе се финансираат преку блок дотации со трансфер на пари од централниот буџет, па потоа на надлежните установи.

Тие кои неубедуваат дека ваквата територијална поделба е со меѓународна согласност, не е вистина. Зошто демократска Европа ги прифаќа решенијата за територијална поделба со народна согласност, испорачана на масовен референдум.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Славица Станковска.

Повелете.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам потпретседателке.

Колегата, во своето излагање, како и сите колеги од опозицијата, уште еднаш не пропушти да го спомне референдумот како форма на изразување на волјата на граѓанте. Ќе го прашам, а знам дека и нему и мене ни е апсолутно јасно зошто како форма на волјата на граѓаните го исфрлија од Законот за локална самоуправа? За граѓаните ќе кажам дека тие веруваат дека навистина ќе останат 100 години на власт, па во случај да ги добиеја парламентарните избори во 2002 година ќе беа соочени со незадоволството на граѓаните од уставната обврска за правење нова територијална организација и децентрализација на локалната самоуправа на ниво на државата. Затоа, како форма го елиминира уште пред да дојде до новите избори во 2002 година.

Колегата, а исто така и другите колеги не пропуштаат да го истакнат политичкиот момент на територијалната организација. Колегата ќе го прашам, а и ќе му одговорам, знае ли тој што претставува устав на една држава, како највисок правен акт? Тоа не е ништо друго, до политички документ, верувам дека и тој тоа го знае.

Уште еднаш, етничките чистења и миграција на македонците од средини каде живеат албанците го користат или го злоупотребуваат. За волја на вистината добро е колегата да ги земе најновите пописни резултати и да направи паралела со претпоследните. Само заради граѓаните ќе наведам еден момент. Новите пописи кажуваат дека во Гостивар живеат повеќе 1000 македонци во однос на пописите од 1994 година. Не е добро да се игра со емоции на граѓаните, уште помалку да се манипулира со меѓуетничките односи, заради тоа што верувам дека последиците од таквите игри на нас ни се познати во 2001 година. Македонците и граѓаните сеуште ги болат и последиците ги чувствуваат, а пред нас сите и пред опозицијата и пред позицијата, треба да биде пораката на семејствата на починатите на Карпалак. Карпалак да не се повтори.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Пејоски, повелете.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Почитувана колешке, претпоставете една ваква навреда за вашиот тип на размислување:

Да имате услови да ви ја тргнат идеолошката кацига што ја имате на себе, да останете сама, да се слушате себе си и своите истомисленици, јас сум сигурен дека после 10 минути ќе сакате да ја напуштите сопствената кожа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, уште еднаш ве предупредувам немојте со лоши изрази, немојте да не се вреѓаме меѓу себе. Ве молам, сите тие работи можат да се кажат без квалификации на колегата како ваков или онаков. Ве молам да се почитуваме.

Одиме понатаму со дискусии.

За збор е пријавена госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана госпоѓо потпретседател,

Јас имам подолга дискусија, не знам дали не е подобро да дадете пауза па потоа да продолжиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имаме уште 15 минути, како сакате.

(Реакции во салата со дофрлања да се даде пауза).

Може да започнете па да продолжите.

(Негативни реакции во салата).

Добро, тогаш објавувам пауза, продолжуваме во 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 14,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

(Пратеникот Блаже Стојаноски бара збор процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе, со оглед на фактот дека не се искажавме доволно во своите дискусии, јас барам поддршка од 10 пратеници да го поддржат мојот предлог да продолжиме со работа после 17 часот.

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, повеќе од 10, заедно со пратениците од ЛП кои се присутни во салата, креваат рака во знак на поддршка на предлогот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега, засега ќе работиме до 17 часот.

Госпоѓо Бонева, ве молам имате збор.

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ инсистираат да се гласа по предлогот).

Објавувам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,30 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

(Реакција во салата, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ бараат да се гласа по предлогот).

Прво тие 10 души да ги видам овде.

(Пратеникот Блаже Стојаноски бара збор процедурално).

Повелете процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе, вие го кршите Деловникот. Имаше предлог кој беше јавно кажан  и поддржан од 10 пратеници. Собранието е должно да гласа. Дали пратениците кои го поддржуваат предлогот ќе присуствуваат во оваа сала или нема да присуствуваат во салата тоа не е ваша работа, тоа е работа на секој пратеник поединечно. Вие мора да го ставите предлогот на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, десетте души да ги видам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Еве ги, тука се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева повелете.

(Реакција во смисла на негодување од страна на пратениците на опозицијата).

Седнете тука ве молам. Седнете тука 10 души. Десетте души кои ве поддржуваат сакам да ги видам овде.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе не можете да обезбедите кворум па заради тоа го правите ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Стојаноски да не се расправаме. Јас ја водам седницата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Десет минути рековте дека е за обезбедување кворум...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги барам вашите 10 души што ве поддржуваат.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Еве ги десетте души.

(Пратеници од опозицијата влегуваат во салата).

Веќе е дадена поддршката, што треба уште еднаш да се даде поддршка? Да дадам уште еден предлог?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлагачите треба да бидат тука присутни при гласањето.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Предлагач е пратеник со поддршка од 10 пратеници претседателе.

(Џагор во салата).

Господине претседателе ќе ве молам да го утврдите кворумот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги имате ли десетте души овде присутни?

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Да, да, тука се луѓето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ги видам

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Тука се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

(Претседателот ги брои пратениците од опозицијата).

Дигнете рака за 10 души, ве молам.

(Пратениците од опозицијата креваа рака).

Не гледам дека има 10 души. Тоа се осум или девет.

(Во салата влагаат уште пратеници од опозицијата).

Е сега се 10.

Молам, десетте души нека седат овде. Нема да го ставам на гласање предлогот ако 10 души овде нема до предлагачот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Според кој член од Деловникот вие ги принудувате пратениците да присуствуваат?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, почнете со дискусијата, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе не можете да дадете збор. Мора да го дадете предлогот на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Десетте души присутни овде.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Каде пишува тоа, во кој деловник? Не можете вие да се ставате...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, ве молам имате збор.

(Реакции во салата).

Ве молам вклучете ја госпоѓа Бонева.

(Реакции со гласни негодувања во салата).

Госпоо Бонева повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Јас имам процедурално.

(Дофрлувањата и негодувањата од страна на опозицијата продолжуваат).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, седнете на место, десетте души, ве молам, немојте да стоите на врата. Седите на место ве молам. Седнете на место сите.

Ве молам седнете на место.

Сега имате 9 души повторно. Имате 9 души.

Еве, дигнете рака, да видиме кои се тие 10 души.

(Пратениците од опозицијата креваат рака, а претседателот ги брои).

Не, господине Стојаноски, вие не се броите. Вие треба да имате 10 души поддршка а не и вие да се вбројувате во нив.

Седнете на место, ве молам сега. Седнете на место. Сите да седнат на место ве молам.

Господине Макрадули седнете ве молам.

Го ставам предлогот на господинот Стојаноски да се работи после 17 часот на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 44 пратеници, 42 гласале за, нема воздржани, а 2 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата).

Во времето на гласањето во салата беа присутни 69 пратеници.

Констатирам дека предлогот да се работи после 17 часот е прифатен.

Повелете процедурално баравте збор господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе, ќе ве молам вака, јас побарав процедурално пред да се изврши гласањето. Како предлагач сакав да искажам неколку работи што се во контекс на предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заврши гласањето, повелете кажете сега што е.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Вака. Бидејќи парламентарното мнозинство не можеше да обезбеди кворум, а од друга страна постојано се применува принципот да се собере мнозинството да се гласа и да се продолжи расправата, само во тој момент кога ќе се договори парламентарното мнозинство за гласање и ова што сега го барате или го баравте при гласањето, да мора да бидат присутни 10 поддржувачи на предлагачот, јас како предлагач постојано бев тука, сметам дека воопшто не е деловнички. Тоа е прва работа.

Втора работа, прекршивте еден принцип што самите го воведовте во ова Собрание, а тоа е дека 10 минути чекате за кворум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со кое право вие испаѓате надвор кога ќе видите дека нема кворум овде, со вас се прави кворумот, а вие излегувате. Тоа политичко право и таа политичка борба си ја земате како валидна и легитимна, а сега тоа што се случува од страна на опозицијата, тоа вам ви пречи. Знаете, она што не сакате вам да ви прават, немојте на другите да им го правите. Тоа е правило број еден во животот и имајте го како начело.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитувани претставници на Владата,

Локалната самоуправа е најдиректна власт на граѓаните во општината во која што тие ги остваруваат своите најсуштествени потреби, без оглед на тоа од која етничка, верска или политичка припадност се тие. Затоа, против овој понуден облик на територијална организација, за прв пат се обединија сите граѓани од локалните заедници кои што не се задоволни од овој понуден облик на територијална организација.

Не е прифатливо за граѓаните општинските меѓи да се поставуваат како резултат на политички договор, со кој што се исполнуваат политичките интереси на коалицијата а во Западниот дел на Македонија, уште полошо, се прави територијална поделба заснована на етнички критериум, кој е нешто така катастрофално лошо и допустливо решение. Решение кое не тргнува од потребите на граѓаните од локално ниво, туку само од тоа да се нацртаат општинските меѓи во кои што ќе доминира албанската етничка заедница. Или пак да се постигне...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам госпоѓо Бонева.

Ги молам пратениците потивко.

СИЛВАНА БОНЕВА:

... или пак да се постигне само процентот на застапеноста од над 20%, што значи да се воведе службена употреба на албанскиот јазик.

Тоа што овој процес го сведувате на тоа дали албанскат етничка заедница ќе добие повеќе градоначалници албанци и повеќе советници од албанската етничка

заедница, или пак правењето на процентот за да се добие двојазичност преку вештачко прекројување на одредени населени места, со тоа почитувани дами и господо правите да го загрозите добриот меѓуетнички живот. Не ја јакнете довербата кај граѓанте, туку го провоцирате чувството на несигурност и давате право за основан сомнеж дека тоа е вовед во федерализација на Република Македонија. Тоа не би било така, доколку, како што може секој граѓанин албанец да оди и да купува стока на територијата на цела Република Македонија и да може да отвори свој бизнис во било кој дел од Република Македонија, кога ќе може и секој македонец да продава на секој пазар во државата и во Арачиново и во Липково и во други места со доминантно албанско население или да отвора свој бизнис во тие општини, без да има последици по него и по неговиот имот. Значи тогаш нема сигурно да има стравувања од етничко чистење и стравувања од идната федерализација на Република Македонија. Вие како државотворни партии, така милувате да се наречете, сеуште не сте овозможиле македонците од кризните региони да се чувствуваат безбедно и да се вратат во своите огништа, не им е овозможено безбеден живот и на тие македонци кои што се малцинско население во општините каде што доминира албанското население. Ќе го земам само за пример селото Љуботен и за да нема стравување и да нема разгорување на чувството на несигурност, заради упорното инсистирање на механичко припојување, заради правење на општини со мнозинско албанско население, тука почитувани дами и господа е и основот за стравот од етничкото чистење што го спомнав, вие го стимулирате тој страв со ваквиот предог за нови општински граници во западниот дел на Македонија, водени од етнички принципи. Со ништо не го убедивте народот дека немате друг критериум освен етничкиот критериум за западниот дел на Република Македонија.

Во врска со идната федерализација ќе ве потсетам и на реакциите на повеќе домашни и меѓународни експерти кои што одат во тој правец и кои што предупредуваат дека Скопје отиде подалеку и од Брисел. Создавањето на двојазична престолнина е шема многу слична на белгиската, според која Брисел со 15% фламанци е двојазичен, но разликата помеѓу Македонија и Белгија е во тоа што во Белгија мнозинско население се фламанците на севкупната територија, а тие се малцинство само во Брисел. И затоа

Брисел е двојазичен, за да ја отслика реалноста на мнозинското население во државата, не заради тоа што се само 15% фламанците во главниот град.

Во Македонија албанското малцинство во Скопје е малцинство во целата држава, не само во Скопје. А тоа не е мала работа. Тоа е почитувани дами и господа цитат од белгискиот професор по уставно право на Универзитетот во Лиеж - Белгија, кој што е и член на Венецијанската комисија на Советот на Европа, Жан Клод Сконсен.

И, уште нешто ни советува и овој професор и други видни експерти и вели: Бидејќи новата територијална оранизација фактички ги поставува основите на идната федерализација, треба како држава и вие како власт што го говтите тоа да расмислите за тоа што го сугерираат овие експерти. Во понатамошната обработка велат тие на законите, треба да воведете некаков вид заштитен механизам за да се спречат тие обиди за федерализација на државата, доколку го сакате тоа. А, господинот министер во однос на овие заштитни механизми, пред некој ден ни велеше дека најважен заштитен механизам е довербата на граѓаните.

Се согласувам почитувани дами и господа, меѓутоа во услови кога направивте многу нешта не за градење, туку за рушење на довербата незнам колку тоа може да биде остварливо. А па како власт, навистина се залагате за федерализација или конфедерација на Република Македонија, треба јасно тоа да го кажете, а не како што во многу случаи досега го лажевте сопствениот народ и не би сакала навистина да набројувам граѓаните, многу добро се сеќаваат на 15 септември, на едниот вработен во семејството, дека нема да коалицираме со ДУИ и така натаму.

Значи и најпоследното во однос на овој закон за територијална организација, тоа беше дека територијалната организација, основ за територијалната организација ќе биде економскиот критериум, а не етничкиот.

Во сите ваши обиди да покажете дека правите нешто што е утврдено со Рамковниот договор, отидовте дури дотаму да згазнете врз основните начела на Рамковниот договор, јасно утврдени во него, дека нема територијални решенија за етнички прашања. Тоа начело е јасно утврдено и прифатено од Европската Унија, за сите земји кои што се стремат да бидат нејзин дел. Тогаш навистина незнам зошто го

убедувавте и го лажевте народот дека правите нешто што е договорено во Охрид и јасно напишано во Охридскиот договор, и нешто што ќе не приближи, нели до Европската Унија. Треба јасно да си признаете и да му кажето на народот кој е фактички вашиот договор за иднината на Република Македонија. Освен тоа нели што отплаќате за полнењето на кутиите на претседателските избори. И дали сте свесни дека со отстапките што ги направивте по божемните преговори, велејќи Скопје не го даваме, Кичево не го даваме и тн., за да завршите на крајот со 3:0 ќе предизвикате далекусежни последици во иднината на Република Македонија и нејзините граѓани, но сепак во добро познатиот стил и понатаму продолжувате со заплашување на народот, велејќи му дека тоа е подборо од 5:0. Значи, му кажувате, молчете народе, можеше да биде и полошо.

Тоа е кажано од устата на државникот кој му ветуваше во текот на претседателската кампања на народот дека Скопје не го дава, дека Струга не ја дава. Звучи навистина многу сериозно. Кажано од устата на човек кој што сите овие 14 години води купи ден политика, и е обичен препродавач на идеологија на тоа што е коњуктурно на политичкиот пазар.

Само за пример, почитувани колеги пратеници, бидејќи реагирате на тоа, ќе ви спомнам само дека во процесот на преговарање тоа јасно го видоа сите граѓани откако се обзнани во јавноста веста дека Бранко Црвенковски, откако се појавил на владината седница, тоа сите имавме можност да го читаме во медиумите, се заврши процесот на преговарање бидејќи тој го прекина размислувањето за тоа што да се даде, или што да не се даде, со неговото кажување цитирам: “Дајте им се што бараат”. Тоа повторно ќе кажам е цитат препишан од медиумите.

И тоа е главниот критериум, почитувани дами и господа, на тоа се свесни на граѓаните и затоа неможат навистина да го прифатат тоа, без оглед дали припаѓаат на ВМРО-ДПМНЕ, на ЛДП, на Либерална партија или пак не припаѓаат на ниедна политичка опција.

И сега незнам како да бидат задоволни граѓаните со новата територијална поделба, донесена односно скроена на ваков начин, во кој што една етничка заедница да добива, а другата губи, во кој на една етничка заедница и се дава се што бара а на другата не и се дава.

Ќе го посочам само примерот со Струга, понатаму и со Кичево, и со многу други места од Западниот дел на Република Македонија.

Најпрвин, зошто е бундот на граѓаните во Струга? Зошто почитувани дами и господа упорно се оглушувате на она што го бараат граѓаните. Нели правиме процес на децентрализација, нели правиме процес кој што треба да ги доближи граѓаните до власта. Тие самите да одлучуваат за себе и за сопствената иднина. Зошто во случајот на Струга, во случајот на Кичево и во многу други случаи низ Република Македонија не го почитувате тоа. Оттаму е и огромниот револст кај граѓаните на Република Македонија, токму заради тоа што се оглушувате да го чуете нивниот глас.

Навистина е несватливо и нема со што да го убедите граѓаните на Струга, дека нивниот успешен започнат локален економски развој во моментот вие ќе го стопирате наметнувајќи и нови обврски, наметнувајќи им навистина уште многу поголем товар отколку досега  тие што имаа со општината, односно во општинските граници, територијата што ја имаат во општинските граници за кое што тие се грижеа досега.

Општина Струга, занете и во претходните мои дискусии кажав дека е влезена како пилот проект општина, која што има своја стратегија за иден нејзин локален економски развој. Врс основа на тоа таа е обврзана со одредени рокови, навистина да се грижи за сопствениот развој и да заврши одредени проекти во точно утврден временски период зацртан  до 2006 година.

Зошто почитувани дами и господа, не го слушате гласот на стружани, не го слушате тоа што е нивен уврден приоритет, со нивната локална програма за економски развој, со нивната стратегија за нивното идно опстојување. Вие на овој начин наметнувајќи им ваше решение, не нивно решение ги отргнувате од тоа што тие го замислиле како сопствена иднина, заедно сите граѓани на општина Струга, вклучувајќи ги и македонците и албанците и припадниците на другите етнички заедници. Додавањето на уште четири општини ја обременува општина Струга го менува целокупниот нејзин економски развој. Во исто време прави стагнација на другите четири општини во нивниот развој. Само правите ретроградни процеси во оние општини како што е Луково, кое што туку што почна да се поврака населението назад и да добиваат волја луѓето дека ќе може да опстојуваат во своите огништа, вие повторно правите градски општини кои што ги

рурализирате, ги обременувате со проблемите на селата и не работите во прилог на доброто ниту на селата односно на селските општини, ниту пак на градските општини.

Случаојот со Струга е исти. Ова е само од економски аспект колку и помагате на општина Струга со ваквото ваше решение и зошто неможат вашата добронамерност да ја разберат граѓаните на Струга. Еве, се обидовте неколку пати, но безуспешно е вашето убедување да им ги кажете вашите аргументи бидејќи тие апсолутно не се основани и не почиваат на никаква анализа. Наспроти нивните аргументи вие не им давате ништо за возврат на граѓаните на Струга, па да ја разберат вашата концепција и да сватат дека вие им мислите доборото. Вака се се сведува на тоа дека едноставно сакате само со механичко спојување на овие четири помали општини што се околу Струга да го зголемите бројот на албанското население односно албанското население да биде мнозинско население во градот Струга. И, што направивте. Се случи стручшкиот отпор, се случи повелбата. За жал, после тоа се случи синоќа палење на штабовите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. До каде ќе чекате и да гледате да ескалираат состојбите. До каде една мирна општина со мирен соживот со взаемно почитување на сите граѓани без оглед на која етничка заедница се, направивте еден немирен регион, направивте едно погранично подрачје да биде навистина обременето со проблеми кои што досега воошто ги немаше и им беа далечни.

Навистина треба уште еднаш добро да размислите дали вреди само заради тоа да се постигне одреден процент на албанци во Струга и понатаму наспроти волјата на граѓаните да инсистирате да остане она што сметате дека треба да и го наметнтете повторно ќе кажам наспроти нивната волја.

Не е се исто почитувани дами и господа оддеднаш да сватат граѓаните дека со вашата територијална организација и со приклучувањето на новите четири општини одеднаш од некаде 14.000 албанци на постојната општина Струга бројот на албанското население ќе се зголеми некаде над 36.000 албанци. Апослутно тоа не е ништо страшно, немој да кажете дека сум некојси албанофоб, меѓутоа променување преку ноќ на едничката структура на една општина неаргументирано наспроти логиката на економските законитости, наспроти логиката која што сами ја поставивте, наспроти

критериумите кој што сами кажавте дека ќе ги почитувате, основниот критериум требаше да ви биде економскиот.

Вие одите против интересите на граѓаните, против развојот на општина Струга иако со аргументи повторно ќе ви кажам дека тие ви зборуваат дека си имаат зацртано свој пат и на економски развој на идно опстојвање на нивната општина. Меѓутоа, гласот на народот очигледно досега не допре до вас. Се надевам до кјрајот на оваа расправа ќе видиме од Владата амандман со кој што ќе му предложите на парламентарното мнозинство и на опоцијата да го прифати аманманот со кој што општина Струга ќе си остане за доброто на сите граѓани во постојните граници да се намалат конечно тензиите.

Зошто овој случај со општина Струга е идентичен  и со решението што го нудите со членот 16 општина Кичево. Повторно ќе кажам наспроти волјата на граѓаните, наспроти тоа што тие даваат отпор за тоа, наспроти економската логика бидејќи сите добро знаеме како се развиваат општините околу Кичево и навистина незнам која е логиката, безусловно да кажете дека 2008 година општина Кичево нема да биде во постојните граници, туку ќе и се придодадат другите  четири општини околу неа. Навистина незнам дали воопшто можете да ги убедите граѓаните, што е тоа што општина Другово, Зајас, Осломен и Вранешница после четири години ќе ги принуди да влезат во општина Кичево, заедно, нели со градот Кичево. Вистина незнам, тука е и Вранештица, незнам доколку овие оптштини доживеат навистина свој економски процвет, и нема да сакаат да се приклучат кон општина Кичево кој ќе биде вашиот аргумент вашето образложение за нивното казнување да ги приклучите кон општина Кичево. Имаме вењќе референдуми со кои граѓаните јасно кажуваа дека  нема да сакаат. Може после 4 години и Зајас и Осломеј и воопшто да не сакаат да се приклучат кон општина Кичево.

Зошто уште сега вие наметнувате решение за после 4 години. Дали заради тоа да се стиши прашината  и да се смират духовите во државата, луѓето да се привикнат дека еве решението за Струга го видовме и ние тоа ќе го имаме после 4 години. Навистина неможам да го разберам овој предлог, предлог јас би кажала на една одложена егзекуција, затоа што ако на некој му ја одложат смртната казна, не го бришете почитувани дами и господа чувството на осудениот дека ќе биде убиен. Аналогно на тоа граѓаните во Кичево со овој неразумен предлог нема да ги усреќите, нема да им го

избришете чувството на горчина од тоа што им го загрозивте добриот меѓуетнички живот, заради тоа што ќе им биде забавен и попречен нивниот развој и најпосле горчината од тоа што се чувствуваат како да се предмет на пазар, предмет на трговија, само заради тоа коалицијата да опстане на власт.

Понатаму, ќе се осврнам на мултиетничноста која што е основ на Рамковниот договор. Дека заложбата за мултиетничност е само демагогија се гледа освен за примерот што го направивте со Струга, со Кичево, меѓутоа, уште подобро се гледа со примерот на општина Житоше, каде што имавме можност да и дадеме на една етничка заедница, со останувањето на општина Житоше бошњаците да можат за службен јазик да си го користат мајчиниот јазик во општина Житоше, исто така и турската етничка заедница. Меѓутоа, се укина општина Житоше во која што нели, процентот сега со припојување кон Долнени, веќе не е истиот случај, и овие етнички заендици го губат своето право на службена употреба на јазикот. Истото тоа се случи и со општина Врапчиште, со припојувањето со Неготино Полошко, се намали процентот на турското население и навистина турската етничка заедница неможе да го користи својот мајчин јазик за службена употреба во општината.

За почитуваниот колега Бејта, претставник на владеачката коалиција од ДУИ. Тој кажа дека таму е направена измена во националниот состава.

Зошто почитувани дами и господа, кога друга етничка заедница губи некое свое право кое се израз на мултиетничноста на нашето општество, не се дига прашина од страна на вас, и не реагирате на ист начин како кога ги браните правата на албанската етничка заедница. Дали тоа е показател дека во Македонија се прави бинационална а не мултинационална држава. Тоа го заклучувам почитувани дами и господа, само од вашите постапки, од вашите дискусии овие денови во Парламентот. Се надевам дека до крајот на расправата доколку Владата сака да покаже дека навистина се грижи за мултиетничноста во Република Македонија ќе размисли конечно и за овие општини, и за овие предлози и од опозицијата и од претставниците на власта кој што ги имаше.

Ако почитувани дами и господа, територијалната организација кога ја правевте водевте сметка за севкупниот иден економски развој на државата тогаш навистина ќе водевте сметка за основното европско правило што го применуваат во територијалната

организација за разграничување на градските и селските општини и со тоа на голем број мали рурални општини ќе им овозможевте да го продолжат нивниот иден непречен развој и максимално искористување на нивните интелектуални, материјални потенцијали, природни ресурси кои што ги имаат во општините, бидејќи тие навистина покажаа дека  за себе можат многу подобро да се грижат, отколку што таа за нив го правеа големите општини, градски општини до 1996 година.

Економската логика за опстојувањето на општините е навистина тие да бидат сами, бидејќи имаат многу поголеми шанси за развој, имаат многу поголеми шанси за добивање на проекти од ЕУ, со кој што ќе се иницира нивниот забрзан развој. Јас навистина не можам да сватам како до вас не допреа аргументите, а од ваша страна не добивме против аргументи, не добивме сериозна анализа зошто многу помали рурални општини не можат да опстојат. Ќе почнам од општина Куклиш, од општина Муртино, понатаму од Мариовските општини, општина Подареж, Оризари и ќе завршам со општина Облешево. Навистина почитувани дами и господа во отсуство на сериозни аргументи на сериозни анализи со кој што навистина ќе ги убедевте граѓаните од овие селски општини,зошто тие не можат да се развиваат, што е пречката за нивниот иден економски развој со пренесување на дополнителните надлежности од овој процес на децентрализација, бидејќи вие не дадовте ваков одговор, не дадовте ваква анализа, не можеме да ги убедиме луѓето дека нивните општини не можат да опстојат. Тие го видоа благодетот од опстојувањето на нивните општини. Тие ги чувствуваат своите општини како свој дом, како свој двор, тоа со свои очи го видов во општина Облешево. Оттука произлегува огромниот отпор на граѓаните за територијалната организација вие што им ја нудите. Вие не можете да ги убедите Облешевци дека ќе им биде подобро во Чешиново, со кои аргументи дами и господа? Со кои аргументи, зошто еден од вас не отиде на граѓаните да им ги каже вашите аргументи. Да им каже зошто една општина со над 5000 жители се припојува кон општина која што има малку повеќе од 2000 жители. Нели демографскиот критериум ќе го почитувавте? Ако е демографскиот критериум основ, тогаш, општина Облешево треба да опстои во сегашните граници. Ако е економскиот критериум, тие тврдат дека може да опстојат и дека има потенцијали. До сите вас пратеници има

пристигнато материјали, споредбено е направена нивна анализа што има општина Чешиново, што има општина Облешево и кои се нивните предности. Доколку се водите од економскиот критериум, која е логиката да не постои општина Облешево. Навистина незнам зошто центарот се укина општина Облешево, а се припои кон општина Чешиново. Јас немам ништо против и ние се залагавме за тоа и двете општини да продолжат да опстојуваат. Тоа е од интерес на граѓаните и на општина Облешево и на општина Чешинво. На тој начин почитувани дами и господа немаше да направите уште едно злодело.

Зборуваме за Западна Македонија каде што успеавте навистина мирниот мултиетнички соживот да го пореметите. Што направивте меѓу самите македонци? Имав можност пред две вечери да видам, што посеавте помеѓу граѓаните на општина Облешево, и општина Чешиново. Како довчерашните пријатели, комшии и роднини денес се гледаат? Верувајте им направивте огромна против услуга. Наместо да го зближувате овој народ, вие го оддалечувате еден од друг, вие направивте први братучеди и роднини да не сакаат да се видат. Одете во општина Облешево ќе ви го кажат тоа луѓето. Тие не се виновни за тоа. Вие тоа им го наметнавте, направивте две блиски општини, толку близок народ, комшии, роднини, испреплетени меѓу себе навистина да престанат да зборуваат едни со други. Која е тогаш целта на вакаta територијална организација, која е целта луѓето деноноќно да бдеат на барикадите, жени, деца, мажи, старци, сите до еден. Спијат буквално на барикадите. Тоа ли е тоа што вие треба да го предизвиката со новата децентрализација, да внесете немир кај граѓаните, да ја чувствуваат сопствената власт како не своја, не народна власт, да се бранат од неа со барикади. Навистина е несватлив овој ваш процес на децентрализација. Ова инсистирање по секоја цена и за општина Струга и за општина Кичево, инсистирањето упорно да се реализира тоа што сте го договориле без огед на тоа каков ќе биде одзивот, како ќе биде чувството кај граѓаните за ваквиот ваш политички договор. Жалам што г-динот министер не е тука, да отиде меѓу граѓаните на општина Облешево да разговара со нив, со денови го чекаат, едвај чекаат да му се пофалат што е тоа што го имаат направено, одете да чуете како луѓето се гордеат со својот парк, со своите општински канцеларии, со своето комунално претпријатие, со се она што го изградиле. Тие живеат за сопственото место, за

соствениот развој. Жално е да читаме по весниците дека вашиот процес на децентрализација предизвикува некои од граѓаните на Република Македонија да велат дека ќе се иселат од Република Македонија доколку нивните општини не опстојат. Треба конечно да размислите што правите во Струга, што правите во Кичево, што правите во другите помали општини кои што досега успешно работеа и во кои што луѓето навистина си живееја без никакви проблеми како што создадовте со ваквиот божемен процес на децентрализација односно на територијалното прекројување на границите на Република Македонија. Навистина наместо да се прави децентрализација, се прави централизирање, припојување на повеќе селски општини кон градските, на повеќе селски општини една кон друга. Со рурализирањето на градските центри навистина не се сфаќа процесот на децентрализацијата. Која е смислата почитувани дами и господа територијата на градот Скопје да се зголеми двапати повеќе и градот кој што во моментот се гуши во свои нерешени проблеми и комунални и инфраструктурни и урбанистички да му се придодадат и нови проблеми од овој карактер само и само главниот град да биде двојазичен. Што добиваат скопјани со тоа, освен тоа што на крајот градот ќе го оптоварите со огромен број на трошоци, со огромни трошоци за двојазични табли, за службени гласила, за преведуачи, за разни други материјали и повторно не сакам да се изведе заклучокот дека сум против двојазичноста. Јас сум за двојазичноста и тоа е реалност во Скопје и во Центар, во неколку скопски општини и никој и никому тоа не му пречи. Пречи тоа што и тоа што е неприфатливо и што не му носи добро никому, туку што го продлабочува јазот помеѓу етничките заедници е вештачкото инсистирање да се придодадат одреден број на граѓани, бидејќи вие во оваа ваша територијална органицација граѓаните ги сведовте на бројка која што ја преместувате од едно место на друго место само за да добиете одреден процент . Навистина незнам зошто брзате да го добиете овој процент, зошто не оставите природно да си течат работите онака како што треба. Зошто не оставите, може би после 10, 15, 20 или 30 години тоа навистина ќе биде реалност. Зошто сега инсистирате Кондово и Сарај како рурални општини да ги прилучите по секоја цена кон градот Скопје. Со тоа не добиваат ниту Скопјани, ниту пак граѓаните што се од сарај и од Кондово. Ги оддалечувате нив од локалната самоуправа, го кочите нивниот процес на децентрализација. Тие треба преку градот Скопје каде што

има огромен број на други населени места кои што ќе се борат за сопствените населени места, тие тука да се борат за нешто да се направи во Сарај или во Кондово. Навистина нема логика кога може преку својот градоначалник, кога се самостојна општина да ги решаваат своите проблеми кои што произлегуваат од типот, од карактерот на руралната општина која што ја имаат и најуспешно да си ги решаваат своите проблеми без да бараат, или да чекаат милост од некој друг. Навистина не сватливо е, повторно ќе кажам ова упорно инсистирање за правење на одредени проценти на штета на сите етнички заедници во Република Македонија. Од целокупната расправа досега се покажа почитувани дами и господа дека ние не сме сериозно подготвени да носиме еден ваков закон, не се подготвени ниту граѓаните, а за тоа зборуваат не само протестите, туку и анкетите кои што ги прават разни независни агенции, понатаму референдумите во општините кои што се укинуваат. На ваков начин пожитувани дами и господа граѓаните само ја губат довербата во сопствената држава која што треба да постои заради задоволување на нивните интереси, а не граѓаните да и служат на државата и на власт се само заради нејзините интереси и калкулации заради опстојување на коалицијата на власт. Тоа не е мој изум, тоа ви го пренесувам како порака и од Советниците од пштина Куклиш и од советниците од општина Облешево, исто така и од општина Струга и Вратница. За нив е несватливо државната власт без да ги праша да одлучува во нивно име и да им вели дека тоа е за нивно добро. И несватливо е за нив вие без никакви аргументи да им велите дали тие можат да опстојуват и понатаму. Заборавате дека тоа е нивно право да го кажат тоа доколку навистина демагошки и лицемерно не зборувате дека навистина правите вистинска децентрализација за граѓаните да им ја доближите власта и тие сами што повеќе да земат учество во процесот на одлучување и на градење на својата околина, да одлучуваат тие за своето училиште, за своите комунални потреби, за здравството, за образованието на територијата на нивната општина. Несватлива е оваа демагогија во целиот овој процес трошењето, повторно ќе кажам на огромни пари за реклами, да се направи привид дека навистина правите сериозна децентрализација, правевте дури и рекламни спотови, огласи, па дури добивме и папки во Парламентот на коин што стоеше мотото: децентрализација, да одлучуваме за себе. Навистина се прашувам што е тоа што го одлучија граѓаните за себе, а вие пак го прифативте тоа.

Речиси ништо. Затоа се протестите почитувани дами и господа и огромниот револт заради тоа што се оглушувате од барањата, од волјата на граѓаните и како тие да не се револтирани на овој театар од демократија кога едно им велите, а друго правите. Граѓаните почитувани дами и господа се чувствуваат навистина изиграни и излажани и заради тоа ќе ве повикам навистина да размислите, при носењето дефинитивно на овој закон што можете да направите, слушајќи ги потребите и интересите на граѓаните во Република Македонија. Сосема накратко ќе се осврнам и на тоа дека инсистиравте и зборувавте овде дека вие работите нели за интересот на граѓаните, и навистина незнам само еден пример ќе ви дадам, кој е интересот на граѓаните на пример од општина од селото Бродец, кој што има 138 чинам км2 своја катастарска општина. Го изедовте од општина Маврови Анови, тоа е село со мнозинство македонско население, го изедовте од општина Маврови Анови, го припоивте на општина Гостивар, и сега навистина ве прашувам само преку овој пример. Која беше вашата цел доколку навистина сакате да спроведете процес на децентрализација, која беше вашата цел да ги оддалечите граѓаните од ова населено место, од нивниот општински центар досегашен Маврово, до кој што требаше за да стигнат до него патуваа скоро 25 км, а сега, им ставивте нов општински центар Гостивар, уште толку треба да патуваат за да стигнат до Гостивар. Наместо да им ја доближите власта односно нивниот општински центар за да може подобро да ги задоволуваат своите потреби вие направивте овие граѓани да патуваат дури 50 километри. Имаше ваков случај со општина Зелениково, и навистина можам со задоволство да констатирам дека Владата конечно увиде дека направила огромна грешка. И наместо граѓаните да патуваат од општина Зелениково до Петровец 70 км, вртејќи до општинскиот центар, конечно увиде Министерството, увиде Владата, и ни поднесе амандман со кој што нели Владата кажа после сите наши дискусии дека да, во право биле пратениците од опозицијата кога дискутирале дека општина Зелениково треба да си опстои во постојните граници и да не се малтретираат нејзините граѓани. Зошто не се корегирате и во однос на овие граѓани од ова населено место Бродец. Што е тоа што ве кочи. И покрај петициите што се доставени до вас, од граѓаните од ова населено место, со кои што тие бараат да се исправи оваа грешка како што велат тие, или неправда доколку видат дека имате добра волја да го направите тоа. Доколку немате,

повторно почитувани дами и господа, оставате простор за сомнеж. Оставате простор за сомнеж. Зошто оваа територија се откинува од општина Маврови Анови, се придодава на општина Гостивар, ако не реагирате, ќе се мисли како што во моментов луѓето мислат дека се прави се само општина Гостивар да излезе на тромеѓето Албанија - Косово - Македонија.

Друго нема, бидејќи тоа е огромна територија исто коклу досегашната општина Јагуновце, и, со нејзиното приклучување општина Гостивар излегува на ова тромеѓе. Меѓутоа граѓаните што добиваат, им се отежнува нивното живеење, низ овие кои што се останати во тоа населено мето, притиснати од проблемите што ќе им ги создадете со овој таканаречен децентрализациски процес, исто повеќе да продолжи процесот на иселување, наместо како што има надеж дека ќе почне и во нивното населено место благодарение на општина Маврови Анови да го развива туризмот и да имаат тие можност да се вратат повторно на своите огништа да го развијат свото место во склопот на општината Маврови Анови.

Повторно ќе кажам почитувани претставници на власта и на парламентарното мнозинство. Доколку не сакате да оставите сомнеж дека нешто кроите во западниот дел на Македонија надвор од тоа што го зборувате, надвор од  етничкиот принцип дека не предизвикувате со вашите решенија етнички чисти територии, односно чистење на македонците од западниот дел на Македонија, ќе интервенирате и во овој случај и ова населено место ќе го припоите таму каде што природно припаѓа, бидејќи нели вие природно географските критериуми ги почитувате, нели ги почитувате инфраструктурните поврзувања на одредени населени места со општинските центри. Која е логиката да отстраните една ваква голема територија и да ја припоите кон општина Гостивар, ако упорно инсистирате да остане таа во општина Гостивар освен, значи излезот на тромеѓето Косово Албанија.

Навистина, доколку сметавте дека треба да работите на  мултиетничноста на Република Македонија ќе водевте сметка за опстојување на сите општини кои се погранични, а во кои мултиетничкиот живот навистина во овој период луѓето покажаа дека

имаат соживот, дека имаат меѓусебно почитување, огромна доверба како што е тоа во општина Вратница, ќе ја земам за пример.

Незнам зошто општина Маврови Анови решивте да ја приклучие со Ростуше иако тоа е еден неприроден спој кој повторно ќе кажам, почитувајќи го природно геогравскиот критериум го одлучивте и тоа наспроти сите наши дискусии.

Почитувани дами и г-да со сите вакви ваши неразумни, неаргументирани решенија кои не почиваат ниту на економскиот, ниту на демогравскиот, ниту на природно географскиот критериум, туку оставате самите простор за сомнеж дека оваа територијална организација што ја правите почива само на етничкиот критериум.

Јас навистина би се радувала доколку во наредните денови добиеме амандмани од Владата и за општините кои многу значат од стратешки интерес за Република Македонија, а кои се граничат со Република Грција кои имаат огромна територија, а мал број на население и се надевам дека конечно како државотворна партија, како државотворна власт размислете зошто не треба да се укинува и општина Конопиште, зошто не треба да се укинуваат и другите општини од Мариовскиот крај, не сакам да ги бројам, многу зборувавме за тоа, заради интересот на Република Македонија, заради поголемото искористување на огромните ресурси со кои располага државата, вие треба да направите се, дури треба да размислувате, со пакетот закони и финансиска децентрализација да им дадете многу поволности на овие општини кои значат многу за Република Македонија да можат да се развиваат, дали ќе им дадете концесии, дали ќе им дадете други бенефиции на граѓаните со цел да ги примамите и да примамите што поголем број на население, на невработени и со тоа да направите рамномерно да се распореди населението во Република Македонија со тоа ќе се искористат ресурсите што ги има Република Македонија и овие територии кои се од стратешко значење за опстанокот на државата кои се погранични општини ќе водите сметка како да ги развивате, како и понатаму тие да продолжат успешно како погранични општини да добиваат што повеќе проекти од ЕУ се со цел бенефитот да го имаат сите граѓани не само од општините од овој регион, туку и граѓаните на Република Македонија.

Почитувани дами и г-да, сето ова што се обидов да ви го изнесам, ме наведува на фактот дека оваа територијална организација е направена навистина сосема без

концепсија, без стратегија за иден сериозен развој на Република Македонија од која треба да произлезе оваа територијална организација.

Бидејќи немате стратегија за тоа во кои делови да го поттикнувате развојот на стопанството, развојот на екологијата, развојот на туризмот, тоа пред малку ви го кажував со стратешки значајние општини за Република Македонија кои се во Мариовскиот крај, општините кои граничат со Република Грција и другите погранични општини.

Немате стратегија кое ќе биде учеството на државата во поттикнување на развојот на овие општини, немате демографска стратегија, стратегија за рамномерен распоред на населението и искористување на ресурсите на државата, немате дури ни безбедносна стратегија за иднината на сопствената држава и сопствениот народ и затоа немаме сериозна анализа од која ќе произлезат сериозни аргументирани предлози за новата територијална организација на Република Македонија , но затоа сите граѓани заради вас го имаат овој закон со кој божем правите децентрализација, а направивте само метеж во државата.

Ве молам почитувани министри, почитувани пратеници од парламентарното мнозинство тргнете се конечно од политичкиот договор кој го направивте само заради опстојување на вашата коалиција, да не предизвикувате и понатаму далекусежни последици по државата Република Македонија, вратете се на постојните 123 општини, спроведете го процесот на пренесување на надлежностите од централната власт на локалните власти, дајте им преоден период во кој ќе се види кој општини може навистина финансиски да опстојат, кои општини можат да се носат со новите надлежноси кои ќе им бидат пренесени и на тој начин почитувани дами и г-да ќе им дозволите на локалните самоуправи сами да ви кажат кои ќе бидат нивните идни граници. Тие самите ќе ги исцртаат идните општински граници без никакви тензии најправилно и нема да им бидат наметнати решенија, нема да имаат одбојност кон нив, туку ќе бидат прифатени како нивни решенија, како нивна потреба врз основа на која ќе го градат својот иден развој.

На тој начин ќе покажете дека ги почитувате сопствените граѓани, дека работите за нивно подобро живеење, само така навистина ќе работите на јакнење и на соживотот и на довербата помеѓу етничките заедници во Република Македонија и само така ќе работите

на зачувувањето на унитарниот карактер на Република Македонија, а не за нејзината федерализација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прв за реплика е пратеникот Славица Грковска, повелете три минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Г-ѓо Бонева велите дека се прави централизирање и дека навистина не се сваќа процесот на децентрализација. Целиот ваш настап, можам да констатирам, точно е дека не сте го сватиле процесот на децентрализација. Штом можете да тврдите дека окрупнувањето на општините односно менувањето на нивната територија значи централизирање, вие навистина не сте сватиле која е суштината на децентрализацијата.

Тогаш е навистина оправдана кампањата на Министерството за локална самоуправа и преку флаери и на друг начин да се објасни на поширокиот круг ан граѓани кога ние се доведуваме во ситуација пратеник на кого му се достапни законите да може да свати кои се ингеренциите што ќе ги имаат новите општини да не може да ја свати суштината, тогаш што останува за останатите.

Лично мој впечаток од сите аргументи што ги изнесовте г-ѓо Бонева, со оглед на тоа што користите истите аргументи што ги корисетеШе ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија при дискутирањето за територијалната организација од 1996 година дека каков и да беше предлогот за територијална организација на Република Македонија, вашите аргументи ќе беа исти.

Претходно тврдевте дека треба да има 80 општини, дека треба да се намали бројот на општини, сега сметате дека треба 123 општини да останат, мислам дека треба да се одлучите за една стратегија и точно да ни кажете зошто и од кој аргумент е за.

Ако Чешиново беше на местото на Облешево ќе одевте во Чешиново да ги подгревате напорите на граѓаните во таа општина да се залагаат за нешто што можеби би требало да им се ојбасни зошто е така. Меѓутоа, проблемот е што вие ги поттикнувате таквите протести.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-ѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Дури сега ми е јасно зошто толку денови зборуваме упорно сакајќи да докажеме што е тоа што се грешело во моментот и што значи децентрализација, колешката навистина само потврди дека воопшто не го разбира процесот на децентрализација и токму заради тоа за нив е нормална работа селаните од Бродец да патуваат не како досега 25 км, туку 50 км, и тоа за нив не е процес на децентрализација, туку процес на децентрализација.

За тоа дали ние ги поттикнуваме граѓаните од Облешево, одете вие почитувана колешке и објаснете им на граѓаните од Облешево зошто неможат да имаат своја општина а јас само го бранам ставот дека секоја општина во Република Македонија од тие 123 општини и Чешиново и Облешево треба да си имаат своја општина и свој локален економски развој.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине заменик министер.

ЏЕВАТ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Сакав само една информација за многу почитуваната г-ѓа Бонева.

Што се однесува до барањето на граѓаните и органите на општина Облешево, денеска претседателот на Владата на Република Македонија г-динот Хари Костов и министерот за локална самоуправа г-динот Гештаковски оствариja средба со претставници на општината Облешево и со ова докажувам дека Владата не бега од граѓаните на Облешево.

Што се однесува до мотото на децентрализацијата да им овозможиме на граѓаните да одлучуваат за себе изгледа дека сите не сме го разбрале како што треба. Апелот на Владата е да им овозможиме на граѓаните да одлучуваат за себе, да не го одолговлекуваме овој проце за децентрализација и донесување на овој важен закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Џелили, три минути.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Ви благодарам г-дине претседател, г-ѓо Бонева,

Како секогаш дежурна за македонските прашања во западна Македонија понекогаш и за албанските прашаења на овие територии не само фрла страв и несигурност, туку според вас се е завршено, де е затворено.

Г-ѓо Бонева, тука се албанците, тука се македонците, турците и др, тука ќе бидат сите оние кои работат, кои живеат и создаваат и немаат потреба од вашите солзи, од вашата грижа, соллзите ги леете како летен дожд затоа што во западна Македонија има многу бериќет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Бонева една минута контра реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, јас не фрлам страв и несигурност, вие тоа го правите со новиот пакет односон со законот за територијална организација. Не е се затворено за мене, ако беше се затворено немаше толку денови да зборувам со аргументи за да можам да ве убедам дека реше нијата што ги нудите не се во согласност со процесот на децентрализација и затоа очекувам конечно од вас како припадник на парламентарното мнозинство да ги промените решенијата кои се во законот.

Токму заради тоа сметам дека не е се затворено и сметам дека нема и понатаму да не слушате тоа што го зборуваме, туку ќе гласате конечно да се промени ваквата територијална организација за доброто на сите граѓани од етничките заедници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Заев три минути реплика.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитувана колешке вчера еден колега на говорницата се запраша јавно од каде толку негативна енергија кај вас. Јас би рекол дека ја претеравте. Не ме интересира од каде е оваа голема негативност кај вас, туку ме загрижува тоа што со вашата негативност, со вашите тешки зборови со кои го напаѓате овој закон и овој процес ги поминавте сите граници и јас мислам дека станувате штетна за Македонија со ваква дискусија.

Свесни ли сте дека потикнувате национализам и омраза кај Македонците, а се залагате за соживот и мултиетничка Македонија.Свесни ли сте дека ги одвраќате

домашните и странските инвеститори зборувајќи за Струга и Кичево, а од друга страна зборувате за економски прогрес на Република Македонија.

Свесни ли сте дека давате сигнали за иселување на граѓаните, а велите дека сте загрижени за иднината на Македонија.

Свесни ли сте почитувана колешке колкава штета и предизвикувате на Република Македонија изигрувајќи овде загрижена опозиција наводно штитејќи го интересот на граѓаните на Република Македонија. Интересот на граѓаните е да се спроведе законот за децентрализација во духот на почитување на унитарниот карактер на државата, интересот на граѓаните колешке Бонева е конечно постигнување на договор меѓу Македонците, Албанците и другите етникуми во Република Македонија, за конечно да излеземе од оваа рамка наречена решавање на меѓуетничките односи и да почнеме да се занимаваме со други поважни прашања за граѓаниет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Бонева една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега конечно можевме да чуеме како еден ваш говор напишан за тоа колкав голем државен непријател е ВМРО-ДПМНЕ, и вашата колешка Силвана Бонева која подгрева национализми и која е дежурен виновник за севкупните состојби во Република Македонија.

Конечно време е да се отрезните и да видите дека тоа го прави вашиот закон, вашиот предлог на територијална организација на Република Македонија и одтаму е отпорот од сите граѓани и на оние кои припаѓаат на вашата политичка партија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Дојчиновски три минути реплика.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Колешке Бонева во вашиот долг говор,  не би рекол  инспиртивен. Се обидов да бидам статистичар. Терминот “навистина” го употребивте 87 пати. Сега ќе прашам која е вистината, бидејќи ќе ве прашам колку пати овој ист говор го повторувате во овие последни денови во расправата за овој закон.

Тафтализмот како форма не значи вистина. Таа е само наметната вистина и навистина ве прашувам дали со таков начин на говор сакате да ја убедите македонската јавност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Бонева една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Навистина ме изненадува што г-динот Дојчиновски наместо да ги слушал моите аргументи тој броел како што ја завршивте и територијалната организација со операција на бројки и правење на проценти за тоа која етничка заедница колкав процент ќе постигне и навистина жалам за ваквиот приод што го имате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Апостолов три минути реплика.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Пред да почнам со репликата би дал еден совет на колешката Бонева нека го земе стенограмот од нејзината дискусија па ќе види дека има само празни фрази. Нека си го прочита.

Би се задржал на два конкретни проблеми, што јас неможев да ги сватам.

Прво, со припојување на Сарај и Кондово бројто на жителие во Скопје би се зголемил за два пати. Не ми е јасно на кој начин и од нејзината дискусија сватив дека само Конопиште  границата е со Грција, само да ја потсетам дека Конопиште останува со Грција да граничи, но сега како општина Кавадарци.

Идејата за промена на територии и преселба на народи е од 2001 година, а таа идеја е нивна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Бонева еднаминута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Жалам почитуван колега за празние фрази кои ги искажавте дури си измисливте фрази, јас не кажав дека двојно се зголемува населението, туку територијата на Скопје и ќе ве упатам штом воопшто не сте разбрале што сум зборувала, моите аргументи уште еднаш да си ги препрочитате во стенограмот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Конечно крај на репликите.

Повелете г-дине Рамадани а пота нека се подготви г-динот Славе Арсовски.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Овие денови можеби малку подолго време во врска со територијалната организација на локалната самоуправа, бидејки говориме за овој закон, сум прочитал многу написи, анализи, многу автори кои ги почитувам, почнувајки од академици, колумнисти, публицисти и да ви ја кажам вистината, колку сум научил и колку сум видел разни размислувања, малку сум и збунет. Само од себе си поставувам прашања, кога јас како пратеник сум се збунил во оваа состојба, обичниот граѓанин, си поставувам прашање во каква сотојба тој се наоѓа?

Некој размислува дека со оваа територијалната организациј, еве, албанците се пред егзалтација и се е во ред и за нив е многу добро, додека овде губи македонската страна. Само размислете малку. Од 33 општини со седиште во градот, плус Скпопје 34-та општина, само во 4 општини постои можност, евентална и реална можност за да имаме градоначалник албанец. Ова го велам како илустрација, како еден аргумент јавноста да не ја замајуваме. Во Скопје, од 8 општини во рамките на градот Скопје две имаат можности, по реални можности да градоначалникот биде албанец, бидјеки во оваа насока многу се говореше.

Понатаму, размислувајки, јас самиот сум се потрудил да увидам каде оди овој концепт кој ни е сервиран овде. Анализирав, правам спореди, изнаоѓам слабости и т.н. Сум дошол до заклучок дека овој концепт, овој закон не е совршен.

Понатаму сум размислувал, доколку јас би бил во поинаква коалиција со партииите од опозициајта, каков концепт, каков закон јас би предложил со некое друго парламетнарно мнозинство? Правам сметки, горе-долу, некогаш и Господ нека ми помогне, повторно доаѓам до еден заклучок дека ќе има доста групи и доста политички партии, интересни групи, интересни индивидуи и со тој концепт нема да бидат задоволни. Незадовлство има ваму, незадовослтво има од другата страна. Но, застанав во моите

размислвуања и се прашав која е формата за да се изрази незадоволството, зборувам како опозиција. Како ќе се изрази незадовлството, дали е подобро на парламетнарен начин на достоинствен начин без колегијални омаловажувања и без да говориме за некој фитил, а не за закон што ни го има вметнато некој внатре кај нас и сега тој некаде си одмара на некоја плажа покрај море.

Јас признавам дека денеска, во една посурова реплика штоја имав со г-динот Кедев и тој многу добро ми одговори, јас после отидов и размислувам, дека и покрај тоа овде не се само пратеник да ги браниш интересите на албанците, така ми рече, туку си пратеник за да ги браниш малку пошироките интереси. Оваа сугестија ја прифатив и размислувам, читав во текот на викендот. Тоа беше една книга на Исмаил Кадаре и дојдов до заклучок дека секој од нас, од таму од каде што доаѓаме, треба првенствено да ги очистиме нашите амбари. Знаете што е амбар?

Јас гледам што нуди овој концепт? На почетокот, овој концепт, врз основа на законот, не врз основа на фитилите што прават раздор, дава една можност да се направи една интеграција во рамки и на ниво на локалната самоуправа меѓу граѓаните со различна национална припадност. Некој може да ми каже-г-дине Рамадани ти си бил 1996, овие работи не си ги размислувал? Јас ќе ви кажам дека сме размислувале во оваа насока. Но, тогаш што направивме? Со години, во една тогашна власт, социјалистичка и комунистичка беа запоставени селата и руралните делови на државата. Мислевме дека треба да им дадеме малку власт, за да ги ставиме во движење човечките ресурси и другите економсмки ресурси, да се подобри стандардот и инфраструктурата за едно подобро време да отпочне интигрирачкиот процес со урбаизираните центри. Но, сега, во една сосема друга состојба. Сакам да се потсетам, да ве релаксирам во овие нервози што се присутни овде , тогаш отидовме една делегација за Пекинг, имавме една конференција и јас им реков на нашите колеги доколку кинезите не прашаат колку милиони има вашата држава, нема да им кажеме колку милиони, но ќе им кажеме дека имаме 123 општини. Така , тие ќе мислат дека доаѓаме од некоја голема држава.

Дали јас имам забелешки? Да. Имам и јас забелешки. Моите размислувања, во консултација и со мојата партија, мислам дека некаде во неколку општини специфични илипак специфични средини добро е да се направи едно одтсранување од

интегирачкиот концепт, за да дадеме можност на неколку национални или етнички заедници да и тие, на еден начин го изразат својот идентитет преку јазикот, културата. Затоа не случајно имав и амадмани за Лабунишата за Житоше. Некаде и за некој добар развој на некоја општина како што  беше Џепчиште. Имам забелешки во однос на Гостивар и Маврово. Ресурсите, површината, населението, тоа не кореспондира со сето тоа што е  присутно на теренот.

Но, овие забелешки, секогаш сум размислувал дека како опозиција во суштина конструктивно треба забелешките да ги кажам овде на оваа говорница, во разговори со тие кои го предложиле овој закон, а не да правам чекори што во последна консеквенца држават ја венсуваат во еден многу провокативен политички амбиент и после прогнозите да нибидат мрачни.

Еве, ќе ви кажам уште еден пример. Денеска, заедносо потпретседателот, како пратеник на зоната, г-динот Хисни Шакири не поканија во Општинскиот совет на Арачиново. Таму имаше големо вознемирување во однос на прифаќањето на еден амандман од мојот колега Коце Трајановски. Вознемирувањето зафати стразмери за кои што треба навистина многу да говориме. По можност, да го корегираме тоа, бидејки ќе излезевме со принцип на нарушување на тоа што го имавме како принцип и се ангажиравме на една мината седница да создадеме услови и состојби за враќање на граѓаните, на моите сограѓани македонци во Арачиново. Со амандман и на админситративен начин ние, не ние, туку претставникот или координторот на ВМРО-ДПМНЕ зема едно македонско населено место, со присуство на минситерот, го припои кон Гази Баба односно кон Скопје. Го растури и тој процент, колку и да е мал на македонците во Арачиново, за да го изгради тој проект тој интегирачки проект за кој што многу пати сме разговарале и многу пати сме го рекле тоа. Што е уште полошо жителите на Брњарци никогаш немале референдум, не одржале референдум за да се одалечат од општина Арачиново, па со нивниот атар сега земаат 200-300 куќи од Арачиново заедно со Брњарци и се носат во општина Гази баба.

Ова е нешт0 нелогично, без некој географски аргумент, комуникациски врски и нешто друго, но само да се наруши тоа што претставува соживот и со дејствување во

рамките на оваа општина. Јас се надевам дека овде ќе имаме разбирање и покрај тоа ќе ја корегираме и Макеоднија.

Многу малку говоревме, ако децентарлизацијата се случи побрзо, односно се случи првиот чекотр на Конфучија, шт ќе добиеме? Многу ќе добиеме. Верувајте ми, многу добра шанса за развојот на Македонија е што побрзо да се случи децентрализацијата. Бидејкаи во рамките на локалната самоуправа ќе дојдат во израз човечките ресурси, како прво се што е човечки квалитет ќе добијат должности и обврски да им одговарат на истото место, на своите граѓани кои ќе ги гласаат. И тука, многу полесноим е на граѓаните да гиконтролираат на едне начин своите раководители во рамките на надлежностите на локалната самоуправа . Тука, камерата ќе биде секогаш присутна.

И, подобро се сузбива криминалот, подобро се сузбива сето она што значи негативна работа, се разбира доколку финкционира и тоа добро да функционира локалната самоуправа . Вие гледате дека сме дошле во една состојба, каде на дилерите на дрога треба да им ставиме уште фискални каси?! До таа состојба сме дошле.

Треба да се даде шанса да има локална власт, бидјеки има многу реални шанси да го нарпавиме ова. Тие кои ја направија децентрализацијата, малку претходно, можеби и побрзо, со грешки што ги гледаме, за три пати ја зголемија стапката на развој. На пример, прашајте за Романија, какви добивки имаше во развојот по децентрализацијата, како држава која и покрај тоа, по стандардите може да се спореди со нас.

Но, зошто со грешки, со двоумења ги ставаме граѓаните. Незнам дали сте забележале почитувани колеги, доколку сакате да ме разберете, често пати овде се случува и насловот на законот намерно да се чита погрешно. Закон за територијална поделба, а вака не пишува ниакде. Само кај граѓаните да посееме забуна и да им кажеме дека нешто се дели , ги доведуваме општините во состојба помеѓу себе, граѓанинот од една општиан во друга, можеби сме го забуниле толку многу што тој мисли дека ќе му треба и пасош за да оди од една во друга општина, па дури и некој мисли дека му треба виза. До толку сме ги ставиле во заблуда нашите граѓани.

Јас незнам зошто имаме вакви големи фрустрации. Луѓето се повикуваат во име на народот и некој не се секира за ништо. Овде нема ниту еден пратеник, а зборуваат во име

на народот. Ѓавол нека го земе, но не само шт не збуниле нас, туку ги има збунето и граѓаните.

Зошт толку ниско паѓаме и каде е интересот да се манипулира со граѓаните? Зошто не ги објасниме работите пред граѓаните, пред нашето гласачко тело шт го презентираме овде во ова Собрание? Зошто цената на враќање на власт ја носиме до едно ниво да некој ни прогнозира и нови конфликти, вие сте слушале и сте прочитале, од разни меѓународни центри, економисти, разни списанија, весници. Зошто работата ја доведуваме до таа состојба за да се вратиме на власт или да ја одржиме власта, цената е толку висока .

Дали знаете дека тогаш, кога до максимум го одвојуваме, ги распарчуваме луѓето со разна партиска припадност или национална припаднсот, тогаш ние создаваме состојба територијалната организација точка на вниамние да биде и поделбата. Јас, ви порачувам да не се занимавате меѓусебно толку многу. Во овој случај македонска опозиција и македонска позиција. Кој ќе биде поантиалбанец или против јазикот тој ќе биде поголем патриот?! Ова е голема грешка. Натпреварот треба да биде поинаков. Која е таа партија или таа групација што ќе соработува подобро со албанските субјекти, да знаете тука е заедничката добивка за оваа држава за која се сремиме да ја направиме подобра и по демократска.

Многу пати ги ставаме граѓаните во една ситуација, доколку настане овој концепт ќе ви бидат иземени привилегиите, ќе стане некој друг претседател и тој друг сито потоа ќе се однесува со нив што е можно полошо и т.н. и т.н. Доколку го храниме ваквиот начин на мислење, верувајте ми дека не можеме да очекуваме ништо добро.

Имаме многу маку позитивна енергија. Зошто не ги почитуваме оние луѓе за кои мислиме дека биле паметни и дека оставиле големи и паметни зборови? Доколку некој , уште многу рано, на приемр Гоце Делчев рекол дека “светот го разбирам како поле за културен натпревар меѓу народите” зошто не ја насочиме кон тој културен натпревар и во тие општини каде тоа да создадеме меѓу народите и националните заедници.

Демократсите прогресивни сили, јас суму беден и тука сум слушнал од говорницата, ќе им кажат на другите не, на оние што ја подигаат тензијата, прават поделби и создаваат магличава состојба. Не треба да се правиме многу проблематични,

во еден многу проблематичен регион. Се повеќе и повеќе од оваа говорница некој пласира проблеми за да создаде и други проблеми.

Тоа јас ќе го илустрирам со примери. Дали гледате дека во последнно време, во последниве години ниедна манифестација ни годишнина што се прави, било за АСНОМ, било за Илинден не се прави онака како што треба да биде направена. Многу полошо отколку што треба да се направи. Кој кого исфиркува, кој кого провоцира таму. Мислите дека вие првите, оние што ги имале тие идеали, ги сакаат ваквите однесувања. Слушнав една изјава на академик Катарџиев, вака ја опиша оваа ситуација. И, некогаш треба да застанете и да помислите зошто ги правиме овие однесувања. Секогаш пред меѓународниот фактор и пред оние со кои живееме заедно не треба да се продолжува и да се прави иле кон другите затоа што ова се гледа, а јас многупати сум ви рекол секогаш сме под мориторинг и тој е секогаш отворен.

Меѓународниот фактор доколку не удира малку по глава, не удира да не освести, а не да не стави во нокдаунг, значи да дојдеме насебе. А, овие сугерирања ние ги земаме како да се злонамерни. Тука слушам и некој ќе рече што имаш сега со нас. Тоа ќе го рече некоја групација, политичка партија или парламентарна група. Не ме разбирајте погрешно почитувани пратеници на ВМРО, јас сум убеден од овие години што сме тука заедно и го велам со потполна одговорност дека вие не ја сакате Македонија повеќе од оние на СДСМ. Дотолку повеќе треба да се постави прашањето, ја сакам Македонија а другото прашање е, да ја сакаме Македонија, како да ја сакаме. Ова е многу значајно. Треба да знаеме како да ја сакаме Македонија и тогаш да го изразиме патриотизмот, за кој што јас реков дека има нова дифиниција сега, без затворање во себеси.

Доколку некој мисли дека ќе ја сака Македонија повеќе, но без албанците тогаш прави голема грешка и сите жици се мешаат. Тогаш без албанци, Македонија што ќе остане без албанци нема да биде Македонија. Ова сме го рекле, сме го повториле многу пати, го велиме со голема одговорност и тука треба да се размислува многу добро во овој правец да не станеме докрај рационални. Начинот на искажување на незадоволството јас навистина не го разбирам. Како е можно да се организираат линчови, да се организираат група на луѓе пред куќите на вашите колеги пратеници, да им извикуваат навреди, пцовки

и на нивните семејства во исто време тргнувајќи од претседателот на Парламентот стигнувајќи до многу други колеги. Не се изразува ваква незадоволството за некој закон или пак група на закони. Тоа е многу ниско ниво,. И, доколку имате таков претседател на општината кој што ќе ви рече дојдете и блокирајте ги куќите на оние што мислат поинаку за некои концепт или за некој закон верувајтеми ова е многу лоша работа. Не е работа која што ќе ја поздрави било кој, кој што ќе има бар малку човечко во себеси.

По некој пат и од временска дистанца се јавува недоразбирање и јас неможам да ги разберам, можеби незнам, можеби толку можам да разберам, честопати сум слушам дека ВМРО-ДПМНЕ, повеќе го подржува да речеме Ченто, еве се поврзувам со АСНОМ. И јас кога еден ден прочитав иако сум знаел нешто, разбрав тој бил човек прозападен и сакал Македонија да биде во проамериканската и прозападната сфера. Тогаш тој истиот што е лидер и можеби почесен лидер е против западот и против Америка, а сака да има континуитет, историски континуитет со таа групација која што била прозападна. Јас не ги разбирам овие работи и јас го почитувам движењето кое што се формираше пред неколку дена. Тоа е една структура кон која треба да се има голема почит, Да не мислите дека незнаеме дека не треба да се почитуваат.  Таму има капитал, интелектуалци, одговорни луѓе и јас неможам да ги одречувам до крај затоа што сепак тоа движење може да помогне владината коалиција и парламентарното мнозинство да се опорави од економски аспект во она што е инвенција, креативност.

Меѓутоа, што се однесува до етничкото прашање и тие треба да бидат внимателни или подобро да речам меѓуетничкото рамниште. И, кога гледам она што не очекува, предизвиците што не очекуваат подобро е да сме хохезивни меѓу себе како етнички заедници затоа што вие знаете дека не очекуваат тешки работи, големи работи. Утре ќе се отворат некои работи околу името на државата, работи кои што бараат да имаме дипломатско знаење, работи кои што бараат пред се кохезивност во нашата средина. И сето ова доколку го земеме како ситуации во кои што треба да си помогнеме меѓу себе тогаш не го потценувајте ни еден политички субјект или групација, затоа што сите можат да го дадат својот придонес за да излеземе од она што го имаме сега актуелно како криза. Меѓутоа се надевам дека нема да биде една длабока политичка криза за да не можеме да знаеме да излеземе и од вакви ситуации, затоа што и ние во албанскиот

политички кампус имаме вакви проблеми и разговараме. И, ние албанците тука ги држиме во една тензија дека повторно доаѓа март, не ги оставаме да бидат креативни и да работат во нивните општини импонирајќи им ги ситуации кои се сепак непродуктивни.

И на крај ќе завршам. Реков една реченица за новите политичари, ги имам пред себе неколк у имиња што ги спомнав пред некој ден и сега одам уште малку подолу и тука ќе завршам затоа што можеби на моменти бев и патетичен поради сериозноста на целата ситуација кон ситуацијата, а адолесцентите знаете каков рефрен на песната ја пеат тие знаете ќе ви ја речам на македонски тие велат.Македонијо татковино наша нема да те оставиме да бидеш сиромашна, Така велат тие, Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, одиме понатаму.

За реплика се јави господинот Коце Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, потпретседателке, со оглед што бев за тоа споменат, би сакал да реплицирам на колегата Исмет Рамадани, значи се работи за мојот амандман со кој што населеното место Брњарци се припројува кон општина. Гази Баба. Причината поради која што го поднесов амандманот Е повеќето од 300 потписи од населеното место Брњарци, тие немаат референдум, имаат одлука од месна заедница и потпис на жителите на село Брњарци. Јас како пратеник од изборна единица 2 нормално треба да се грижам за тие луѓе доколку изразат желба за да им помогнам.

Зошто сакаат тие да бидат во Скопје во својот допис до мене е многу едноставно. До 1996 година беа во Гази Баба, тие работат во Скопје и во Гази Баба, нивните деца учат во основно училиште во Гази Баба, а не во Арачиново, за средно да не зборуваме, во градинка ги носат исто така во Гази Баба. Тие се поврзани со општина Гази Баба секојдневно, комуникациски и било како. Според тоа сметаат дека со потписите што ги давале упорно од 1996 година наваму, значи 8 години тие бараат да се исправи неправдат, со оглед на тоа што уште тогаш тие барале да останат во рамките на општина Гази Баба, и сметаат дека со ова е исправена неправдата во 1996 година и поради тоа е поднесен овој амандман. И, благодарност на министерот што го прифати овој амандман.

Инаку, што господинот Рамадани зборува дека ние ВМРОвците ја сакаме Македонија, меѓутоа без албанците, би сакал да му кажам, сум му кажал и друг пат, јас во мојата изборна единица 2001 година имав и албанци и ги заштитив и се трудев тие меѓуетнички односи да не зовријат онака како што зовреа во местото од кое што потекнува господинот Рамадани. А, колку тој се грижел во Арачиново да не настане таа тензија јас мислам дека самиот треба да објасни . Значи, никогаш не сум рекол кога се работи за општина Петровец каде што има и албанско население така да секогаш сум се грижел кога сум бил пратеник таму и понатаму ќе се грижам, направена е пошта, направена е амбуланта со мое лично големо ангажирање. Тоа село е мислам дека повеќе од 50% со албанци, а останатите се бошњаци. Така да воопшто нека не се прават етикети ако се мисли на мене или воопшто на партијата, мислам дека не држи тоа, бидејќи од местото од каде што потекнува во Арачиново, напротив во 2001 година се направи буквално етничко чистење. И, треба да се објасни зошто неможат да се вратат раселените луѓе во Арачиново. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господине Рамадани, Повелете.

ИСМЕТ РАМДАНИ:

Почитуван колега Трајановски, воопшто не е вистина дека населеното место Брњавци, тие граѓани се поблиску до Гази Баба и Скопје отколку тие од Арачиново. Мери како сакаш и со хеликоптер и по земја, не е така.

Понатаму не вистина дека на Брњавци му е направена неправда и ова не е неправда, во суштина и општина Арачиново беа во рамките на општина Гази Баба кога беше и самото Брњарци. Брњавци и Арачиново имаат воздушна линија од 300 до 400 метри раздалеченост. Додека со Скопје и Гази Баба знаете многу добро колку се далеку . Но, знаете овде има еден друг проблем. Проблем е дека вие сте контрадикторни, дека на аминистративен начин со амандман ги остранувате македонците од село Арачиново, и ја нарушувате националната структура во Арачиново само за една состојба која се случи за која вие размислувате дека никогаш нема да се подобри, а јас се ангажирам за сосема нешто друго, јас знам дека се случило, но и покрај тоа треба да се надеваме да направиме подобро за сите да живеат заедно.

Што ќе им кажеме ние на граѓаните македонци од Арачиново, како да се вратат тие во Арачиново, кога граѓаните блиску до нив, нивните сограѓани административно сме го довеле во Скопје во Гази Баба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со дискусија. Има збор господинот Славе Арсовски. Повелете.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, претставници на Влада колеги пратеници , ќе се трудам да не повторувам некои тези кои што и досега се изнесоа, да не елаборираме по истите.

Еве јас сам незнам кој ден е по ред, единаести, дванаести, петнаести, за кој расправаме за еден многу битен закон, Законот за територијална организација и повторувам Законот за територијална организација иако упорно претставниците на опозицијата го менуваат насловот и викаа Закон за територијална поделба. Мене совршено ми е јасно зошто го викаат тоа така. На истото ќе се осврнам малку подоцна. зошто така се настапува. Во овие изминати денови, се изнесоа разни тези, мислења, ставови и предлози во врска со самиот закон, издржани или неиздржани некои во крајно спротивставеност некои исклучиво за политички маркетинг, со огромен популизам кај, за жал, може да доведе до долгорочни негативни последици за сите граѓани на нашата земја, без разлика на етничката, верската, политичката припадност.

Прво што сакам да истакнам и навистина граѓаните изворно да се информираат дека со овој закон се уредува територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, се определуваат видот, местата, седиштата на општините итн. Но, никако со овој закон не се одредува прашањето за децентрализација на власта што упорно го поврзуваат со ова прашање, дека фактички немаме децентрализација на власта, со овој закон ќе имаме фактички централизација на власта.

Децентрализацијата на власта, односно пренесувањето на надлежностите од централно на локално ниво, што се надлежности навистина огромни и се прелеваат на локално ниво, се регулирани и со законот, донесениот Закон за локална самоуправа што

го донесе минатиот парламентарен состав со консензус и со кој закон децидно се регулираат сите надлежности на локалната самоуправа и од областа на здравството и од образованието, комуналната свера, социјалата, спортот итн.

Значи, тука сда расчистиме, навистина граѓаните се во заблуда. Не ми е јасно дали со овој закон се прави централизација, децентрализација, ова е закон за територијална организација. Надлежностите се дефинирани со Законот за локална самоуправа. Некој спомна, ние како пратеници го имаме, го знаеме и кои се надлежности се пренесуваат од централно на локално ниво.

Во тој контекст, да ви кажам искрено, да направиме ид 200 општини и 250 општини и 123 како што се залага опозицијата, ако со тој закон за локална самоуправа имаме надлежности не се пренесат на локално ниво, ќе немаме децентрализација односно ќе имаме ваква локална самоуправа,. со вакви надлежности што фактички ги имаме. Тука сега се поставува клучното прашање, дали со вакви надлежности што со овој закон за локална самоуправа се предвидени, дали новите општини можат истите успешно да ги издржат. Дали истите ќе одговорат на прашањето или потребите на граѓаните, дали вистински ќе станат сервис на граѓаните. Тука е прашањето. Дали и тие, во тој контекст ќе одговорат на ова крупно прашање.

Ние, кога ја имавме амандманската расправа често слушавме дека општината бар направила улици, направила патишта, другата општина направила здравствен дом итн. Никој не го постави прашањето со кои средства е тоа направено? Колку сопствени средства тие собрале да го направат патот, да го направат училиштето, да го направат здравственот дом? Знаете дека тие средства се предвидуваат претежно од централините фондови или од фондации меѓународни. Тоа е фактичката состојба. Сопствени средства не собираат, односно немаат.

Од тие причини токму тоа клучно прашање, новите општини, помалите ќе одговорат на тоа прашање. Да ви кажам, јас потекнувам од една таква рурална општина. Тоа е општина Србиново. Ако размислувам локалистички, прв ќе бидам да остане општината. Реално, треба да се види економски. Таа општина не може да опстане. Економските ресурси со кои располага и врз база на кои треба да се приберат тие средства, дали по основ на данок на имот, дали по основ на такси итн, како што е

предвидено во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде што општините треба да ги прибираат тие средства по основа на овие даноци на тие ресурси што ги има таа општина, нема услови истите средства да ги прибере и едноставно да одговори на потребите на граѓаните.

И сега требаше упорно да поднесам амандман, не, општина Србиново мора да остане, затоа што јас сум од тој дел и на тој начин требало да остане, запоставувајќи ги сите овие критериуми, односно фактори кои што треба да влијаат врз успешно егзистирање, односно одвивање на самата општина. Според тоа, според мене, а вие знаете и според други, посебно оние експерти кои што се надлежни и кои што ја знаат оваа проблематика оптималниот број по сите оние параметри кои што се правеле во Македонија, тој оптимален број на Општини бил некаде 80-85 опоштини. И најголемиот експерт покојниот Панов во своите анализи кои што ги правел уште во 1996 година дошол до констатација дека на Македонија според сите овие критериуми одговара некаде 80-85 општини. Јас ќе ја потсетам опозицијата, оваа расправа за оваа територијална организација започна некаде во декември - јануар месец со оние првични разговори. Тогаш веќе имаше преговори помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и добро се сеќавам тогаш Владата излезе со првични некои проценки дека на Македонија ќе и одговара некаде максимално до 60 општини. Најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ излезе со став дека на Македонија и требаат 80-85 општини по сите нивни анализи. Тоа беше ставот. Негирајте го, ќе ги најдеме сите изјави, состаноци итн. И сега кога помина првата фаза кога Владата веќе излезе со предлог врз база на тие анализи дека може во Македонија да егзистираат 80 општини, по првиот предлог имаме 80 плус амандмански уште три или четири општини, 83 општини. И сега се реферира во ставот е не, не 83, ние сега бараме 123 општини и што е уште поголем парадоксот. Јани добро го елаборира, бараме 123 општини концепт, а ние како Парламент го имаме тоа право да се поднесат амандманите од 123 општини. Вие не поднесовме амандмани за 12 општини. Значи, вие не сте за 123 општини. Вие сте за 110, или 111 општини. Ако бевте за 123 општини ќе поднесевте амандмани, ќе се расправаше за 123 општини. Не поднесовте амандмани. Значи, во тој дел вашите дискусии нема да се третираат како дискусии од дневно

политички маркетинг, добивање на политички поими базирани на една опасна теза, а тоа е тезата на етничност, делба, поделби, преселби, национализам, на наши и ваши и тоа посебно кажуваат пратениците од опозицијата и тоа оние пратеници за жал кои што никогаш не биле во тие простори. Не да немаат право како пратеници да дискутираат, но да дискутираат за простори каде што никогаш не биле, тоа се апсурдни ситуации. Пратеници од Струмица, пратеници од Велес, пратеници од Штип дискускутираат за Западнот дел на Македонија, а не знаат каде е, не го знаат селото Нераште, не го знаат селото Дуф, не го знаат селото Железник. итн. Исто како јас да дискутирам за некое струмичко село во кое што никогаш не сум бил, на пример дека Куклиш  треба да остане. Јас не знам Куклиш каде се наоѓа. Јас изнесувам факти и врз база на тие факти ние треба да размислуваме.  Тие пласираат една друга теза каде што каде што во преден план оди нешто друго, во западниот дел, тоа се политичките поени по основ на етничност, на национализмот, различните етникуми што живеат таму итн. Мислам доста не фер однос. И на крај скоро сите гледате дискусии се сведуваат во глобала на три проблеми. Сите пратеници дискутираат Струга, Кичево, Скопје она што претходно го кажав она што се лоби политички, мора кај обичните граѓани пали тоа да ви кажам искрено, можам моментално, долгорочно е прашањето и тоа како ќе пали Струга, Кичево, Скопје. Се разбира ширејќи ги тука тезите за заплашување, национализам, иселување, не од аспект тоа го правите дека сте вие големите патриоти, а ние сме малите патриоти. Патриотизмот ваш ни е добро познат. Со вашето владеење бевте на власт 1998-2002 година, само јас би поставил едно друго прашање сега. Зошто од вас никој досега не го споменува Тетово, Гостивар, Дебар и Ростуше. Никој не го спомнува, не го спомнувате од тој аспект како што го спомнувате Кичево, Струга, или Скопје. Дали знаете вие на овие простори колку Македонци живеат, да ве прашам вас? Сигурно не знаете. Јас ќе ви кажам дека на овие простори живеат над 70 илјади Македонци, повеќе сигурно и од Кавадаречко и од Гевгелиско. Не, не го измислувам тоа, тоа се фактички званични пописни резултати, од 1994 и 2002 година, а зошто не го спомнувате ќе ви кажам и зошто? Затоа што токму вашиот бивш или сегашен и вчера спомнав, и секогаш ќе спомнуваме, ние од Западниот дел на Македонија, почесен лидер, како и лидерот на Либералната партија, не е тука, а во 2001 година едниот премиер, другиот претседател, безрезервно ја поддржаа

понудената карта за делба на територии и преселба на народи, а ние Македонците според тие ступидни идеи, тој дел каде што не го спомнувате, никој не го спомна, Македонците таму ви кажав дека сме 70 илјади, требало да се иселиме некои во Катланово, некои во Кумановско итн, и никој од вас, ајде да чујам и ќе ви верувам, никој од вас не се огради од таа идеја, дали стоите зад идеите за таа територијална поделба во почетокот кога кажав, се работи за територијална организација, а вие го користите терминот поделба, дали се оградувате од тие идеи. Јас ќе прекинам сега со дискусијата, да речете: не ги поддржуваме. Македонците треба да живеат од Гостивар, Тетово, Дебар, Ростуше, дали се оградувате, или не? Такви идеи на сите нас ни е јасно дека се злосторнички. Пред некое време пишуваше Колумна бившиот лидер дека Македонците ќе добиеле огромни цени да сме ги послушале во 2001 година, за имотите. Вие разбирате една работа дека таму каде што се родил, има ли цена да се плати, ајде кажете? Дали има некоја цена што може да му се плати за местото каде што е роден и живеел 60, 70 и до 80 години. Одговорете на тоа прашање. Па нема цена. Никој не може да не истера од таму каде што сме родени. Ние би се иселиле и 2001 година ни беше најтешкото. Во 2001 година кога доаѓаа емисарите. Некој вчера спомна колешката Силвана Бонева спомна, вие Македонците од тој дел ги одвраќавте луѓето да одат во одбрана на земјата. Цинизам. Поголем цинизам не постои. Вашите првенци од вашата партија кои што беа началници и директории ја промовираа идејата, па ги фатија торбите и заминаа, ама народот остана. Тоа беа мала група на луѓе. Не бегаа луѓето. Тие ги формираа таквите идеи. И сега кажувате Струмица, а вие не излеговте. Е тие дојдоа во Гостивар, Србиново, Врапчиште да бранат, или да не бранат. Дајте ве молам такви идеи и такви поделби не ни требаат. Во тој контекст сакам да ги спомнам и експертите кои што директно, или индиректно се вклучени во оваа територијална организација и да кажам од некои сум не разочаран, туку и фрапиран со нивните тези и невистини што ги пласираат. Мене не ми е чудно Латас што информира така како што информира. Таа е комерцијална телевизија, работи на профитни основи и ќе информира за да ги гледаме. Мене ме чуди кога учествува некој експер и на таа телевизија ќе пласира такви невистини. Пред некое време т.н. експерт професор доктор Билјана Ванковска на телевисија Сител учествува и го поставуваат прашањето токму за оваа територијална организација. Таа рече: да ви кажам

искрено Гостивар етнички е чисто за жал. За жал тоа ќе се случи сега во Кичево и Струга. Во 1994 година во Гостивар живееле 21060 Македонци. Во 2002 година живеат 22760 Македонци. 1500 повеќе Македонци. Јас ви тврдам во последниве 10 години не се иселени 50 семејства. 50 семејства сигурно се преселени и од Струмица и од Битола и од Штип итн. Како можеме ние да пласираме таква идеја. Експерти дека дебатираат врз база на податоци, а не да дебатираат врз база на заплашувања. Ние знаеме да живееме со комшиите и Албанци и Турци и Роми и Срби итн. Ние го знаеме тој соживот. Не треба да ни се наметнуваат од некои, оние кои што не живееле. Опасни тези. Во тој правец, сакам да истакнам. Знам, можеби не е времето. Ние во последниве 20 години сме имале градоначалници условно кажано и Асановци и Петковци, имало и од едните домаќини и од другите домаќини. Но, за жал имало и од едните недомаќини и од другите недомаќини, па често пати се вели, крадци се што не мислат за државата. Можеби ќе дојде времето кога ќе се избираат првите луѓе во општината кои што треба да бидат сервис на граѓаните каде што ќе одлучуваат квалитетите на личноста, а не дека се викал Асан, или Петко, па сега тој ќе биде, ама тој е крадец. И сега имаме такви градоначалници. Ние имаме градоначалници кои што беа на терен, од рурални средини кои што поминале по 100 илјади километри годишно. Тоа со државни пари платени. Си ги носат семејствата во Скопје, си се враќаат.

Тука би сакал нешто да кажам околу референдумот. Тоа е демократско право. Но друго е прашањето дали граѓаните правилно беа информирани за одржаните референдуми, кои се нивните права и обврски на тие граѓани за тие претежно во руралните општини. И во првата фаза дискутирав и во втората. Еве ја економската анализа за Тополчани, економска анализа која што нема здрава логика со економска анализа. Оваа анализа е специфична за средно вековно време каде што предвидувале плаќале патарина, цркварина, и на друмарина што се не за да соберат пари. Оваа територијална организација е врз ба за на овие услуги треба да егзистира. Ние имаме трета точка на дневниот ред од пакетот за децентрализација, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа каде што е предвидено што треба кои даноци треба да се плаќаат. Условно ова го кажувам си предвиделе и луѓето таму да плаќаат по 50 евра по хектар обработлива површина. Таа сиромаштија таму кога ќе им кажеш дека 50 евра

треба да платат и нема да гласаат. Овие се факти, овие се документи кои што вие ги имате и јас ги имам и треба да ги кажеме.

Во однос на јазикот најповеќе се употребува, посебно за градот Скопје. Лично сметам дека се она што е предвидено во Рамковниот договор преточено во Уставот па нормално треба да се применува, па и да не е предвидено, што смета јазикот. Што вие сте побогати од мене што јас го разбирам албанскиот јазик. Побогати сте? Не сте побогати и тоа никому не треба да му смета. Мајчин јазик, ќе си го употребуваат, за таква средина се работи. И што толку аверзија. Па Даневски вика, јас сум против двојазичноста. И овде се зборуваше, ајде да зборуваме за принципите. Овде минатиот парламентарен состав го донесе Деловникот за работа на Собранието каде што е предвидено употреба на албанскиот јазик. Во ноември 2002 година кога го конституиравме Парламентот. Ајде сега читајте дали тоа ви се принципите и дали така мислите да градите иднина на државата. Кога ќе почне да зборува првиот Албанец, масовно пратениците излегуваат од салата, еве и сега излегуваат, не го слушате. Кога ќе почнеше да зборува Македонец, сите се враќаа. На што личи тоа? Си играте со чувствата на граѓаните. Во тој дел ние сме измешани и така мораме да ја градиме оваа држава. Тоа е иднината, која е иднината? Оваа Влада и ние пратениците од ова парламентарно мнозинство сме за овој концепт. Вашиот сеуште не го разбравме кој концепт. Навистина ние концептот не го знаеме. Ако ви е концептот војната, кажете ни го тој концепт. И сигурно се средени внатрешни односи. Со средени внатрешни односи имаме таква е структурата, тука живееме, со тие луѓе живееме. Патот кон евроинтеграцијата ќе биде побрз и полесен. Нема да биде полесен патот, се собрале таму во Гостивар правеле блокада. Од 20 илјади Македонци, 40 Македонци од ВМРО. Во овие две години што се врати довербата прв пат влезе странски капитал, турски капитал. Ќе дебатираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам излагањето да ви биде излагање, да не се претвори во дијалог.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Токму во тој правец е, затоа што нови односи се градат овде. Никој не оди на поделбата.

Дојдете господине Оровчанец во Гостивар ќе прошетаме, сите претпријатија работат и тие што во 2002 година беа под клуч како што се Жито Шар, Јавор, Силика, Готекс сите профункционираа, влезе капитал од овде, од Турција, од Италија Јас го кажувам индустриското производство на ниво на Гостивар, не кажувам на ниво на држава.

Да ви кажам искрено вие колеги од опозицијата не бирате средства што побрзо да се вратите на власт, тоа е јасно на секого, бидејќи максимално ги искористивте бенефициите од власта од 1998 до 2002 година. Кога шофери ќе станеа банкари, па и меѓу вас пратениците толкави станови ќе добиевте од државата, кога некој ќе стане сопственик на претпријатие. Од каде тие привелегии. Па нормално не бирате средства и го најдовте погрешното средство, играте на националната карта. Тоа не пали, не оди, ви кажувам искрено не оди таа радикална опција што вие ја застапувате. Не е иднината на Македонија на тој начин ако сакате да се вратите и го кажувате дека народот ве мрази, рејтингот ви е паднат. Дајте да ја прекинеме оваа седница, знаете колку чини една седница на Собранието со овие јалови дискусии. Ако ни е паднат рејтингот дајте да ја прекинеме седницата, да го усвоиме законот и да одиме на избори. Народот ќе не казни нас ќе ве награди вас, тоа е идеално, зошто ја одолговлекувате работата. Ние овој концепт го браниме, исправен е неисправен, народот ќе каже. Благодарам.

(Дискусијата беше пропратена со бурен аплауз).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со реплики.

Прва е госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Можеби и јас би му честитала на колегата Арсовски затоа што точно ја потврди онаа теза дека Предлог-законот за територијална организација воопшто не е дел од децентрализацијата. Тоа е теза што опозицијата ја тврди уште во првата фаза и во сите овие маратонски расправи дека територијалната организација нема врска со децентрализацијата. Дека децентрализацијата е таа што треба да ја детерминира

територијалната организација, а не обратно. Тоа го потврди колегата иако неговата Влада упорно турка дека ова е дел од пакетот за децентрализација. Сега мислам дека работите се појасни.

Колегата рече токму вака клучно прашање дали општините ќе одговорат на децентрализацијата. Тоа е за што се бори опозицијата дали овие 123 општини ќе одговорат на децентрализацијата, ако не, во иднина ќе ги корегираме или ревидираме, како сакате. Процесот токму така требаше да оди колега Арсовски, вие тоа многу добро го кажавте.

Понатаму во вашиот говор малку се загубивте, прескакавте од тоа колку пратениците имаат право за ова или за она  општина да говорат, дали пратеник од Струмица или Радовш има право да говори за Тетово и Гостивар, јас мислам дека секој има право да говори за секоја општина, затоа што ние сме пратеници во Собранието на Република Македонија , па се префрливте на  патриотизмот, па кој колку е патриот, поголем или помал македонец и влеговте во една конфузија.

Меѓутоа, јас би ве прашала само една маленкост околу патриотизмот. Колега Арсовски дали барем малку беа навредени вашите национални чувства кога пред од прилика десетина дена беше запалено македонското знаме во вашиот град.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Арсовски повелете.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Ќе одговорам иако не заслужува одговор, ќе почнам со последното. Прво, не знаеме кој го запалил знамето. Многу битна работа. Тешко на секој македонец и мене ми паѓаше кога јавно гледавме на еден Илинден кога се газеше македонското знаме, дали се сеќавате, бидете сигурни дека тешко ми падна.

Второ, јас ви кажав зошто некои општини не можат да опстанат и кажав зошто мојата општина не може да опстане. Сигурно дека не можат да одговорат на новите надлежности. Се менуваат и во квалитет и во квантитет, тука треба да бидеме на јасно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следна за реплика е госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодартам потпретседателке,

Јас не можам да разберам како колегата Славе Арсовски нема свој национален идентитет. Зборуваше за национализам, меѓутоа, ние во Република Македонија согласно Уставот сме македонци. Прво сме македонци граѓани на Република Македонија, не можете почитуван колега од нас да барате да бидеме медузи и луѓе без национално чувство и национален идентитет, да се стопиме со целата маса, па во ниедна земја од Европа го нема тоа. Секоја нација си има свое национално чувство. Тоа е едната работа.

Вие постојано ги цитирате експертите, вчера и господинот Макрадули и вие верувате само на тие експерти што ви одговараат вам, а другите експерти не се експерти за вас.

Една мала работа ќе му прочитам на колегата Арсовски, не знам дали ќе го признае Институтот за социолошки и политичко правни истражувања во Скопје каде има наведено поради кои причини се бара да не се спојуваат руралните со градските општини затоа што тогаш ќе дојде до мајоризација при гласањето во корист на градските, а на штета на селските општини.

Јас не знам почитуван колега Арсовски додека законот бара окрупнување на општините кои релевантни институции, кои експерти на вас треба да ви кажат дека овој закон не е добар. Кој треба да дојде и да ви објасни еве овој закон не е добар.

Трета работа упорно инсистирате на територијална поделба, па ве молам прочитајте го членот 116 од Уставот на Република Македонија и уште еднаш ќе ви го прочитам територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините се уредуваат со закон. Дали е тоа овој закон или треба да биде некој друг закон.

Во однос на блокадите и партиите кои ги наведовте дека блокирале, па вие не сакате да ја вратите малку меморијата , да ви ги дадам примерите кои постојат во ЕУ, па и француските фармери почитуван колега блокираа пат за остварување на свои интереси и тие ли беа членови од таа партија?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

За националното чувство не сакам да коментирам, најмалку патам од тоа вие да ми кажете дали сум македониец или не, вие не знам што сте.

Второ, во однос на експертите. Јас спомнав еден експерт кој активно е вклучен како независен Билјана Ванковска. Има стенограми од таа емисија, касетата да ја најдеме, која јавно кажа дека етничките македонци од Гостивар се иселени. Тука се податоците, тоа не е така, такви невистини токму од такви експерти кои внесуваат забуна кај населението рече дека етнички се очисти Гостивар, сега е на ред Кичево, никој не се иселува од таму каде е роден, бидете сигурни.

Не знам што беше третото.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева, реплика од три минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Многу почитуван колега евидентна е разликата помеѓу мојот и вашиот патриотизам. За вас патгриотизмот е да се грижите за границите само на општините околу вас, на вашето опкружување, за мене патриотизмот значи грича и за Куклиш и за Вратница и за Оризари и за Луково, бидејќи тоа е мнојата татковина Република Македонија и јас сум пратеник во Собраниетона Република Македонија.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ :

Не знам што да реплицирам, нема што да реплицирам, само би ја поканил да дојде некогаш кај нас а не да кажува состојби од овде, ќе ја прошетаме таму да види како се живее.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајановски, реплика од три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ќе се обидам да му реплицирам на колегата Арсовски имено, истакна дека во регионот Тетово-Гостивар живеат 70 илјади македонци. Јас не знам од каде го доби

податокот, меѓутоа нас во првата фаза ни беше доставено за секоја општина структурата по национлност, Тетово 20 илјади, Теарце 3 илјади, Јегуновце и Вратница 6 илјади, остивар 16 илјади, ориентационо, со малку додавање 200-300, Врапчиште 1000, Брвеница 6 илјади, се на се 52 илјади ориентационо, може и 50 или 51. Од каде ги најде 70 илјади не знам, би требало доколку ги има да ни беа поделени и нас, бидејќи ние го гледаме од материјалот кој штони е даден во прилогот на првата фаза и сосема е нормално по тоа и да дискутираме. Иначе може да има и други податоци од Заводот за статистика, меѓутоа го сменија директорот, не им одговараше прв пат, па сега може било какви податоци да се вадат, едно.

Второ, еднаш не обвини дека ние сме ја направиле војната во 2001. Господинот Бејта многу јасно и гласно му кажа, ќе му ги извадам стенограмите. Ние ја почнавме војната заради човекови права поради тоа што сме биле омаловажени помалку права и сл. Договорете се вие сте коалиција. Ги има стенограмите, човекот неколку пати повтори. Коалиција ви е или почитувајте го неговото мислење или направете нешто друго, не знам што.

Рекоа дека сите фабрики се рестартирани во Гостивар, верувајте тоа многу ме радува, меѓутоа, реалноста е нешто друго, индустриското производство опаѓа секој месец по 40%, јас не знам од каде се овие податоци. Еднаш го сменивте директорот на Заводот за статистика, ако треба и повторно ќе го смените, во Гостивар има големи капацитети.

Госпоѓата Ванковска е експерт за нациналнa безбедност, а не за територијална поделба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Добро, вие имате желба не 50, туку да не нема никој таму, бидејќи беше тоа, така го кажавте.

Второ, за војната и тогаш дискутирав дека секоја одговорна власт носи одговорност за она што му се случува кога е на власт, како што ние ќе ја носиме одговорноста за овој закон и вие ќе одговарате за она што ви се случи во 2001 година. Одговорноста е на власта, никој нема да ве амнестира во тој дел.

Трето, токму работа ако споредувате жаби и баби. Индустриското производство на ниво на Македонија со пет-шест капацитети што почнале во Гостивар. Нема економска логика едно такво размислување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски три минути реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господинот Арсовски ме прозва од говорницата, не сакав да му реплицирам, се договоривме да не му реплицирам по основа на законот конкретно ништо не кажа и не сакам тука да реплицирам.

Би се фокусирал на нешто друг, бидејќи ме спомна од говорницата. Можам слободно да кажам дека не е лесно да се живее во западниот дел од Македонија, да бидеш Македонец и храбар. Тука држи оваа констатација.

Второто што малку боде во очи и уши господине Арсовски е тоа што вие не обвинувате нас, посебно пратениците и другите граѓани од Република Македонија, вие нема што да се грижите за Тетово и Гостивар. Не е баш така господине Арсовски. Македонија е една единствена, неделива, сите се залагаме за тоа и ние сме избрани пратеници иако сум од Свети Николе од Третата изборна единица, иако сте вие од Шестата, вие сте пратеник и кога ќе дојдете во Свети Николе и јас кога ќе дојдам во Гостивар сум пратеник.

Она другото по ваша логика, зошто загинаа на Карпалак луѓе од Прилеп. Зошто отидоа од Прилеп да се борат во Тетово и Гостивар, вашата логика не држи. Зошто загинаа во Вејце. Ние сме тие граѓани на Република Македонија, ние сме тие кои ќе ја браниме, ќе го браниме и Свети Николе и Гостивар и Тетово ќе ја браниме и Струга и Гевгелија. Тоа е нашата обврска.

(Мали дофрлувања помеѓу пратениците Даневски и Кондарко).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплицирајте му на господинот Арсовски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Немој да провоцираш, ова ти е трет пат. Трета дигресија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски реплицирајте на господинот Арсовски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Си ја погрешил темата, но ќе ти кажам после.

Во однос на третото што ме прозвавте  дали сум против двојазично Скопје. Јас кажав дека не сум против да се зборува двојазично во Скопје, јас сум по механички пат да се прави Скопје да биде двојазично. Јавно и отворено кажувам и стојам зад тоа дека Слободан Даневски е против да се зборува двојазично во градот Скопје. Многу чесно и јасно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Прво не реков дека немате право да дискутирате, но тие состојби изворно најдобро ние ги знаеме таму и најдобро можеме во тој контекс да придонесеме како успешно може да се живее, а не дека немате право. Многу е лошо кога дискутираме, никогаш не одите таму, а дискутирате на чувствителни теми кои ги тиштат различните етникуми кои живеат таму и албанците и турците и македонците. На такви теми не сакаме да одите со таков пристап, а не да немате право да дискутирате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема повеќе реплики, повелете господине Ќуркчиев, а нека се подготви господинот Ѓорѓи Оровчанец.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Очекував дека многу работи во текот на првата фаза на донесување на овој закон ги расчистивме меѓу нас, но изгледа дека не е така и како да заборавамe дека  на дневен ред е конкретен предлог за новата територијална организација на општините во државата и требаше да дискутираме за тоа кој е оптималниот број на општини во Република Македонија и во кои подрачја би било најдобро да ги определиме нивните административни граници.

Очекував барем еден пратеник да проговори и да каже за потребата од донесување на овој закон кој произлегува од тоа што со новиот закон за локална

самоуправа донесен во февруари 2002 година од централната на ниво на локална власт се пренесуваат нови надлежности кои се по обем и по значење многу повеќе и многу посложени од досегашните.

Се разбира целта е да се овозможи граѓаните организирани во единиците на локалната самоуправа да можат непосредно да одлучуваат, да учествуваат во одлучувањето за прашања кои се од нивен заеднички и локален интерес.

Оваа работа не е ништо друго, не е нешто што допрва ние во Република Македонија треба да го измислиме, туку е вообичаен процес кој во секоја демократска земја се дефинира како развој, реформи на системот на локалната самоуправа и децентрализација на власта.

Процес, низ кој секоја земја поминува првенствено и единствено заради самата себе, заради потребите на своите граѓани, а не заради имиџ за да личи на некоја друга или пак само затоа што некој од нас го бара да го прави така.

Ова е истиот процес за кој во Република Македонија се зборува, па и се работи со години наназад, а не само во послениte десет-петнаесет дена или месеци, како што некои наши колеги сакаат да го прикажат тоа.

Почитувани дами и господо пратеници, после сите досегашни декларирања, предлози, сугестии и тна., конечно на оваа седница на Собранието на Република Македонија треба да се одлучи на кој начин и во која законска форма и содржна ќе го заокружи процесот на децентрализација на власта.

Имајќи го во предвид досегашниоте тек на парламентарната дебата како и општиот амбиент во собраниската сала и надвор од неа, дефинитивно се покажа дека од 40-тина закони од овој пакет за децентрализација на власта, токму Предлог-законот за новата територијална организација на општините е Гордиевиот јазол. Се покажа, всушност, дека територијалната организација е точка околу која сериозно се прекршува текот на целиот процес, до степен на доведување под знак прашалник дури и на иднината на државата и конечно, оправдано или не се потврди дека територијалната организација е прашање врз кое изолирано, необјективно, до граници на невозможно може да се замагли диоптријата и да се зовријат, да се измешаат емоциите, политиката, социјалата, економиите,

секојдневните би рекол проблеми на граѓаните, меѓуетничките односи, имплементацијата на Охридскиот договор и тн.

Во такви услови, во изминативе денови паднаа тешки зборови и обвинувања. Беа дадени страшни квалификации, предвидени, погубни сценарија. И сега, пред јавноста, пред нас како пратеници, но и како граѓани, се разбира на оваа држава, сериозно се наметнуваат неколку прашања.

Првото е што во моментот се случува во Република Македонија, дали Република Македонија навистина се федерализира или дели или пак само се врши законско уредување на подрачјата на општините.

Второто прашање е што направиле партнерите во владината коалиција, тајно се пазареле, договарале, продавале на штета на граѓаните или пак се договарале за изнаоѓање на рационално прифалтиво  и би рекол применливо решение.

И најпосле, дали новата територијална организација што ни ја предлага Владата е толку лош и фатален концепт како што тврдат некои колеги или пак целата гужва е само неверојатен, упорен обид оваа навистина чувствителна и за манипулации, мора да признаеме, многу податливо прашање непосредно пред локалните избори да биде искористено за каков-таков рејтинг пред граѓаните?

Почитувани колеги,

За оваа точка расправаме 11-12 дена. Сите кои дискутираа до сега нагласуваат дека говориме за судбината на Македонија, говориме во името на граѓаните на Република Македонија, настапуваме за да ги заштитиме интересите на граѓаните и да ги одбраниме интересите на државата.

Ако е навистина така, пред да се поделиме на предавници и патриоти, пред да прогласиме наводна федерализација или поделба или пропаст на државата, пред до крај да го избезумиме народот, мислам дека треба, беше паметно, ќе беше добро, корисно би рекол да ги извадиме сите аргументи на маса, сите за и против овој предлог на Владата, да се погледнеме во очи и сериозно, отворено да разговараме околу оваа работа. Токму сега, се разбира, во ова Собрание, пред да ја донесеме одлуката.

Колеги пратеници, без разлика што беа изнесени впечатоци дека оваа дебата е дијалог на глуви и слепи, подоцна испаднаа глувонеми, јас внимателно ги слушав сите и

еве ќе го искористам своето право како пратеник јавно и јасно да го кажам моето мислење за овој проект и се што е околу него.

Прво, да не ја отпочневме расправата за територијална организација, јас веројатно сеуште ќе бев во заблуда мислејќи дека пратениците, партиите, од чии што листи не гласале за овој Парламент, ако ништо повеќе држат до постигнатито консензус барем околу три клучни работи, работи што се договорени како стратешки интерес нормирани во Уставот и од тие причини сметав дека не постои шанса, дека нема толку силен политички мотив или интерес да се проблематизираат и да се манипулира со нив, односно за сметка на нив.

Меѓутоа, она што го слушнав до сега во врска со предлогот на Владата за новата територијална организација во Република Македонија изгледа дека во овој момент или од овој момент во Република Македонија стануваат спорни повеќе работи.

Прво, јас би прашал дали во Република Македонија воопшто ни треба реформа на локалната самоуправа и децентрализација на власта, како што некои колеги понекогаш си го дозволуваат тоа право да го кажат?

Второ, дали сите сеуште стоиме зад Уставот на Република Македонија односно уставните амандмани, произлезени од Охридскиот рамковен договор и

Трето, дали за сите нас концептот што по својата основа ги има идеите и уставните одредби за мултиетничко општество, за соживот и заендичка иднина во унитарна, современа, самостојна демократска Македонија е исправен или пак треба да бараме нешто друго.

Ова се трите работи, почитувани колеги, трите клучни прашања околу кој цело време се врти и расправата за територијалната организација на општините, прашања за кои јас бев убеден дека се навистина затворени со консензус. Меѓутоа, слушајќи ги колегите од опозицијата изгледа дека не е баш така. И, сметам дека доколку навистина го смениле својот став, доколку мислат поинаку, коректно е отворено да го кажат тоа и да и објаснат што и е планот, која е алтернативата што тие ни ја нудат.

Вака, навистина е апсурдно, од една страна сите говориме исто, сите сме за ефективна локална самоуправа, сите сме за децентрализација, сите сме за соживот, никој нема ништо против албанците, никому не пречи албанскиот јазик и толку. Од друга

страна опозицијата од македонскиот политички блок го споро предлогот, затоа што според нив, албанците премногу добивале на штета на македонците, а опозицијата пак, се разбира од албанскиот блок, мислам на колегите од ДПА се лути и дури не учествуваат во расправите, ни испраќаат заканувачки пораки од причина што тие ништо не добивале со овој закон. Слушавме безброј дискусии, после кои барем јас, дефинитивно не можам да разберам за што всушност се залага опозицијата, како сакаат да биде, односно што ни предлагаат а како алтернатива на овој предлог.

Од тие причини, иако сметав дека е непотребно, сепак излегува дека мораме да повториме и да се навраќаме на фактите што повеќе од очигледно, колегите од опозицијата или ги заборавиле или пак свесно манипулираат со нив.

Во 1999 година, почитувани колеги од опозицијата Владата што вие ја поддржавте како парламентарно мнозинство донесе стратегија за реформа на локалната самоуправа и план за спроведување на таа стратегија. Во овие два документи вие напишавте дека треба да биде спроведена реформа на системот на локалната самоуправа во Република Македонија, односно треба да се донесе нов закон за локална самоуправа според кој од ниво на централна, на ниво на локална власт ќе бидат пренесени поголем број на надлежности, со цел граѓаните да можат непосредно да одлучуваат за прашања од нивен заеднички интерес.

2. Треба да се донесе Закон за финансирање на општините заради тоа што сите знаеме дека без стекнување на финансова економија неможеме да зборуваме за локална демократија. Се разбира, да можат граѓаните, општините, локалните единици успешно да ги извршуваат сите досегашни и новопренесени надлежности.

Треба да се донесе нов закон за територијална организација во правец, тогаш вие така пишувавте, на намалување на постојниот број од 123 општини од причина што сегашната организација, за поголемиот број на општини, претежно помали, новоформирани во 1996 година нема да одговара од аспект на можноста за самофинансирање, и успешно извршување на новите надлежности. Тоа беше вашиот став, тоа беше вашата политика што ја утврдивте во 1999 година. И, како неверојатно, би рекол реформски успех ја промовиравте до крајот на вашиот мандат.

Лично учествував барем во 10-15 форуми, овде и надвор од државата и сведок сум дека се испотепавте од фалење со овие документи и со намерите што ќе сте направеле и во локалната самоуправа, го нема овде почитуваниот колега Костов, нема да проговорам, барем да го погодеше името на експертот кого го цитираше вчера, меѓутоа се надевам дека ќе пристигне.

Барем за нас, почитувани колеги, навистина изгледа дека е така. Сегашното палраментарно мнозинство и Владата поддржана од него, од причина што ние исто така сметаме, како што вие сте сметале дека тоа е исправно, продолживме на основите што вие ги зацртавте. Во 2000 година беа локалните избори. Во 2001 година, во услови на невидена релаксација на односите помеѓу владините коалициони партнери ни се случи етнички конфликт, Охридскиот рамковен договор, амандмани или амандмански интервенции во Уставот на

Република Македонија . Во 2002 година дојде новиот закон за локална саморава. И, ако е тоа така, ајде да ги проанализираме работите до тука. За овие три години, од аспект на тоа што сте го кажувале направиле или требало, ама не сте го направиле и зошто денеска говорите за истите тие работи?

Од 1990 година до 2000 година во оптек се разбира, во круговите, кој на било кој начин ја третираа локалната самоуправа во Република Македонија се вртеа три-четири верзии на текст на закон за новата територијална организација. Во нив ги имам овде ќе дискутираме.

Во нив вие тогаш предвидувавте, сегашниот број од 123 општини да се намали на 74, а дел од вашите експерти велеа на 91 општина. Зависно, се разбира, од предлагачот на верзијата. Значи во 1999 година и 2000 година, вие предлагавте укинување на најмалку 22 општини, а најмногу 49. Тоа е факт, документиран е, се разбира преку официјални владини акти. И сега, навистина почитувани колеги од опозицијата, вие имате право да го напаѓате овој владин предлог, и да му наоѓате мани. Меѓутоа, мора да бидете коректни и да одговорете. Што ве натера да го смените сопствениот став, и сега да ни тврдите нешто сосема друго, да не речам трето. Повеќе од очигледно е, ни вам не ви е јасно што сакате да кажете.

Прво, бевте на позиција дека треба да се вратиме на организацијата до 1996 година, што во превод значи, да се вратиме на 34 општини. Сега упорно инсистирате да останат 123 општини. Ајде разјаснете меѓу вас, а после тоа не е на одмет да знаеме и ние, да ни објасните во што е поентата еднаш да се залагате за едно, а друг пат да се залагате за друго.

Се сеќавате и во 1996 година, кога се носеше сегашниот закон, постојниот закон, ние за вас,тогаш бевме пак предавници, а ви требаа навистина 8 години да ја сватите работата, и дури сега да ни кажете дека тој закон навистина бил добар. Само 8 години.

Ова ваше колебање на тема “еднаш треба, друг пат не треба”, да се менува бројот, се разбира на општините во Република Македонија, колку што успеав да разберам, не е раководена повеќе од вашите реформски мотиви, кои датираат од времето кога бевте на власт, туку сега работите, првенствено ги врзувате за Рамковниот договор. Велите да, централизација на власта треба, затоа што така било предвидено со Рамковниот договор, но територијална организација не. Значи треба, ама не мора.

Во Рамковниот договор пишувало дека треба да се направи или изврши ревизија на сегашнава територијална организација. Значи, се препорачува, се сугерира ревизија. Не треба да дебатираме околу тоа, кое е вистинското значење на тој збор, како е на англиски, француски или германски, меѓутоа, јас знам едно, секогаш кога се врши ревизија, кога се проверува одредена состојба, тоа се прави со конкретен повод, и со јасна цел. Да се согледаат објективно работите, во контекст на сите аспекти, да се предложат одредени измени кои ќе значат квалитетно, долгорочно и перспективно подобрување на состојбата.

Вака како што вие инсистирате излегува, треба ревизија само за ревизија, онака да се помине од ред, и после неа ништо. Впрочем, ништо ново би рекол од вас, многу да зборувате а ништо да не направите од тоа што го кажувате, е ваша константа.

Апсолутно не сте во право, сегашниот број на општини во Република Македонија дека треба да се намали, да се корегира. Не само заради тоа што пишувало или не пишувало во Рамковниот договор. Не заради тоа што вие така сте мислеле пред 3-4 години, а сега така мисли Владата. Туку заради објективни и многу оправдани причини.

Дванаесет дена расправаме сега, или десетина, по амандманите кои ги поднесовте, главно предлагавте скоро сите сегашни општини да се задржат во постојните граници. Незнам дали имавте прилика, па сами да се преслушате и сами да оцените како звучеше она што го зборувавте. Да ве слушаше некој од страна ќе помислеше дека не постои општина во Република Македонија во која што не тече мед и масло. Не постои општина во Република Македонија која не е светски модел. Пример, за тоа како граѓаните на најдобар начин го остваруваат своето право на локална самоуправа  и локална демократија, во исто време клучни аргументи ви беа тука патче, таму водовод, таму телефон, чешма, овде окречено училиште или амбуланта, главно насекаде неискористени можности, неверојатни потенцијали кои за реализација им фали само градоначалник.

Главна теза против припојувањето на помалите селски општини кон градските е таа дека во изминатите 8 години без исклучок сите 89 новоформирани општини буквално доживеале невиден препород, развоен бум во секоја сфера.

Упорно тврдите ќе се запустеле општините што се укинуваат, затоа што градоначалникот од градската општина ќе немал време да се бави и да се грижи за нив.

Според тоа како вие сте ги анализирале работиве, следејќи ги во континуитет овие 8 години, значи, и понатаму сакате да кажете, да не убедите дека токму 123 општини, токму во постојниве граници, се идеалниот модел, најдобар можен начин да се остварат овие  надлежности на општините, и да се примени законот за финансирање на овие надлежности.

Почитувани колеги од опозицијата, заборавате дека расправата по овој предлог закон не е расправа за тоа која партија ќе има повеќе градоначалници или советници. Расправаме за децентрализација нешто што вие јас сум длабоко убеден дека добро го разбирате. Ама упорно се трудите да не биде разбрано. Говориме за локална самоуправа во ликот на градоначалникот и општинските совети. Говориме за локална самоуправа во која граѓаните преку своите избрани претставници ќе одлучуваат, ќе го остваруваат своето право на сите оние надлежности предвидени со Законот за локална самоуправа. Вие тврдите дека сегашните општини имаат ресурси да остварат доволно приходи и

доволно капацитет и кадровски и секаков друг успешно да ги остварат сите овие работи, главно потпирајќи се сами на себе. Мислам дека не треба коментр за ова, а вие колеги ако навистина сте убедени во тоа, најблагоречено немате реална претстава за состојбата од сферата на локална самоуправа во Република Македонија и оттука нормално дека нема никаква логика и она што го кажувате. За да сфатите за што се работи, ќе дадам неколку основни информации.

Бидејќи добар дел од вас се повикуваа на меѓународно искуство и на експертски мислења еве јас ќе се потпрам на некој од нив. Ако се согласувате дека надлежностите што се дадени со законот за локална самоуправа се од прилика истите надлежности што насекаде во светот значат децентрализација на власт, јас прашувам со што и на кој начин предлагате во Република Македонија граѓаните да остваруваат ефективна локална самоуправа. Експертите, домашни и странски и тоа не сега, туку во континуитет од 1996 година, до денес конкретно за нашата ситуација, го велат следното: во Република Македонија, до намалување на бројот на општините мора да дојде, поради фактот што постои голем број на мали општини кои и досегашните надлежности кои што ги имаат, имаат големи проблеми да функционираат, во услови пак сега кога им се зголемуваат надлежностите навистина тие ќе престанат и да функционираат. Истите експерти сугерираат, укинување на дел од постојните општини и бараат да се има високоселективен пристап,  заради тоа што не постои доволен би рекол персонален капацитет. Ако ги читате нивните извештаи, тоа значи дека мора во секоја општина да има 50-60 високообразовани кадри, кои живеат и работат на подрачјето на соответната општина, односно 150 - 200 вакви граѓани кои сите останати граѓани завфршиле селекција, да избирале да тие луѓе бидат извршители во локалната администрација. Зошто почитувани колеги, не му се придава значење на фактот дека од постојните 123 општини во Република Македонија 50 егзистираат, едвај функционираат, со недоволен би рекол кадровски капацитет. Зборуваме овде дека сегашниве општини имаат капацитет а никој неќе да каже дека во овој момент 30 општини имаат по 2 по 1 и по 3 вработени.

Ако знаете колкав е бројот на општините, кои што располагаат со свој административен простор, ќе видите дека ќе бевте, поинакви во своите дискусии. Дури се чудев како еден колега го брани ставот дека треба да опстои една општина, а и тој

самиот знае дека градоначалникот живее во другата општина и си отворил своја канцеларија таму. Дали ви е познат почитувани колеги, извештајот што беше извршен и објавен пред некој ден, направена анализа во 6 поголеми центри во Република Македонија, Штип, Ѓевгелија, Кичево, Велес, Ресен, Крива Паланка. Не ние политичарите, туку експертите рекоа дека сеуште и овие општини немаат изградено доволен административен капацитет за извршување на досегашните, а не пак за новите надлежности. Да не зборуваме за парите и за финансиите, кога ќе дојде законот за финансирањето на општините, меѓутоа, јасно едно колега дека проблематизирањето на територијалната организација, односно противењето на предложеното укинување на дел од постојните општини го правите, без аргументи, исклучиво и единствено од политички мотиви, и за политички цели.

Она што досега го слушнав, и така како што го разбрав, опозицијата не го прифаќа владиниот предлог и заради следното: наводна непринципиелна примена на критериумите, наводно не почитување волја на граѓаните, затоа што според опозицијата со вака предложената територијална организација се загрозува унитарниот карактер на државата, се делела Република Македонија, по етнички основ, ќе се федерализирала и што јас знам уште не. Тоа апсолутно и на нас, и на нив, им е јасно дека тоа не е точно. Јас ќе се обидам уште еднаш да им докажам дека тоа не е точно. Ако зборуваме за критериумите како што знаете почитувани колеги не ги измисли оваа Влада тие произлегуваат од законот за локална самоуправа што го донесовте токму вашата влада или вие во 2002 година. Прашањето е дали Владата ги почитува тие критериуми, се раководтела од нив при изготвување на предлогот. Да бидам искрен токму од опозицијата преку начинот на кој го напаѓа предлогот, преку аргументите со кои ги бранеше поднесените амандмани, ми го потврди уверувањето дека Владата доследно ги почитувала критериумите.

Зошто? Затоа што доколку предлагачот направел сериозни отстапки од законските критериуми, верувам дека опозицијата ќе најдеше соодетен начин, немаше да ја пропушти шансата да ни го каже и да укаже на тоа. Ако навистина зборуваме за критериумите, ќе најдеше бар еден колега наш, пример и ќе ни дадеше барем еден

предлог, за укинување на општина што Владата ја **остава** во постојните граници и покрај тоа што не ги исполнува критериумите.

А, ако објективно ги анализирате критериумите, сериозно се разбира предлогот, ќе забележите дека има 10-тина такви општини. Или пак спротивоното. Ако имавте аргументи дека предлогот е изготвен надвор од законските критериуми, како што тврдите, да не се правиме наивни, вие сериозно ќе настапевте, ќе ги оспоревте тие решенија што можеби се и реално проблематични, вака поминавте, би рекол низ една фарсична амандманска расправа, во која опозицијата се обиде на овој предлог да му го даде истиот лик што сакаше да му го наметне и во 1996 година.

Притоа, претпоставувам без да сака опозицијата дополнително не увиде дека Владиниот предлог е добар, и ни потврди дека таа всушност нема концепт, нема идеја, нема претстава како треба да се реши ова прашање. Дури што е уште пострашно нема автентичен став ни за, ни против постојното или претходното решение, нема објаснување зошто треба да останат 34-те општини, нема зошто или да се вратиме на тоа, нема обвјаснување зошто треба да останат овие 134 општини. А тврдењето дека територијална органицација треба да остане таква каква што е, да не се чепка, само заради тоа што опозицијата не знае како треба да биде. Извинете не е никакво решение, целта е јасна, да се купи време во пресрет на локалните избори, среде се разбира внатрепартискиот хаос во кој не се знае ни кој каде е ни кој за каде е.

Во ред нормално е партиите да си имаат проблеми и да се посветат на нивното решавање, меѓутоа не се во ред напорите тие проблеми да се решат на сметка на работите кои без разлика, дали и кога опозицијата повторно ќе биде на власт, биле и остануваат светли за овој народ за оваа држава Република Македонија.

Понатаму, почитувани колеги би се задржал на тоа колку предлагачот на овој закон ја почитувал или не ја почитувал волјата на граѓаните, односно референдумските изјаснувања по овој предлог. Ако пак се повикаме, а два дена се повикувате на некакви експерти и го земаме извештајот од било кој експерт, што ја има анализирано состојбата во Република Македонија, во делот на локална самоуправа сакате домашен, сакате стран, внимателно прочитајте го делот што се однесува на усогласеноста на нашето со Европското законодавство, каде што неизбежно спаѓа и Европската повелба за локална

самоуправа. Ќе ги најдете и оценките за членот 5 кој што нема пратеник а да не го спомене во својата дискусија, од сите параметри, во кои што се оценува локална самоуправа. Во Република Македонија најнеповолна оценка имаат токму за членот 5. Затоа што колеги тој член едноставно го нема во законот. И да ве потсетам, сите експертски коментари, се сведуваат на следното цитирам: "во стариот закон за локална самоуправа. Донесен 1995 година, постоеше одредба во духот на член 5 од Повелбата тоа беше членот 15, но во новиот закон за локална самоуправа од 2002 година, не е содржана обврската за консултирање на локалните заендици, туку само се одредува дека промената на границите на општините, се врши со закон. ЗАтоа колеги од опозицијата, ве прашувам што е работата. Зошто е тоа така, зошто членот 5 од повелбата, го нема во Законот за локална самоуправа, донесен во февруари 2002 година. Дали тогаш ја немавте Европската Повелба, кога го изготвувавте законот. Едноставно заборавивте да ја ставите или однапред знаевте дека територијалната организација по својата природа, предизвикува незадоволство и отпор, кај граѓаните, и бевте убедени дека ќе го донесете тој закон, навреме, и тој товар ќе си го симнете од грб, меѓутоа, сметајќи на револтот на граѓаните решивте подобро да не постои тој член па јавно ќе излеземе и ќе кажеме за што сме и како сме.

Во Република Македонија отстапување на сила на Законот за локална самоуправа во 2002 година, кога ја избришавте оваа Европска поделба, па се до денес, односно до стапување на сила на овој закон. По ваша заслуга колеги нема експлицитна правна норма во согласност со одредбите на оваа повелба, именување и референдумско изјаснување на граѓаните. Оттука навистина ниту е фер, ниту е вкусно, кон граѓаните да се повикуваме на повелбата, да ни кажувате колку ви е грижа за волјата на граѓаните, меѓутоа ако сме веќе кај тој член, еве да кажам дека сепак добро е што оваа Влада ја исправи таа грешка намерна или случајна па во овој закон го инкорпорира членот 5 од Повелбата. Всушност доаѓаме до крајот, на најчувствителните и би рекол најпроверен начин злоупотребени прашања по повод на овој закон тоа е тн., ваш етнички критериум, манипулациите дека државата ќе се федерализира и дели, дека овој закон, ни помалку ни повеќе е велепредавство и тн.

Знате, што и да кажувам од овој дел свесен сум дека нема да сакате да ме разберете.

Меѓутоа, сепак ќе потенцирам некои работи, кои вам, ви се совршено познати, и јасни, но не ви одговараат, ги премолчувате, односно ги искривувате до злоупотреба.

Прво, преку извршување на функциите и надлежностите на локална самоуправа не возможно е да се федерализира државата. Не експерт, обичен граѓанин да прашате, ќе ви го повтори ова. Не само во Република Македонија, во било која држава во светот. Посебно пак не, во случаите како нашиот систем, на локална самоуправа каде што имаме едностепена локална самоуправа. Вие тој факт многу добро го знаете, претпоставувам заради тоа верувајќи во унитарноста на Република Македонија, преку вашите партиски експерти, донеодамна дури и во Маврово ни понудивте, дури сакате да промовирате двостепена локална самоуправа во Република Македонија. Не ми е јасно, како можете при такви идеи и визии, да заговарате страв од федерализација, од таму каде што и самите знаете дека нема основ да дојде.

Второ, предлогот за новата територијална организација на општините го користите да алудирате на предавства или незнам продажба на државата. Колеги штета што Република Македонија мораше во пракса да види што е тоа пазарење, на партнери во власта. Веројатно не постои држава во светот каде што од своето водство ќе добие понуда за раселби и преселби на начин како да е тоа сосема пристоен предлог, и други многу други слични работи, да не ги спомнувам.

Од друга страна, сепак сме демократска земја и без разлика на се што беше среќа за сите нас, што помина, што заврши таа пракса, парламентарното мнозинство го поддржува предлогот на Владата, не затоа што сака да ја води Македонија таму каде што вие алудирате, туку напротив со убедување дека токму со овој предлог конечно ќе се затворат сите такви можности.

Навистина почитувани колеги, да не должам многу, јас не само овој туку и за целиот пакет на закони од децентрализацијата на Власта ќе ги поддржам. За каков ќе го оцени опозицијата Предлогот на територијална органицација и од расправата се потврдува фактот дека Република Македонија во овој момент со сите актуелни проблеми,

потешкотии, можности, потреби, очекувања, нема друго порационално, поприфатливо и по применливо решение од ова.

Се разбира не тврдам дека ова е идеално и конечно решение за секогаш, меѓутоа убеден сум дека е најсоответно решение со кое се става линија на концептите кои што претендираат на поинаква Македонија од оваа што ја имаме денес, и убеден сум дека со ова и овој предлог е најсоодветно решение за Македонија каква што сите јавно се декларираме, дека ја сакаме. Затоа јас ќе го поддржам предлогот на Владата и ќе гласам за законот.

Ви благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално г-динот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Значи вака, морам да реагирам процедурално, што е исклучиво до вас.

Кога ќе зборуваат почитуван претседателе, пратеници од СДСМ, значи од пратеничката група на СДСМ па независно и дали се гелерани секретари.

Јас ќе ви препорачам да се уклучите, а не да бидете цело време исклучен, а тоа значи барем бројте ги дигресиите, ако ништо друго, иако не реагирате. Нас ни ги броите, туку на секој ни давате по една минута да образложуваме. Дозволете да завршам. Нели во ваш стил, не се нервирајте, Според тоа, треба ако веќе сакате еднаков третман, така и да настапувате. Вчера мене цело време не само што ми броевте дигресии, туку и време ми меревте. Јас незнам колку дигресии имаше оваа дискусија, не слушнав од вас ниту една опомена. Тоа е во однос на процедурата. Можели да почнам со реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да одговорам процедурално. Точно е дека имаше многу дигресија, но еве одлучив како поранешен претседател на ЗЕЛС, г-динот Ќурчиев знае малкуб повеќе за општинските организации, па можеше повеќе и да каже.

Г-дине Караџоски имате реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, навистина долг говор. Еве ќе се потрудам во три минути колку што има време да кажам нешто во вид на реплика.

Колека Ќурчиев, еве да почнеме од емоциите за кои што зборувате и кажавте дека опозицијата е многу емотивна кога дискутира и можеби е така за разлика од вас пратениците на парламентарното мнозинство очигледно дека сте одамна оперирани од емоции, што значи ниту емоции, ниту чувства, стегни копче и нема проблем. По однос на она што сега овде многу изнакажавте, никаде не слушнав да кажете нешто за Струга, за Кичево, за двојазично Скопје. Цело време елаборирате, ама со ниту една реченица не спомнавте зошто е таков предлогот каков што е. Да дадете некој аргумент за, или против. Се друго се вртевте околу предлозите на опозицијата. Зборувавте за стратегијата во 1999 година и се прашувате која е разликата? Јас ќе ви кажам само едно. Разликата е што тогашната позиција, сегашна опозиција немаше предлози, ниту решенија како што вие ги имате, Кичево, Струга, двојазично Скопје и тоа не ни паѓало ниту на памет. А за таму некакви си општини како ќе бидат организирани, тоа и толку не е битно, ова е клучното. Значи, тоа во стратегијата не постоело, Кичево, Струга и двојазично Скопје.

Друго, се прашувате која е алтернативата и цело време барате да ви ја кажеме алтернативата. Еве јас ќе ви ја кажам  која е алтернативата. Единствена разумна алтернатива е, повлечете го законот тоа е едната работа. И второ, што да кажам, одете си што побрзо од власт да се куртули народот од вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Ќуркчев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Кога Ќе го слушнам пратеникот колегата Жарко Караџоски како говори за судбината и иднината на Македонија, како е загрижен за граѓаните од Кичево, Струга, имајќи го предвид неговиот конкретен придонес на таа тема, просто навистина немам коментар. Едноставно ми се врти онаа народната : ем кабаетлија, ем зорбајлија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сакам да реплицирам на неколку работи. Првата работа е она што беше истакната од г-динот Ќуркчиев дека Собранието треба да одлучи по овој закон. Јас ќе го повикам оној кој што одлучуваше за овој закон, вашиот коалиционен партнер, пратеникот Али Ахмети не е појавен во Собранието од почетокот на оваа расправа, што значи дека оној кој одлучува не е во Собранието, туку надвор од него.

Во однос на општинските граници, велите дека со овој закон само се определуваат општинските граници, меѓутоа не кажувате врз кои принципи го правите тоа и кои критериуми се почитувани за цртањето на општинските граници, дали тоа не е пазарење за Струга, Кичево, Скопје итн. или се работи за некоја друга димензија која шо ние неможеме да ја разбереме. Исто така, јас се согласувам со вас дека ќе беше добро да се извадат аргументите на маса. Се согласувам со вас, не само на маса, туку и пред целата македонската јавност и пред опозицијата, а не во затворен круг во тесни одаи во Маврово, или незнам каде да одлучувате како ќе изгледаат општинските граници кои што директно предизвикуваат ваква меѓуетничка тензија, особено, пак ќе повторам, Струга, Кичево, двојазично Скопје и некои други општини кои што се помали.

По однос на Европската повелба велите дека не е внесена во законот за локална самоуправа. Јас само ќе ве потсетам дека таа европска повелба за локална самоуправа е ратификувана од Парламентот на Република Македонија и согласно тоа, таа е дел од правниот поредок на Република Македонија.

Во однос на консензусот за кој што зборувате, кој што треба да постои меѓу партии во смисла дали ни треба децентрализација. Кажав во мојот говор, сега ќе повторам, да, децентрализација ни треба, меѓутоа не сведување на процесот на децентрализација на цртање на општински граници.

Второ, зборувате за Уставот и за Рамковниоот договор. Да, треба да се почитува Уставот и Рамковниоот договор согласно оние одредби кои што се напишани и во Уставот и во Рамковниоот договор, но не вие да го толкувате онака како што вас ви одговара, или како што му одговара на вашиот коалиционен партнер. И во однос дали се

мултиетничките идеи содржани и идеите за унитарна држава дали се содржани во овој закон. Јас многу пати аргументирав, уште еднаш ќе повторам дека тоа не е случај и немам време сега да објаснувам од кои причини, меѓутоа ова не е мултиетнички пристап во креирањето на границите на општините. А која е алтернативата за овој закон? Јас ќе ви го кажам мојот предлог. Првиот чекор кој што треба да го направите е, исцртајте ја границата со Косово. Втората , почитувајте го граѓанскиот пристап со почитување на различностите на граѓаните. Трето, применете објективни, а не етнички критериуми за определување на границите на општините.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Благодарам колега Стојановски, отворите многу теми и дилеми. Еве, за почеток додека ги слушате другите колеги како дискутираат ќе ви ја дадам стратегијата за реформа на системот на локална самоуправа во Република Македонија, тоа е од вашата Влада и ќе видите што се пишува таму, за каков предлог на закон за измени и дополнувања, или пак поточно кажано, закон за измени и дополнувања на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа. Потпишана знаете од кого и како. Меѓутоа, бидејќи сме колеги и навистина ве почитувам, сакам да ви кажам нешто. Ако зборуваме за Европска повелба и за членот 5, не е прашањето дали таа важи, или неважи, ако таа е ратификувана од овој Парламент прашањето не треба да ми го упатите мене, упатете го како е можно да донесете закон кој што го избришал тој член.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец, имате три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Токму беше и моето прашање околу Европската повелба и членот 5 и тука сакам да му објаснам на г-динот Ќуркчиев некои работи, затоа што сметам дека не е во право. За што се работи? Се работи за системски закон за локална самоуправа, министерот добро знае дека е тоа Устав на локалната самоуправа, дека е тој закон кој што е донесен со критериуми во Собранието кои се високи . И мора да кажам една работа. Околу ова

прашање кое што го потенцира зошто ние сме го оставиле, јас учествував во тие разговори г-дине Ќуркчиев, а учествуваше вашиот претходник на местото генерален секретар г-динот Ѓорѓи Спасов, а исто така и сегашниот претседател во разговорите за законите за локална самоуправа. Барање на СДСМ и на ДПА беше да се исклучи тоа од законот. И тоа беше под надзор на Меѓународната заедница, тогаш беше г-динот Ален Лероа во кабинетот на претседателот Трајковски. Тоа е причината зошто тоа не е таму и не го товарајте на друга адреса, таксената марка е кај вас. Зошто можеби вие знаете во континуитет во СДСМ зошто се барало тоа.

Второ, дали ние се премислуваме, или не се премислуваме, ред е вие да се запрашате што се премислувате. Зборувам вие, СДСМ го донесовте закнот за територијална организација со 123 општини и сега вие се премислувате во однос на тие 123 општини. Зошто нас воопшто не прашувате за наше премислување кога ниеднаш не сме биле во позиција ниту да направиме, па ниту да се премислуваме. Во овој случај ние сме тие што го корегираме вашиот предлог. Ние не сме тие што можеме во оваа ситуација да предложиме закон. Би бил среќен да можевме да предложиме и да го изложиме нашиот став и концепт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дин Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван колега Оровчанец незнам чиј претставник сте биле на тие разговори што се воделе таму. Меѓутоа одговорно тврдам дека такво нешто од СДСМ неможе да дојде, заради тоа што од кој и да дојде, Европската повелба е ратификувана од овој Парламент. Мнозинството во Парламентот се знаеше во 2001, 2002 година кој го има. И тоа е, дали се почитува, или не се почитува. Меѓутоа, има една поважна работа, или тоа не го разбирате, или не сакате да го прифатите. И јас неможам да ви помогнам тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во првиот дел од вашето обраќање поставивте многу прашања. Јас ќе се придружам и можеби вие ќе ми помогнете да го дознаеме одговорот. Во 2001 година шеф

на Македонската дипломатија беше актуелниот шеф на Макеоднската дипломатија. Во 2001 година г-ѓата Илинка Митрева секаде тврдеше од позиција на шеф на дипломатија, дека врз Република Македонија е извршена агресија од Косовскиот заштитен корпус. Во 2002 година истата таа г-ѓа како шеф на Македонската дипломатија коалицира токму со оние за кои во текот на 2001 од позиција на министер за надворешни работи тврдеше дека тие ја нападнале територијата на Република Македонија и уставно-правниот поредок. Во вашиот втор дел од излагањето се осврнавте на можностите за федерализација. Г-дине Ќуркчиев, во низата глупости и криминални активности на актуелниот министер за транспорт и врски на едно прашање од новинарите, дали чувствува потреба да си поднесе оставка и дали ќе биде сменет од оној што се претставува премиер г-динот Костов, министерот за транспорт и врски вели дека него може да го смени единствено Али Ахмети и партијата која го предложила. Тоа е дефакто дека вие функционирате како две влади, една со која раководи Хари Костов, и една со која раководи Ахмети. Тоа се две влади дефакто.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Јас незнам г-динот Трендафилов сакаше да каже со оваа реплика, меѓутоа го упатувам на фактот што пратеничките прашања во Парламентот се поставуваат последната недела во месецот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете Талат Џафери процедурално.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г-дине претседателе, мојата забелешка е првенствено до вас. Дозволувате институцијата Република да се злоупотреби и да се коментира работата на министерот кое што не е тема на дискусија, ниту пак беше дискутант тука во Парламентот.Не би сакал да го споменувам претходниот говорник кој што говореше за ова. Тој самиот знае за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во право сте г-дине Талат Џафери, но јас неможам сега да апелирам на свеста и на коректноста на одредени пратеници.

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате три минути реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Г-динот Ќуркчиев рече дека ваквото законско уредување на територијата на Република Македонија предложено од Владата е рационално и прифатливо решение. Јас сакам само да го прашам, дали мисли дека и за Струга и за Кичево и за двојазично Скопје ова претставува рационално и прифатливо решение. А ако не е за нив, тогаш за кој е прифатливо и рационално решение. Тоа е во едниот дел.

Во однос на тоа што го дискутираше колегата Трендафилов, а се однесуваше на дискусијата, ќе му појаснам и г-динот Талат Џафери ако не му е јасно во однос на соживотот кој го потенцираше колегата Ќуркчиев, ќе му кажам задутре ќе се организира манифестација во организација на ветераните на ОНА, сегашни учесници во парламентарното мнозинство како ДУИ каде што ќе ја слават три годишнината од битката на Радуша. Толку во однос на соживотот со албанската заедница.

Г-динот Ќуркчиев рече дека претходната Влада и сегашната опозиција се премислиле. Да го прашам што ги натера нив за 30 дена да се премислат и од тоа од цврстиот став, не коалицираме со терористи, да влеземе во заедничка Влада. Да ми одговори на тоа прашање. Значи, што го премисли?

Дали г-динот Ќуркчиев се запашал зошто тогашната Влада не го артикулирала таквиот, освен што станало на стратегија како што кажува и г-динот Ќуркчиев, можеби експертите кои се експерти за локална самоуправа успеале да ја убедат Владата дека таквото решение не е добро, за разлика од тие експерти кои денес учествуваа , кои го критикуваа овој владин предлог, а колегите од парламентарното мнозинство ниту сакаат да слушаат, ниту ги интересираат експертите.

Рамковниоот договор колегата не го чита па би му препорачала развој на децентрализиранаата власт страна 106 од книгата која ја имаме. А во контекст на Европската повелба значи ќе биде усвоен ревидиран закон за локална самоуправа со која ќе се зајакнат овластувањата на избраните локални претставници и значително ќе се зголемат нивните надлежности во согласност со Уставот и Европската повелба за локална самоуправа. Значи, и Европската повелба за локална самоуправа. И третото, последно, член 116 од Уставот територијална поделба на Републиката и подрачјата на

општините се утврдуваат со закон. Значи, се работи за територијална поделба, а не за територијална организација.

НИКОЛА ЃУРКЧИЕВ:

Незнам дали за една минута можам се да и одговорам на колешката. Па, не верувам дека само таа го заслужува тоа. Добар дел на моите реплики ги чував за еден друг колега кој што не е овде денеска, познат по тоа што го пофали последниот министер за локална самоуправа при изборот на новата Влада г-динот Саити, а познат во сите оние кои што ја знаат локалната самоуправа во Република Македонија со донесување на еден предлог закон од кој што им се крева косата на глава на сите граѓани. Меѓутоа, еве да ви кажам нешто. Прашањето денеска почитувана колешке не е во тоа кој може да нацрта поголема Македонија , или поглема Албанија. Прашањето не е за тоа кој ќе направи од една, или од друга страна поголем број на еднакви едни или други општини, дали ќе бидат без разлика македонски, или албански.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Лалчевска имате реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Ми скративте од времето за реплика, затоа што не обезбедивте мир. Јас накратко, говорите на г-динот Ѓуркчиев некако не се разликуваат многу еден од друг без разлика која е темата на разговор. Тоа сум го забележала, затоа што тие воглавно се во два дела. Еден е оној политички кој со мајсторска игра на зборови г-динот Ѓуркчиев сака да не убеди колку тој предлог кој е на дневен ред е добар, а при тоа нема да каже ниеден критериум зошто и како е добар и зошто тој цени дека тој предлог е добар. А вториот дел обично ќе се обрати со еден саркастичен тон и ќе ги изанализира говорите на опозицијата, зошто и како размислувала опозицијата. Јас навистина се разочарав, затоа што очекував дека г-динот Ѓуркчиев ќе ни каже зошто на пример Делогожда треба да биде во рамките на Струга, затоа што овде ние разговарам г-дине Ѓуркчев за конкретен предлог, а не разговараме за предлог за донесување и дали има потреба за донесување на таков закон. Сега имаме конкретни решенија.

Зошто на пример Сарај и Кондово мора да бидат во Скопје, зошто мора да постои временска рамка за Кичево, јас мислев дека нешто ќе слушнам околу тоа.

Вие не кажавте ни еден аргумент зошто вие цените дека овој предлог е добар, рековте дека  воглавно се испочитувани деморкатските критериуми кои важат во севетот при решавање на вакви проблеми, сега немојте да ме држите за збор дека токму така беше формулирано, меѓутоа во таа смисла. Јас би рекла дека не е можно во недемократски услови да се донесат демократски закони. Затоа што вие г-дине Ќуркчиев добро знаете дека овој Предлог закон ваков каков што е го донесовте по едни мачни преговори со вашиот коалиционен партнер и под еден силен притисок токму за вакви решенија. Значи, немаше демократски амбиент. Нешто што во светот значи демократска атмосфера не беше испочитувано при предлагањето на овој закон, никакви критериуми кои важат во демократските системи.

Најмногу се сконцентриравте на три прашања, поставувате разни тези и ги извртувавте. Дали Република Македонија ќе се федерализирала се прашувавте, опозицијата тврди да вие не, меѓутоа, времето ќе го покаже тоа, па можеби во некое друго време ќе иамаме прилика да дебатираме за тоа.

Се прашувавте што се договориле коалиционите пртнери, вие тоа најдобро го знаете и што и како се договориле, а резултат што се договориле, барем видливиот дел од договорот го имаме со овој предлог, а оној невидливиот за кој тврдам дека постои ќе го видиме наскоро.

Вие најмногу се задржавте на тоа кој е оптимален број на општини, неколку пати се навраќавте, никој не може да го каже оптималниот број на општини г-дине Ќуркчиев, тој оптимален број ќе го детерминира децентрализацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е г-динот Пејовски, три минути реплика.

РИСТО ПЕЈОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Со внимание го слушав г-динот Ќуркчиев и дојдов до едени нтересен заклучок дека едната политика е повисока од политиката на оваа Влада, дека нојот сам ја пика главата во песок, а г-динот Ќурчиев се обиде да не убеди и да го убеди сиот народ дека пред опасноста треба да ја пикне главата во песок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Бонева , три минути реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван г-дине Ќуркчиев, поразително е пред граѓаните чии интерес треба да ги браните, тоа што со целокупната дискусија покажавте дека воопшто не сте ги слушале овие денвои аргументите на опозицијата за опстанокот на општините за кои гласавте, не сте ги чуле ниту аргументите на граѓаните, ниту сте ги читале аргументите од советите и градоначалниците со кои не затрупаа овде нас пратениците.

Значи, сите овие денови вие сте биле само обична гласачка машина.

Во однос на тоа што тврдите дека обичните граѓани да ги прашате ќе ви кажат дека не е можна федерализација на Република Македонија, очигледно во вашиот виртуелен свет во кој живеете, ги нема ниту домашните ниту странските експерти кои веќе ве предупредуваат дека се оставени оснвоите на федерализација на Република Македонија и затоа треба да предвидите заштитни механизми во законите, тоа за вас не постои, ги нема ниту граѓаните со нивните мислења, затоа излезете меѓу граѓните, одете кај граѓаните во Струга, Кичево и други места во Западна Македонија да го чуете нивниот став дали и тие го делат вашето мислење дека секој обичен граѓанин ќе ви каже дека не е можна федерализација на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика г-дине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитувана колешке Бонева, за разлика од вас сакам и верувам дека еден ден во пристојна иднина Македонија ќе биде како и останатите европски држави со граници без рампи, без бариери, без контрола на пасоши, не со поставување на бариери, со омеѓување на просторот на наш, ваш или нивен, со испружен прст кон другиот, со фрустрации или скриени, би рекол ставови.

Ќе го бранам и се залагам за овој закон затоа што верувам дека сме навистина на вистинскиот пат и чекориме по патот кој побрзо ќе не одведе до една посигурна и европска Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете за реплика , г-дино Шајновски, три минути.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Почитуваниот г-дин Ќуркчиев се обиде да даде рекапитулација на досегашните единаесет дневни дискусии на опозицијата во овој Парламент.

Ако граѓаните внимателно го слушаа неговото излагање, можеа да видат со какви се оратори и само оратори имаме работа  ние овде во Парламентот. Господинот говореше овде еден час, ништо не кажувајки по текстот на законот, а еинствено  нешто што кажа  беше дека од нашите дискусии во изминативе единаесет дена видел, односно разбрал дека ние го подржуваме предлогот на валста. Ти ги плукаш, а тие велат врне. Е, сега народе кажете, како да им кажеме дека не се согласуваме со власта по овој закон, ако не со дијалог во во овој Парламент.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки нема контра реплика, следниот е  пратеникот Ѓорѓи Оровчанец, а по него е пратеникот Љупчо Јорданоски.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, господине  министре, драги колеги,

Денеска како и изминативе скоро три недели, разговараме за дел од пакетот на законот за децентрализација  конкретно за територијална организација, јас би имал една забелешка на она што се  отсликуваше овде. За овие петнаесетина дена,предмалку бевме сведоци на еден аплауз кој што беше втор за овие петнаесетина дена. Што зборува овој аплауз? Овој аплауз укажа на едно психолошко правило од познатиот психијатар Ерих Хром, кој зборува дека е ова  практично едно празнење на масата, затоа што сите ние сме маса овде, како пратеници, затоа што успеа за овие 15 дена  да најде еден аргумент низ говорот на пратеникот Арсов, направи едно празнање за да си ја врати самопочита,  затоа што континуирано во свеста се бара дали сум на правиот пат.

Значи според аплаузите, ние сме многу далеку од правиот пат, можеби до крајот на оваа расправа ќе имаме повеќе аплаузи. Едино што не го видов минситерот да аплаудира, меѓутоа он е паметен човек и мисли да навлегува во такви работи.

Во суштина би се осврнал на некои работи кои што, еве после толку време и во општава расправа, човек тешко може да разбере и што е владин предлог, и за што се залага практично позицијата, а и самата опозиција очигледно врз база на еден предлог кој по мене е помалку  или повеќе апсурден, ова не се однесува на минситерот, за минситерот имам исклучително мислење,мислам дека тој е влезен во макази на една Влада која не е компетентна, за разлика од него, меѓутоа тоа е што е. Практично незнам дали имаме систем на дерегулација, систем на деконцентрација, едноставно чувството дека ни отсуствуваат темелни принципи по кои би поставувале објективни прашања на сите и би гидефинирале практично прашањата значи во една демократска процедура бидобиле различни одговоир на истите прашања, меѓутоа, овде очигледно работите се по малку измешани.

За да ни помогне Владата требаше пред Собранието, пред пратениците кои се сигурно нестручни затоа што се пратеници не можат да бидат стручни за се, да направи барем извесни проекции на успешност на овој модел на територијална оргаизација кој поради ред причини, ред од нив објективни, исто така постојат и субјективни, лични во смисла на страв кој постои, не нудат доволно аргументи, не нудат доволно надеж за да ја сватиме проекцијата која Владата сака на овој начин практично да ја направи.  Кратко што би се одговорило тоа е дека ние сме за децентрализација и ние сме за деџентрализација, јас лично апсолутно, меѓутоа тоа е начинот да влеземе во Еврпа и така ќе станеме поблиску до Европа, а које тој начин , како е, која е проекцијата. Децентрализацијата е феномен кој е присутен во Европа, кај нас, на кој можеби  постојат илајда одговории треба да го најдеме оптиалниот. По мене, мислам дека го имаме блиску најнесреќниот и дека не би требало да го гласаме овој Предлог затоа што овој предлог мислам дека ќе не доведе во нова криза. Зошто го зборувам ова?

Самиот закон го почнавме во декември 2003 година, овој закон го почнавме со Предлог закон кој беше даден овде, имавме одредени забелешки, сугестии, министерот прифати дека ќе бидат забележани тие забелешки, потоа беше направена јавна расправа

и е во процедурален смисол, значи демократскито принцип е апсолутно сочуван и тукане би можел да коментирам

Меѓутоа, во целиот тој демократски принцип које присутен, апсолутно транспарентноста е многу отсутна. Ваква отсутност на транспарентност по одредени прашања и по напипување на одредени случаи на Владата како и што да решава, мене ми оди во прилог да кажам дека решенијата кои се во Законот за територијална организација на некој начин се правени и без стимулација и слепо.

Дека е прашање на политички договор тоа е факт и тука не мора да коментирам, меѓутоа дека мора да постои политички договор и тоа е факт и тука не треба да коментирам, тука се наметнаа тези од голем број пратеници дека опозицијата е крива , опструира, правиова и она, опозицијата не е проблем, таа е најмал проблем, ако не утре за два дена, ако не за два дена понеделник, незнам кога, не е битно ќе не надгласате. Проблемот е во вашиот судир што го имате со народот и сојавното мислење. Најмал проблем е опозицијата, можете да не критикувате и да кажувате се, меѓутоа, факт е дека ќе не надгласате. Но, не знаете како да им изманифестирате таква ситуација пред народот кој очигледно во целито процес континуирано ја следеше состојбата и живо реагираше. Живо реагираше уште пред три месеци кога беше наговестена општина Кале. Кога беше наговестена општина Кале (г-динот Томе Тромбев му упаѓа во збор од место) не е битно кој ја промовираше (опомена од страна на претседателот) јас не сум ДПА г-дине Тромбев, ако сте вие ДУИ јас не сум ДПА, тоа е голема разлика.

Значи, без разлика зборувам , беше промовирана општината Кале, па беа оцртувани граници, се подигна јавното мислење, имаше многу реакции, Владата ја свати таа порака дека има реакција, меѓутоа, таа беше упорна во својот став тоа да се направи и продолжи, меѓутоа, сето тоа го стави во една обланда која на крај беше презентирана овде како општина Чаир, а тоа е истата општина Кале. Практично цело време во јавноста се работеше на амортизирање на тие страсти, бидјеќи по мое сваќање таа амортизација може да биде успешна, може да трае одреден период, меѓутоа, ког алуѓето на крај ќе се судрат со реалноста, а реалноста ќе дојде по донесувањето на тој закон, ќе се сватат и проблемите кои настанале.

Проблемто што цело време го наметнува  позицијата е дали ние имаме концепт, дали опозицијата воопшто има концепт, Владата има, но пратениците од опозициајта незнам дали имаат свој концепт. Концептот кој се нуди е двоен концепт, тој е принцип на догматски бирократизам изразен преку одреденис труктури во СДСМ затоа што сметам дека и членовите, а идеата на социјал демократиајта е напредна и валидна исто како што е валидна и демохристијанската идеа.

Меѓутоа, се работи за нешто друго, за издвоена и отуѓен центар на моќ во СДСМ кој заедносо овој догматски бироктарски, заедно со национал романтичарскиот на ДУИ практично сака да направи нешто кое очигледно не е по воља на народот. Практично овде имаме закон не против опозицијата, туку против народот, народот воглавно се буни.

За да работите станат појасни , би сакал да кажам уште неколку работи. Треба да сватиме на многу елементи кои сеуште ја држат недовербата на високо ниво и држат еден тонус во таа смисла.

Реално е да сватиме дека сме земја во постконфликтен период, реално е да сватиме дека и покрај желбата за верба и доверба максимална доверба не може ни да се спроведе ниту да ја има, тоа е посебно, таа недоверба се зајакнува низ процесот до кој се стигна до самиот закон.

Би се вратил повторно на тој дел од функционирањето, а тоа е дека ние имавме 40 дена преговори внатре во Владата со различни изјави од кои некои изјави  би сакал да ги кажам.

Првата беше изјавата  на една од министрите од Владата - Скопје не може и незнам вака и незнам така, да не објаснувам на долго и широко, на јавноста и вам ви е познато, па потоа се преговараше, потоа е залог едно, па друго, знажи самата Влада, додатно, онаа недоверба што постои ја потенцираше и ја подгреваше. И сега, наеднаш пред целата јавност бара сите ние да бидеме во амнезија и да заборавиме пред еден саат што сме јаделе. Едноставно, за да го поминат она што на крај успеале да го договорат, меѓутоа сметам дека тоа што го договориле не е на среќа на Република Македонија и дека земјата може да ја воведе во криза. За тоа што еден лош закон од овој тип, а го сметам овој закон за лош може да направи повеќе штета отколку што може да

направи штета војната. Ние имавме штети во војната во 2001 година меѓутоа сметам дека овој закон може да направи уште многу штета.

Многу повеќе штета и на довербата и на меѓуетничката соработка, воопшто на живеењето на граѓаните во Република Македонија . Мислам дека за овој сегмент Владата недоволно водела сметка, не сметајќи на временската дистанца и немањето доволно елементи на доверба што можат еден ваков проект, посебно кога нема услови за никаква гаранција, дека стравот нема да се реализира понатаму.

Од една страна тоа се правеше, а од друга страна, континуирано од страна на Владата се утеруваше страв кај народот. Утерувањето на страв, ќе кажам неколку пример, ги имаше континуирано, тоа беше практично еден организиран систем на страв. Господинот претседател на Собранието знае, кое обезбедување на заштита постоеше пред Собранието. Дојде некој, направи нешто? Меѓутоа, го заплашивте народот, буквално го заплашивте.

Понатаму, она што се случи во Струга, што не треба да се случува, меѓутоа мислам дека дел од раководството на СДС што го направи е чисто провокација, да кога заврши се, а не требаше тоа да биде, некој треба да направи реална проценка какви се ситуациите, да силите кои беа донесени таму, откако се заврши, практично утера таков страв кај населението, цела Струга беше со солзавец, биле употребувани па не биле, практижно демострира едно насилство што внесува страв кај луѓето.

Стравот го потенцираше и господинот Ахмети кој што во тој период за јавноста даде и неколку изјави, каде што индиректно кажа дека ова мора да се направи, ова мора така да биде, доколку не биде нема мир. Па тогаш, го прашувам господине Ќуркчиев кој е за војна, кој е за мир, јас никогаш не сум бил, ниту сум се изјаснил, ниту ќе бидам.

Сето тоа го поткрепи со некој елемент по кој што кажа дека албанците нема да бидат кираџии во Република Македонија. Па, каде се албанците кираџии во Република Македонија? Што сакаме да направиме, македонците да бидат кираџии на сопствената земја? Тоа е ирационално решение.

Ова втерување на страв и сите овие работи што се случуваа , исто така и состојбата во која што се наоѓа државата, состојба на сиромаштија и беда во која што оваа Влада ја довде. За две години функционирање знаеме до каде стигнавме во

сиромаштија. Исто така еден елемент кој во спрега со сите елементи влева елементи на сугестивност иманипулативност. Затоа што, само на сиромашен народ можете да манипулирате да народот беше богат, ова не можеше никогаш да помине. Преплашени, сиромашни луѓе не можат да реагираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

И, сега малку за законот господине Ѓорѓи Оровчанец,

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Па, може малку за законт.

Посебно во тој дел би се осврнал на она што во последно време употно се негира, а тоа е дека оние аргументи што практично ги даваме од Уставот и Рамковниот договор, практично не се елементи, па јас тука подготвив повеќе елементи што сакам да ги прочитам и да влезат во записник, затоа што сметам дека треба да се користат бидејќи овој закон треба да дојде, сметам, пред Уставенсуд, затоа што овој закон буквално се коси со овие елементи.

Имено, со овој предлог на закон се негираа неговата граѓанска димензија затоа што при определувањето на општинските граници на општините Струга, Кичево Скопје и други, се тргнува исклучиво од етнички карактер.

Овој Предлог- закон ја има изгубено својата уставна основа затоа што е во колизија со граѓанскиот карактер на државата и граѓанскиот суверинитет, утврден од членот 2 од Уставот на Република Македонија, со што се доведува во прашање суверената волја на граѓаните што се изворни носители на суверенитетот на државата.

Прдлог-законот грубо ги негира и референдумот, како форма на одлучување на граѓаните, преку кои тие изразуваат свој суверинитет и како директна, непосредна демократија што е спротивно на член 2 став 2 на Уставот на Република Македонија. Уставот не прави разлики меѓу квалитетот меѓу формите на изразување на суверинитетот на граѓаните.

Предлогот на законот не ја зафаќа ни суштинската димензија на локалната самоуправа, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, утврдена со членот 8 од Уставот. Оваа темелна вредност во себе имплицира право на граѓаните на заедници, според нивните потреби и интгереси, право на

самоорганизација во локалната самоуправа, право на автономија во сферата на локалната самоуправа и воопшто принципот на автономност како основен принцип на граѓанското општество.

Најпосле, оваа темелна вредност подразбира развој негување и почитување на локалната демократија, без чие постоење оваа темелна вредност ја губи својата вистинска смисла како вредност, воопшто.

Со Предлогот на законот се негира и осврнувањето на правото на локална самоуправа што Уставот го утврдува во членот 114 како оргинерно и неприкосновено право на граѓаните, а не на државата и на нејзината власт. Во случајот на овој Предлог на закон државата ни го одзема правото на локална самоауправа и истото го упростува до крајни граници. Актуелната власт не ја сфатила содржината смисла на поимот локална самоуправа, која не подразбира само проширување на нејзината надлежност, туку и подрачје каде истата се протега како посебен социолошки, историски или културен ентитет.

Предлог-законот воедно е и во директна спротивност со членот 5 од Европската повелба за локалната самоуправа што децидно утврдува дека општинските граници можат да се менуваат само во согласнос со локалните власти или по пат на референдум, ако е тоа пропишано со стаутот на општината. Конкретно, во Струга во Статутот е пропишано да има референдум.

Предлог-законот исто така е целосно во колизија со точката 1 од Рамковниот договор, а особено со точките 1.2., 1.4., 1.5., и 3.2., во таа насока извршена е повреда на точка 1, став 2 од Рамковниот договор, каде се утврдува дека суверинитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија и унитарниот карактер надржавата се неповредливи имора да се сочуваат и дека не постојат територијални решенија за етнички прашања,

Токму со овој Предлог-закон , тргнувајќи од етнички критериум, се загрозува суверинитетот, територијалниот интегритет, унитарниот карактер на Република Македонија како држава. Зошто? Затоа што ова е вовед, ова не е, но ова е вовед во Федеразација. Само во федерални или бинационални држави се случуваат какви

процеси. Според тоа, со овој закон се напушта принципот на унитарност и на мултиетничност во државата.

Предлог-законот е спротивен на точката 1 став 4 од Рамковниот договор, каде што се налага обврска на една современа европска држава, постојано да се грижи да бидат исполенети потребите на сите нивни граѓни во согласност со највисоките меѓународни стандарди.

Предлог на законот е спротивен и со точката 1 став 5 од Рамковниот договор каде децидно се уверува дека развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за потикнување за учестовот на граѓаните во демократскиот живот и за унапредување на идентитетот на заедниците.

Понатаму, овој Предлог-закон е спротивен на точката 3 став 2 од Рамковниот договор каде се утврдува дека ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти со меѓународно учество. Оваа точка на Рамковниот договор не произлегува обврска за целосна ревизија на општинските граници. Таа има намера да го стори актуелната власт, со овој Предлог-Закон во наведената точка 3 став 2 од Рамковниот договор изричито е утврдено учеството на локалната власт во спроведувањето на ревизијата на општинските граници со овој Предлог-закон и целосно е тоа игнорирано. Значи има премногу елементи од Уставниот и од Рамковниот договор во кои е спротивно.

Понатаму, што е спротивно за мене и неприфатливо тоа е укинување на одредени општини што се покажаа и витални и кои што во една проекција што би требало Министерството да ја направи, меѓутоа очигледно за тоа нема време, да тие општини го покажат во проекцијата валидитетот да останат. Тоа е на пример општина Бистрица, Џепчиште, Струга.

Струга е посебен пример во целата оваа, на некој начин, драматургија што се случи, затоа што Струга не само што е спојување на урбана, градска средина со големи традиции споена е рурални области кои се многу специфични, Да не зборувам за се она што беше искажано позитивно за Струга јас би кажал за некои хумани ресорси и капацитети што Стуга ги дала. Од Ристо Крле, од Црнодримски како основачи практично на македонската драма, понатаму Кастриот Санџак, господинот Поповски кои се

истакнати мозиколози, понатаму основачот на модерното сликарство господинот Коџоман. Има голема плејада. И првиот, практично претседател на Собранието на Република Македонија и првиот министер за здравство во Република Македонија Димитар Несторо. Тоа се луѓе и величини кои што го дале својот придонес и во таа заедница, чија што култура и традиција ги изникнала и ни ги дала како глобално позитивно  добро,од кое сите и непосредните соседи односно комшии го користат искуството и позитивните ефекти, така и целата Република Македонија, со спојување со Велешта.

Велешта е практично  село кое што е на листата на интерпол. Тоа е село што е практично  основоположник на проституцијата во Република Македонија и од каде што се лиферува понатаму во другите области. Тоа е слео каде што постои фабрика за дрога.

Со други зборови ако ги споите, тоа е кратка дефиниција за мафија. Значи тоа е село што има своја мафија. Е сега, што ќе се случи со спојувањето на овие две општини, сами ќе прогнозирате, ви дадов многу елементи.

Дека недовербата ќе се зголемува, господо пратеници, во тоа сум сигурен, тоа не е на добро и за тоа не би требало да дојде до реализирање на овој законски проек на овој  начин. Децентрализација, апсалутно да, потребна е. Дали би можеби има, идеална, сигурно не. Меѓутоа сигурно може да има нешто пооптимално од ова.

Дали можеме да ги респектираме чувствата на сите и на албанците и на македонците, по мене неопходно и потребно. И, дали треба децентрализацијата дефинитивно да значи и дерегулација на одредени централни системи и приближување на власта према граѓаните.

На крајот, ако кажете дека сето ова не е разбрано, не ве разбираме, ајде, ќе прифатам дека опозицијата не е разбрана. Меѓутоа, ако народот не ве разбрал, едностано Владата е крива. Тоа треба да го сфатите. Ако ова не чини, Владата не го објаснила доволно. Немала елементи да го направи тоа. Ако народот не верува, тогаш Владата е арогантна и мрзлива тоа  да и го  објасни, а вие како пратеници, зад вакви аргументи не треба да стоите, како народни пратеници зад Владата, туку зад народот. Во тој случај ќе имаме демократски принципи во оваа држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почнуваме со реплики, после тоа нема пријавување.

Грковска Славица, повелете имате реплика од три минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Оровчанец, тврдите дека и покрај желбата за доверба, максимална доверба нема и не може да има. Не мислите ли дека градењето на доверба е процес и дека во тоа треба да предничат политичарите? Не мислите ли дека треба политичарите да бидат пример за тоа како се гради довербата? Не мислите ли секој политичар треба да биде свесн за импликациите што може да ги има секоја негова изјава, секоја негова постапка во односот меѓу граѓаните, во меѓуетничките односи итн. Ако постојано употребувате реторика од типот поделба, федерализација итн, како мислите дека тоа ќе придонесе за градењето на довербата на граѓаните? Наместо за сметка на истакнување на реални аргументи, вие користите реторика што апсалутно не оди во насока во градење на доверба меѓу граѓаните.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец имате една минута.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Моето сомневање што го изразувам мислам дека е многу искрено и мислам дека треба да биде јавно и транспарентно, меѓутоа Владата е таа што треба мене да ми објасни дека не е така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Оровчанец.

Господине Томе Тромбев, имате три минути за реплика.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Ви благодарам претседателе,

Јас на господинот Оровчанец би сакал да му дадам информација, една корекција и една препорака на неговата дискусија. Информацијата се однесува на синоќешниот митинг на Третиот пат во Битола, во врска со референдумот, бидејќи

господинот Оровчанец цело време се повикува на народот и да му укажам дкеа на синоќешниот митинг во Битола беше дебакл. Што значи, дека народот не го поддржува, тоа е првата работа.

Корекцијата господинот Оровчанец ја спомна општината Кале што беше манипулација пуштена во медиумите во претходниот период и на крајот се виде и излезе дека е тоа манипулација пратена од ДПА. Инаку, за негова информација општината Кале на времето со претходните територијални поделби постоела во Скопје, меѓутоа на сосема други простори од овие на кои што се укажува. Бидејќи тој укажа дека сега се вклопува со оваа поделба, апсолутно неговото тврдење не е точно.

И на крајот препораката, господинот Оровчанец во целата негова дискусија имаше големо сомневање, инаку да го потсетам дека Рене Декард го внесе сомневањето во филозофијата. Меѓутоа, како добар демохристијанин, јас би му препорачал да се врати на религиските корени и малку да се врати на вербата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец, повелете една минута контра реплика.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господинот Тромбев нека се грижи за Третиор пат, меѓутоа нека се потруди со методите страв за закани за губење на работа и ред други работи да го стивне народот или ќе биде уште помалку луѓе, меѓутоа на крај ќе експлодира таа ситуација, оти е неодржлива.

Второ, општината Кале да беше направена во Предлогот, е сегашна општина Чаир. Каде била порано тоа е друго прашање.

Што се однесува до филозофијата, таа е поголема и од космосот исто како и глупоста, меѓутоа за некои работи треба да дискутираме, за некои не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Интересно знаете колку е голем космосот, па да кажете дека е филозофијата поголема од космосот.

Повелете госпоѓа Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Почитуван претседателе, не само господинот Оровчанец туку и повеќе пратеници од опозицијата повеќе пати кажаа дека нема територијални решенија за етничките прашања. И, веќе станува здодевна таа формулација која што редовно ја употребуваат. Би сакала само да им кажам дека територијална организација е обврска од Рамковниот договор иако тие се обидуваат да докажат дека таа не е иако тие беа потписници на Рамковниот договор, постојано тврдат дека не е одврска од Рамковниот договор.

Во Рамковниот договор стои дека децентрализацијата ќе биде еден од инструментите со кој што ќе треба да се избалансира, да се поправат меѓуетничките односи. Тоа значи дека да се изземе етничкиот карактер на целиот овој проблем. Така да не можам таа теза да ја прифатам дека нема територијално решение за етничките прашања. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ова треба да го повториме не уште сто пати него сто први пат доколку некој треба да го разбере затоа што ова е уште еден пример госпоѓата пратеничка Елеонора Петрова дека таа има свое толкување на Рамковниот договор. Јас сакам право толкување, а не лично тумачење на Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Хусеинџеват, имате три минути реплика.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Почитувани колеги,

Треба да речам дека со ништо не се согласувам, со она што го рече господинот и сето тоа ми се чини дека вие сакате да го држите во ропство развитокот на Македонија и на оваа држава и на идните генерации кои што доаѓаат после нас со стравовите и со фобиите што ги имате. Вие ова го наречувате политичка спогодба. Тоа е политичка спогодба, најнакрај она што доаѓа од Европската унија тоа е нешто што е постигнато со

политички договор. Овој политички договор е против поделбите против отворањето на вентилити со кој што го држите развитокот на Македонија.

Не обвинувате дека оваа спогодба е за да ја одржи оваа коалиција, за да продолжи владеењето на оваа коалиција. И, автоматски ми давате за право и јас да ве обвинам дека сите овие опструкции што ги правите се исто така за да се дојде на власт, вие да дојдете на власт. А, јас прашувам доколку вие дојдете на власт што вие ќе направите. Јас предлагам малку да почекате за да го наполниме буџетот и фондовите на оваа држава, а потоа вашето доаѓање на власт има смисла затоа што за испразнување на истите вие бевте вистински мајстори. Но, сепак ви благодарам за придонесот што го давате затоа што оваа работа се чини како тешка работа, а добрите работи потешко се остваруваат, доаѓаат потешко. Тука го гледам вашиот допринос. Благодарам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете една минута господине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Јас реков дека е политички договор и се согласувам дека е политички договор, јас не коментирам друго. Меѓутоа дека ова било развиток на Македонија апсолутно не се согласувам, од 15 септември 2002 година до сега видовме до кој развиток и до кај стигнавме. А, да ги наполните фондовите е многу тешко бидејќи корупцијата е на врвно ниво и тоа е уште со сведоштво на ММФ. Прашајте се каков беше развојот во нашето владеење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Адеми, имате три минути.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Иако не сакав да му реплицирам на г. Оровчанец, но на крајот на неговиот говор рече тешко зборови за жителите од Велешта и не можам да не реагирам. Господине Оровчанец, квалификациите кои ги кажавте за жителите од Велешта дека таму е извор на проституција, дека е извор на дрогата, дека во Велешта има мафија, ова се

многу тешки оквалификувања и најмалата работа што треба да ја направите како универзитетски професор и како лекар и како хуманист е да побарате јавно извинување од жителите на Велешта, за овие зборови кои ги искажавте.

Доколку има нешто такво, нивните босови сигурно се во вашата средина и тоа овде во Скопје, но не идентификувајте ги сите жители од Велешта со тие поставки.

Потоа спомнавде дека Струга е свое поглавје во овој проект. Сигурно и јас ќе се согласам дека е поглавје за постапките кои се вршат во Струга од неколку луѓе кои сакаат да бидат по секоја цена на власт и колку вие мислите дека актуелниот градоначалник во Струга може да се отстрани од одговорноста што ја има за злоупотреба на финансиските средства со сите овие постапки што ги врши во однос на Струга на ниту еден начин не може да се избегне на овие остапки поради тоа што треба да ја деблокира жиро сметката во Струга за да почнат инвестиции во таа општина.

На почетокот од вашиот говор вие рековте дека со аплаузот што му го укажавме на колегата Славе Арсовски, значи на неговата дискусија докажавме дека сме на прав пат. Да ве потсетам дека на годишнината од основањето на вашата партија, на ВМРО-ДПМНЕ во Универзалната сала вие на почесниот ваш претседател му аплаудиравте околу 30-тина минути. Што значи ова. Значи вие не сте на прав пат или воопшто не сте на тој пат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господин Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам.

Можам да го исправам господинот дека 33 минути, а не 30 минути му аплаудиравме на господинот Георгиевски. Тоа е една работа.

Втора работа тоа е партиска работа, а ова е парламентарен дом кој знае за што се работи и како се работи.

И трето, за жителите на Велешта, јас им се извинувам со што оваа власт продолжува да ги држи како заточеници на мафијата која постои таму затоа што се тие жртви на таа мафија. Ако не верува нека провери во МВР и во Интерпол.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Јас нема да го повторувам она што беше овде кажано од на неколку претходни репликанти и истото да му го објаснувам на г. Оровчанец, но нешто сосема интересно во неговиот говор е фактот дека тој многу милува да се бави со психоанализа сам, но не знам како лекар знае каде тоа треба да се практикува, има всушност и положено заклетва за тоа. Кој му дава за право тоа да го прави во овој Парламент, па да прави поединечен испад и направи психоанализа на поедини пратеници, па потоа психоанализа на масите, потоа психоалализа на Владата, да заврши со психоанализа на народот.

Господине Оровчанец после психоанализата почнавте да ни зборувате за фобиите, па да завршите со амнезиите и да не повикате дека ние сите имаме памтење кое што заслужува некој особен респект.

Што се однесува до помнењето мислам дека краткото помнење вие многу својствено вам. Многу брзо или да не речам со космичка брзина ги заборававте партиите и поминувавте од една во друга и ги заборававте сите оние што ви овозможија да ги уживате бенефициите на власта. Демократската алтернатива, потоа Нова демократија, а сега да бидам искрена не знам на која партија припаѓате.

И уште нешто сосема на крајот. Ве молам, големите македонски дејци великани по мисла реч  и дело немојте да ги нарекувате хумани ресурси.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господин Оровчанец, повелете реплика.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Што се однесува до медицинските услуги кои ги напомна госпоѓата секретар на ЛДП, можам да кажам дека за неа тие се бесплатни како и за другите, така да не гледам зошто да се буни.

Што се однесува до фобиите тоа се општи човечки карактеристики. Ако таа инаку се третира себе си, тоа е нејзин проблем. Фобијата е човечка особина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Лилјана Ивановска.

Повелете.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, почитуван колега Оровчанец,

Ме радува тоа што и ваше омилено четиво е како што е и моето господинот Ерик Фром и ви препорачувам да го препрочитате Да се има или да се биде, многу има да се научи за духовните и материјалните вредности. Немојте да ги анализирате пратениците и нивното психолошко празнење затоа што искрениот аплауз за господинот Славе Арсовски беше заради неговиот искрен настап во Парламентот, затоа што тој живее во Гостивар и тој најдобро ги чувствува проблемите.

Вие кажавте дека е ова договор, политички договор и во една ваша реплика на репликантите кажавте дека е политички договор. Ќе ве потсетам дека и Охридскиот договор беше политички договор на најголемите политички партии во Република Македонија. Но доколку имаше референдум кога се потпишуваше Охридскиот договор каков ќе беше резултатот во такви околности во кој што се потпишуваше, а сега патот до Брисел бил преку Охрид.

И ќе ве потсетам на уште еден голем договор а тоа е Елисејскиот договор помеѓу Франција и Германија, традиционални непријатели кои што војувале многу години и кој што беше двигател на европските интеграции затоа што во ова време навистина е потребно да се носат тешки и храбри одлуки. Кажавте дека пратениците не ги претставуваат граѓаните. Пратениците се легитимни претставници на граѓаните и немојте да мислите дека ние немаме слух за она што го зборуваат граѓаните. И Македонскиот народ и македонските граѓани немојте да ги потценувате, тие се зрели во своите размислувања и секогаш имале сенс за тоа што се случува во Македонија.

Кажавте дека ќе се федерализира Република Македонија. Македонија е премала земја за да се федерализира. Тоа го кажале многу претставници на меѓународните организации во Република Македонија и надвор. Така да таквите тези само внесуваат страв кај граѓаните на Република Македонија од можни конфликти. И

затоа ќе ве потсетам на Кривичниот закон во член 319 каде што сеењето омраза, нетрпеливост и страв е казниво дело. Препрочитајте го.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Оровчанец, повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Би препорачал прво да не се заканува госпоѓата пратеник, а второ ако читала, на не прочитала нека прочита под органистички празнења на Ерик Фром, ќе го најде ова, па ќе и биде полесно. Притоа не може да дава адекватни примери. Германија и Франција се земји кои војувале. Ако таа го поистоветува тоа што беше кај нас, тоа е нејзин проблем. И ако ми даде еден аргумент лично таа воопшто ако успее за тоа дека не се случува федерализација, јас би прифатил да разговарам со неа.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам

Господин Ристе Бислимовски, повелете реплика.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Почитуван Оровчанец, јас нема да должам во мојата реплика, едноставно сакам да ви поставам едно прашање, а прашањето се разбира произлегува од вашиот настап. Покрај другото рековте дека Република Македонија односно директно е загрозен суверенитетот и интегритетот на Република Македонија. Сега да не излезе дека ова го вадам од контекст би ве замолил ако сакате да дообјасните како тоа дирекно е загрозен суверенитетот и интегритетот на Република Македонија. Ви благодарам однапред доколку ми одговорите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Оровчанец, повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

За вакво објаснување сигурно е потребно повеќе време од една минута, меѓутоа кратко би можел да кажам доколку настане федерализација на Република Македонија дефинитивно е нарушен и интегритетот и суверенитетот на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Завршивме со репликите.

За збор е јавен господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитуван министре, драги колеги,

Мојот говор нема да биде сличен ама на ниеден говор што се слушна овде, ниту опозицијата ќе ја напаѓам, ниту позицијата ќе ја бранам. Се извинувам, како претседател ако координаторот има 4 права на дигресија, јас како да имам право на 5 такви дигресии и со тоа ќе завршам за 15 минути.

Господине Оровчанец ќе се препознаете и вие во овој говор, малку, има и за вас, седите.

Се надевам дека нема да има ниедна реплика бидејќи не е говорот правен да има реплики, бидејќи ова е мојот личен однос кон ова што се расправа овде и ако некој треба да си дава реплики треба јас самиот на себе да си давам реплики.

Почитувани колеги,

Секогаш кога ги пишувам говорите или правам концепти заради полесен и логичен тек на мислата и пораките кои сакам да ги искажам или испратам, како прво го дефинирам насловот кој подоцна го користам како лајт мотив низ целиот мој говор.

Но во овој случај кога расправаме за новиот Закон за територијална организација на Република Македонија како и за градот Скопје, навистина ми требаше подолго време да го пронајдам вистинскиот збор и вистинската мисла, вистинската реченица со која јасно, кратко и јадровито би го искажал својот позитивен однос кон овој, за Македонија, исклучително важен закон.

Но, благодарение на мојот колега пратеникот Даневски кој овде во овој Парламент директно ме нарече предавник на Македонија, и не само тој туку и некои други колеги пратеници на директен или индиректен начин ги искажаа тие зборови, како и разни граѓански иницијативи против територијалната организација ми ја разрешија дилемата каков наслов да му дадам на мојот говор и за што да зборувам.

Јас сега ќе зборувам за сите мои предавства на Македонија, но пред тоа би сакал да го израдувам г. Караџовски и да му кажам дека нема да се послужам за да ја кажам својата порака со ниту еден филм, но затоа ќе се послужам со роман ненапишан, животен роман бидејќи на крајот на краиштата животот пишува романи.

Да почнеме по ред.

Првото мое предавство е сторено во моментот кога сум се родил. Навистина вината за тоа не би можал да си ја препуштам целосно на себе, но гледајќи од сегашнава дистанца од овој миг кога зборувам на оваа говорница, кога мојот глас за законот може да допринесе за најголемото предавство на Република Македонија, може да се направи логичка аргументација дека моето раѓање е моето прво предавство. Подоцна научив дека еден голем филозоф и ум рекол, парафразиран, јас сум прво човек, па случајно сум Македонец. Така да денеска полесно живеам со моето прво предавство.

Второто мое предавство се случи во време кога бев во основно училиште. (Реакција на некои од пратениците во салата). Имам пет дигресии. До шесто одделение 1964 година учев во Приштина и тоа што како Македонец бев прв и најдобар ученик без ниту една четворка е помало предавство. Поголемо предавство беше што во петто и шесто одделение учев и албански и по тој предмет бев најдобар.

Букварот се викаше “Абетаре”.

Повторувам, во дамнешната 1964 година јас учев албански, како што тука се учеше српско-хрватски. Потоа, дојдов во Скопје за да во 8 одделение освојам прво место по математика на ниво на Република и да го направам уште едното предавство.

Третото мое предавство се случи во гимназија. Предавствата беа во тоа што секоја година освојував награди на натпреварите по математика во Република Македонија, како и завидни резултати на тогашните сојузни натпревари. Секако, тоа што бев ученик на

генерација 1970/1971 година го сметам во тоа време за мое најголемо предавство. Целото лето, подготвувајќи се за приемен испит за студии по електротехника на Универзитетот во Загреб, размислував за нови предавства.

По редоследот, тоа би било мое четврто предавств. И, успеав во тоа. На приемот, меѓу 600 пријавени од сите делови на СФРЈ јас го делев првото место. Искрено да ви кажам, бев многу горд за едно вакво големо предавство од еден Македонец. Затоа, на прашањето од деканот - Чудно, од Македонија секогаш ни доаѓаат добри студенти, јас одговорив - Чудата не се случуваат господине декане, туку тоа значи дека во Македонија гимназиите и средните училишта се многу поквалитетни во споредба со другите. Но, тоа беше само почеток на мојот траен и конспиративен план за сите предавства што ги направив за време на моите студии во Загреб.

На крајот од мојата прва бруцошка година, јас веќе на 5 јуни, само пет дена од крајот на студентската година, 31 мај, ги положив сите испити односно прв го исполнив условот да ја запишам втора година, бидејќи таму, во Загреб, условот беше да се дадат сите испити од годината, осум вкупно. Тоа брзо се прошири меѓу колегите со зборовите - онај луди македонац положио све испите. Но, јас тука не престанав да правам предавства.

Лудиот Македонец веќе на есен запиша студии по математика. Ја предадов Македониа со што во јуни ги исполнив условот на Електротехнички факултет, а во август и септември на Природно-математичкиот факултет. Припремав терен за најголемото предавство и тоа се случи кога дипломирав. Тогш добив понуда да останам како асистент на Електротехничкиот факултет во Загреб, или да работам на Бродарскиот институт во Риека, но јас одбив, со образложение дека се враќам во мојата Македонија за да продолжам со предавствата. И така се случи, се вратив и се вработив во ИЗИС, тоа е Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, а предавствата продолжија. Денес толку славениот коридор 10 е мое предавство, бидејќи во далечната 1981 година мојот институт доби проект од УНЕСКО да ги направи анализите за сеизмичкиот Хазес долж трасата. Работев цели денови и ноќи, одев во 2, 3 часот по полноќ да ги ладам компјутерите, бидејќи сакав предавството да биде направено на време, прецизно и над се квалитетно. И денес во архивите на УНЕСКО можете да ги

најдете проектите на кои пишува: ИЗИС Скопје, Република Македонија, како доказ за моето предавство. Предавствата на работа и понатаму продолжија. Работев напорно на предавствата, правев програми кои денес се користат и луѓето живеат од нив. Некаде во 1982 година заминав за САД на докторски студии. Меѓу студентите од целиот свет: Индија, Иран, Кина, Кореја, Русија, јас бев најдобриот предавник. И затоа сите тие мои колеги научија каде е Македонија и какви предавници таа мала непозната земја раѓа. А кога по докторирањето ми понудија да останам и предавам на Принстон Универзитетот, јас си поставив прашање, зошто да ја предавам Америка кога можам тоа да и го правам на Македонија. И така се вратив дома во Македонија, а потоа беше лесно. Како експерт на УНЕСКО оставав докази за моите предавства низ целиот свет. Некогаш кога патот ќе ве нанесе во Мексико, на УНАМ Универзитетот побарајте го проектот во кој е разработен оригиналниот модел за генерирање на субдукциони земјотреси. За тоа предавство лично ми честитаа и бев награден од најголемите авторитети од областа на земјотресното инженерство, господинот Розенбарт и господинот Стелак, прашувајќи се исто така каде е таа Македонија. Исто така, ако патот ве нанесе во Техеран побарајте го проектот за сеизмичкиот казар на Каспискиот регион изработен по големиот земјотрес во 1991 година што се случи во Иран. Таму ќе најдете уште еден доказ за моето предавство, уште еден извештај и проект на кој што пишува Република Македонија. Потоа дојдоа доцните од 80-тите години кога Источниот блок почна да се распаѓа. Тогаш решив малку да поработам на предавствата во политиката. Така почнав да ја предавам Македонија на 14 Конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија заедно со некои мои колеги, борејќи се против тоа Македонија да остане јужна бановина. Во рамките на тогашниот ЦК на СКМ вршев предавства со тоа што се борев во Македонија да се воведе демократски повеќепартиски систем, систем на западната демократија. Многумина од тие кои сега формираа граѓански друштва за спас на Македонија од новата територијална поделба во тоа време чекаа да помине бурата, чекаа да видат што ќе се случи, или кажано со еден збор откако се направија сите тие предавства, се појавија како мисловна експертска, или ако сакате интелектуална моторна сила на независна и суверена Република Македонија. И многу од нив се најдоа на високи функции. Резултатот од нивната работа е денешната состојба и дебели банковни конта.

Почитувани пратеници, после толку мои предавства да направам уште едно во кое верувам со тоа што верувам во понудениот концепт на новата територијална организација,  не ми претставува поголем проблем. А знаете ли зошто? Затоа што 95% од граѓаните на Република Македонија  се предавници како мене. Исто како што и овде меѓу нас поголем број има такви предавници. Едниот од нив е можеби и господинот Оровчанец, само се разидовме со предавствата сега на ова последното прашање. Некои од нив си ја копаа нивичката, некој пак работи наведнат на разбој, некој пак води свој мал приватен бизнис и сите се со иста цел, да си обезбедат пристоен и достоинствен живот за својата фамилија. И сите сакаат и бараат најпосле оваа наша заедничка држава да почне економски да закрепнува. Но, некои од тие предавници си заминуваат во други земји неможејќи да ја издржат прегратката на големите патриоти, бидејќи ги задушува, им го одзема правото и времето за еден обичен и едноставен живот. Затоа господа, вие кои не делите на предавници и патриоти, кога сте погоре, кога сите погоре кажани предавници ќе си заминат од оваа земја, тогаш се надевам дека ќе бидете среќни, но и тажни, бидејќи ќе немате со кој да ја споделите таа среќа. Но, за ваша несреќа тоа нема да се случи од една едноставна причина, народот, граѓанинот секогаш знаел да го одбере вистинскиот пат, знаел да ја насети вистинската иднина затоа што исконски од века без да му се каже знаел дека прво се луѓе, а случајно се македонци, албанци, срби, роми, власи и бошњаци. Затоа почитувани пратеници на прашањето за политичка одговорност, логичен е одговорот, избори. А на контра одговорот каква корист ако е направено штета, мојот одговор би бил, погрешна импликација од одговорот. Имено, секоја генерација во дадениот историски миг има своја одговорност. Време кога треба да направи избор по кој пат ќе тргне, кои чекори да се изодат. Ние сега сме исправени пред таков предизвик и тоа не во име на минатото и нашите претци, туку во име на иднината и нашите деца. И затоа јас не размислувам за политичката одговорност, туку за историската одговорност, поточно дали  во дадена временска дистанца историјата нашите одлуки ќе ги  оцени како исправни, или не, исто како што денеска на настаните на Илинден, за Илинден 1903, 1904, не разговараме за политичка одговорност на еден или на друг, туку за историска одговорност со тоа што некои ги чествуваме и им оддаваме почит, а на некои ниту имињата не им ги знаеме.

И затоа една молба до стружани. Вашите и на сите нас Струшки вечери на поезијата веќе претставуваат историска одговорност. За нив не е потребна временска и историска дистанца. Бидете достојни и не дозволувајте политичката одговорност која постои од избори до избори да стане ваша и наша историска одговорност. Ако верувате во она што сега го кажав, дозволете да се направи најголемото предавство на Македонија, дозволете да се одржат Струшките вечери на поезијата, бидете достојни на големиот македонски син Гоце Делчев кој рекол: Светот го разбирам како поле за културен натпревар меѓу народите.

(Аплауз).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

За реплика се јави господин Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван господине Јордановски, не ви се обраќам со претседателе, затоа што сакам да бидеме рамноправни. Излегов на говорница за да можам да ве гледам. Почитуван господине Јордановски за сите предавства за кои што зборувавте, не се предавства. Тоа само зборува за вашата личност, односно за вашата способност и како сте се изградиле како човек. Ако сакаме да зборуваме кои се вашите предавства во рамките на вашиот иден роман кој најверојатно ќе го читам во едно догледно време, кога најверојатно ќе напишете мемоари. Во рамките на тоа сега јас ќе ви кажам кои се вашите предавства. Не е предавство тоа што сте се родиле, не е ваша вина, некој друг е одговорен за тоа.

Вашето прво предавство почитуван господине Јорадновски е тоа што сте влегле во политички води, сте станале член на СДСМ.

Вашето второ предавство е тоа што се кандидиравте за пратеник од рамките на СДСМ.

Вашето трето предавство почитуван господине Јордановски е тоа што станавте пратеник од СДСМ.

Вашето четврто предавство е тоа што станавте претседател на Собрание благодарение на гласовите на некогашната ОНА, сега во олицетворение на ДУИ.

Вашето петто предавство е тоа што ќе гласате за овој закон.

Вашето шесто предавство е тоа што почитуван претседателе ќе ни останете претседател до крајот на мандатот, затоа што немаме начин на кој би ве разрешиле.

И вашето можеби, нема да биде тоа последно предавство е тоа што Деловникот упорно го кршите во рамките и во стилот, Деловникот, тоа сум јас.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Караџоски мислам дека ја преминавте границата на пристојноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи немам навика да давам контра реплики, заборавив тоа да го кажам во мојот говор, а му ветив дека овој мој говор ќе му го посветам на господинот Караџоски со мојот потпис, така што да може на своите внуци и деца лично да им го покажува потписот на најголемиот предавник на Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, бидете принципиелен и барем сослушајте ги репликите. Мора да признаете дека сепак за говорот ве инспирираше опозицијата. Значи, сепак, опозицијата е инспиративна, во секој случај.

Дали мислите дека најголемото предавство и направивте на вашата професија во која очигледно сте биле исклучително добар, па отидовте во политика и за жал се покажавте како исклучително лош, без визија и без сенс за вистинските потреби на државата. Во Парламентот како претседател предизвикавте елементарна непогода и на вашата прва седница од толку предавства кои му ги направивте на Деловникот на Собранието предизвикавте земјотрес, а како стручњак по земјотресно инженерство не успеавте да го предвидите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам ако може да бидеме коректни и пристојни едни кон други. Меѓутоа, сепак да имаме почит меѓу себе, да не навлеземе во навреди и да не ја злоупотребуваме толеранцијата и на колегата.

Следен за реплика господинто Ѓорѓи Трендафило.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуван господине Јордановски, според ваше лично кажување вие сте љубител на историјата и тоа го искористивте во неколку наврати во поглед на вашата, непостоење на дилема од одредена временска дистанца дали ќе бидете прифатени дека сте биле во право, или не сте биле во право. Ќе ве упатам на еден класичен пример околу вредноста на Гај Јулије Цезар за неговата војничка и државничка способност. Историјата секогаш заборавала да ги праша, а што Галите мислеа за Гај Јулије Цезар. И ќе завршам со уште една изјава на Гоце Делчев. Многу се експонира таа изјава од Делче во поглед на соработката. Да ве потсетам дека тој меѓу другите изреки му се припишува и следнава: робот прво се ослободува во умот, а пота и физички. Ние мислам дека треба да се ослободиме прво во умот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господин Ристо Пејоски.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Тоа што некој се фали со својата интелектуалност не е и обврзувачки да биде интелегентен за политика. Тоа што сте биле успешен во матичната област, одејќи во политиката сте стасале до границата на своите неспособности.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе Јордановски, со цел респект и почит како висок интелектуалец, заслужен граѓанин на оваа држава. Сега ќе зборувам од друг аспект како искусен пратеник во Собранието. Таа говорница каде што говоревте можеби треба да се срами од добри и лоши говори. Со овој ваш говор во стилот на роман како сте се развивале од раѓањето па се до вашето доаѓање за претседател, мислам дека го спуштивте нивото на Парламентот на многу ниско ниво. Ви зборувам затоа што ова е дом каде што се борат идеи, а она што вие сте заслужен, што имате титули, тоа никој не ви го оспорува, секоја чест. Вие денеска требаше да зборувате за законот. Вие апсолутно ништо не кажавте. Вие не кажавте за она што е незадоволство кај граѓаните, вие не кажавте за анкетите, вие не кажавте за јавните расправи, вие не кажавте зошто граѓаните

од Струга реагираат така, вие не кажавте зошто граѓаните од Облешево се незадоволни, вие не кажавте зошто граѓаните од Кичево реагираат така, вие не кажавте зошто е реакцијата на граѓаните од Скопје. Вие денеска ја промашивте темата. Секоја чест за ова што сте постигнале, вие сте успешен интелектуалец, имате признанија и во Америка. Тоа никој тука во Парламентот не може да ви го земе. За тоа секоја чест и респект. Но, вие не смеевте да направите еден излет. Вие направивте излет во празно. Го симнавте Парламентот на едно многу ниско ниво.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Знам дека на мојата реплика нема да има контра реплика, не би ни сакал. Но, едно сакам да кажам, дека многу ми е жал што пратениците од опозицијата не ја сфатија, или не сакаат да го сфатат предавството на господинто Јордановски. Јас господине Јордановски добро ве сфатив, добро ја сфатив вашата порака. Пред се сметам дека се однесуваше баш за афирмација на Македонија, баш за афирмација на европската интеграција на Македонија преку поединецот. Едноставно ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Со тоа завршивме со репликите. Одиме со дискусиите.

За збор се јави господинот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Госпоѓо потпреседателе, господине министре, почитувани колеги,

Претпоставувам ова биографско кажување на нашиот претседател на Собранието беше своевидна парадигма за нашата македонска историја, а би рекол и тие зборови што неколку пати ги употребуваше како проклество што не следи сите овие години. Предавството како придружна, јас би рекол неизбежна појава во историјата на македонецот до денес, а која, според оценката која ја слушнав од претседателот, трае и денес. Веројатно тоа беше само една алузија на нечии дискусии дека тоа треба да прекине, а пораката е совршено јасна дека Законот што го предлага Владата е онака

добар како што беше биографијата на претседателот на Собранието. Мислам така и треба сите ние да го сватиме и да го прифатиме.

Сепак сакам да говорам нешто за законот. Се разбира, разговараме за една многу сериозна тема, разговараме за преуредување, разговараме за реформи, не само во државата, за реформи во државата. Поради тие причини овде кај нас сите поедиечно, заедно или сите тие што до сега говореа се будат чувства на морална одговорност, на политичка одговорност, меѓутоа чувство и за она за што најмногу се говореше во говорот на претседателот и на националната припадност или етничката припадност на секој од нас.

Секој од луѓето што го слушат говорот можат да извлечат свои поуки. Токму поради тоа сметам дека кај нас има многу емоции, многу набој, сите овие денови разговарајќи секој од партиска позиција, меѓутоа и многу човечки. Како ја сваќаат територијалната организација, организацијата на државата, поделба и тн. и кон што дефинитивно ваквата организација на државата води. Која е крајната цел и дали тоа води, според оценката на едните кон федерализција и дефинитивно доведување во прашање на државата или отвара трајна перспектива за стабилен, мирен развој на Република Македонија и во неа место за мирен спокоен живот на сите нејзини граѓани независно од етничката припадност.

Заради карактерот на расправите што се водеше до сега и заради она што сакам децентрализација го кажам подоцна ќе ми дозволите само да го спомнам францускиот пример на територијалната организација и кај нив од 21 до 28 минатиот месец се водеше расправа, беше предвидена парламентарна сеанса, токму за децентрализацијата, но не дојде, бидејќи ја започнаа расправата, констатираше Францускиот Парламент, тоа го прочитав во “Ла Монд” пред едно десетина дена, констатирале дека има 4356 амандмани и дека не е можно, бидејќи Парламентот има сесија за законите во определени месеци, не е можно за 6 дена да се разгледаат толку амандмани и отишле на една варијанта што според нивниот устав тоа е предвидено, не сакам да елаборирам, Владата со својот авторитет да излезе на Собранието и да бара од Собранието да ги прифати сите амандмани и веднаш да се гласа за доверба на Владата. Со тоа претседателот на

Владата на Франција излегол со таков предлог и поминале како што поминале, а сега сеуште не се знае кога ќе се гласа за доверба на Владата.

Значи, не само во земја која е во фаза на развој како што е Македонија, туку земја со долгогодишна парламентарна традиција расправа и тоа десет години за територијалната организација и последниот закон пред овој за кој се расправа е донесен во 2003 година.Тоа е чувство на одговорност за проектирање на иднината на една држава. Сигурно ние не сме во иста ситуација, Македонија мора за многу кусо време да донесе многу закони, да си ја изгради токму својата државност и да бидеме во светот признаени со легитимација како меѓународен субјект за кој толку грчевито се бориме.

Но, поентата ми е во следното, по оваа куса информација за некоја компарација помеѓу нашиот и францускиот парламент.

Во весникот пишува, покрај другото, дека постои соработка, но и дијалот меѓу пратеничките групи и на позицијата и на опозицијата и на Владата. Пратениците слободно ги изнесуваат своите видувања и евентуално го изнесуваат своето несогласување со некои владини предлози. Во тој дијалог меѓу пратеничките групи и Владата се изнесуваат аргументи и само од нив зависи како пратениците ќе гласаат.

Јас мислам дека тоа е некој вид упатство за нас како ние треба да се однесуваме. Но, тоа го прават французите заради тоа што имаат над 150 години парламентарна традиција и би се согласил дека имаат многу повисок степен на политичка култура од нас, а ние почитувани колеги сите овие денови овде се натпреваруваме меѓу себе кој кого повеќе ќе навреди меѓусебно позиција опозиција и разговараме низ нишанот вие и ние, ваши и наши, предавници, спасители. Тоа е тема која малку ги обезличува институциите. Само ќе ве потсетам на последната оценка на Меѓународната кризна група за Македонија. Најголемиот хендикеп, стои во Извештајот на Република Македонија е што има политички партии кои се во дефицит со демократија, внатрешно-партиска демократија и градењето на политичките ставови и што им деградирани институции, односно неизградени институции, не функционираат институциите на системот. Веројатно повнимателните аналитичари можат да дојдат до сознание зошто е тоа така, а јас ќе ви кажам што мислам зошто е тоа так. Сите овие години наназад не сакам да говорам за оценката за политичките партии, внатрешно-партиската демократија, лично сум се

произнесувал, не бегам од тие становишта и денес, но сега не е местото, но за институциите на системот се чувствувам повикан да кажам.

Мислам дека причина за атрофирање и на Собранието и на другите институции за сите овие неколку години наназад, не само за владеењето на оваа коалиција или на претходната Влада итн. е што во Македонија практично функционираме на принцип на договор и договарање. Македонија - опростете, тоа е мо мислење - ми се чини дека функционира повеќе како договорна или договорена држава. Некаде некои политички партии - претходно тоа се правеше кај покојниот Борис Трајковски, сега на друго место, ќе седнат, ќе се договорат и Парламентот треба да го одигра само “Танцот на музите”, треба само да гласа и да го донесе законот. Без исклучок, сите политички партии и сите парламенти така функионираа. Јас со гордост се сеќавам на првиот повеќепартиски парламент на Собранието, можеби затоа што сум од тој Парламент, има овде многу малку луѓе, тоа беше, за мене, херојското време на македонската парламентарна демократија и тоа особено првите две години кога во овој Парламент немаше доминантна политичка партија и кога сите бевме упатени меѓу себе да разговараме, да се договараме, да постигнуваме консензус, долги расправи овде во овој Парламент траеја, имаше и препукувања, не сакам да кажам дека бевме со висока политичка култура, па меѓусебно не се навредувавме, но многу помалку отколку тоа го правиме денес, но после сето тоа ќе седневме координаторите на пратеничките групи кај претседателот на Собранието и меѓу координаторите и ќе баравме заедничко решение за она што е во интерес на државата, што е во интерес на Република Македонија.

Ако и тоа не ни успееше одевме кај еден авторитет што се вика Киро Глигоров, како претседател на државата и таму се пресекуваше заедно сите политички партии и координаторите и таму се пресекуваа работите. Значи, постоеше дијалог, разговор.

Се сеќавам, па нека е тоа дигресија, ќе ми простите, на господинот Трајан Мицевски, еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ кој по една средба кај претседателот Глигоров тогаш рече јас повеќе не одам таму зашто ако продолжиме да одиме господинот Глигоров за се ќе не убеди дека е во право. Сите од кај него си доаѓавме со ставови усогласени и искоординирани.

Мислам дека токму тоа ни недостасува. Во целиот процес на донесување на Законот, градењето на неговата стратегија, мислам дека многу повеќе требаше да соработува и позицијата и опозицијата и да го искористиме целокупниот творечки потенцијал со кој располагаме како држава. И тркалезни маси, ако сакате и експерти, се разбира експертите имаат сопствено научно теоретско кредо и тие јавно излегуваат со него. Но, тоа е најдобра прилика за полемики. Но, битно е после таква дебата да дојдеме до заедничка резултанта за она што е најдобро за Македонија, бидејќи се работи за многу чувствително прашање.

Ние практично ги збунуваме граѓаните. Едниот дел од оваа сала постојано говори дека ова е страшна работа за Македонија, дека ние влегуваме во нова криза, ние од оваа страна говориме дека ова е излез од криза. Едни говорат дека Македонија влегува во конфликтно општество, во период на конфликтност, други говорат дека Македонија дефинитивно излегува од конфликтност и сега луѓето се збунети, поделеин онака како што се поделени со своите убедувања за политичките партии не гледаат бело и не знаат на кого да му веруваат. Значи, станува збор за отсуство на меѓусебно почитување меѓу себе да разговараме за сите прашања за да конечно на граѓаните како наши избирачи им понудиме решение кое ќе биде, барем за мнозинството, прифатливо. Но, сето тоа мора да се прави со аргументи. Без аргументи можеме само да се надвикуваме и меѓу себе да се навредуваме.

Денес, борејќи се за нашиот меѓународен легитимитет, морам да кажам дека направивме устав кој многу тешко, практично, оди во реализацијата и имплементирање на уставот во живо. Оттаму многу фрустрации кај поединци на политичка или на етничка основа.

Ако го видите овој ден, денешната седница, беше најмногу позицијата и опозицијата на политичка основа. Вчера  или денови наназад тоа препукување беше на етничка основа. Тоа покажува дека сме многу ранливи како држава, како општество, бидејќи сме хетерогено општество.

Според последниот попис Македонија има 26 етнички заедници, но според Уставот најголеми се македонската и албанската етничка заедница и на тие основи се темели и Уставот.

Сега кога почнавме да разговараме низ призма на бројки, не сакам да разговарам за Уставот и последиците од таквиот Устав што го изменивме во 2001 година. Но, поентата ми е во следното, кога станува збор за довербата и процентот од 20% на една етничка заедница од која извираат овие права, за кои денес разговараме и кои предизвикуваат најголем интерес кај луѓето. Тешко ќе ги убедиме граѓаните да имаат доверба ако отворено не разговараме за тоа што било и што денеска се случува и низ таа призма да се проектира иднината. Да кажам многу поедноставно. Ако 2001 година ни се случеше војна во Република Македонија, ако имаме наметнати решенија на Уставот со Рамковниот договор, нам ни треба многу повеќе време да градиме доверба меѓу себе, а и да ги уверуваме граѓаните на Република Македонија да ни веруваат дека овој проект е добар, дека овој проект гарантира дефинитивно решавање на сите проблеми и дека овој проект гарантира трајно сожителство на сите граѓани кои живеат во Република Македонија.

Следејќи ја распавата до сега немам таков впечаток дека ние имаме сериозна намера да градиме мултиетничко општество. Ќе бидам многу конкретен. Воопшто не ми пречи, напротив, мислам дека е добро доколку таквиот карактер на македонското општество го проектиравме и низ овој закон, па јас би рекол тој колирит на етнички заедници и практично имаше можност да функционира во Република Македонија. И тука се критиките, бидејќи не се прифатија амандманите за Житоше, Врапчиште, кај што е единствена општина во Република Македонија каде што досега се говореше на турски јазик, и некој други помали, за да луѓето не сватат дека имаме сериозни намери да градиме мултиетничка заедница. Целиот тој колорит на јазик, на вера и тн., да биде во функција на остварувањето максимално на човековите права и слободи од различна етничка припадност. Тоа дава за право, на поединци, јас би рекол критичари, а можеби критизери, да кажат дека во Република Македонија се проектира двонационална држава. А не мултиетничко општество или мултиетничка држава, што се сосема различити поими.

Јас ќе кажам, дека лично сметам нашиот Устав дава доволна гаранција да го обезбедиме ова. Тоа богатство да го сочуваме. И затоа и го поддржав. Ќе бидам многу конкретен. Јас го поддржав и амандманот за Житоше, мислам не сметаше во Житоше да се говори и српскохрватски, односно бошњачки јазик на кој што говорат бошњаците. Или

во Врапчиште да се сочува автентичната општина, турска на која што луѓето, во која што доминантно говорат на турски јазик.

И конечном ќе бидам многу конретен, на она за што стана многу овдека проблем и кое што претпоставувам предизвикува најголем интерес и овдека кај нас, меѓутоа и во пошироката македонска јавност употребата на јазикот, или пред се употребата на службениот јазик.

Со целиот ризик да бидам погрешно разбран, сакам пред да го кажам своето мислење, само да ве потсетам на еден факт од она како го решаваат најмоќните држави во светот.

Тргнуваме често од примерот на Соединетите Американски Држави, како без сомнение, супер сила која што го моделира светот, и често пати знаеме често да кажеме тоа така го прават американците. Еве, само примерот како е тоа решено во САД.

Во август 1996 година, значи 1996 година, пред 8 години Сенатот и претставничкиот дом на САД на заедничка седница го донесоа Законот за изменување и дополнување на делот 4 на Кодексот на САД, за прогласување на англискиот јазик за официјален јазик на САД. Во САД овој закон уште го нарекуваат и закон на Бил Емерсон, се разбира според предлагачот, пратеник кој што го предложи овој закон. И сега внимавајте на образложението на законот.

При донесувањето на овој закон на нас, особено е битно да подвлечам само неколку точки.

Прво, САД се составени од поединци и други кои имаат различно етничко, културно и јазично потекло, нешто слично, како тоа што е со Република Македонија.

Второ САД го ползувале и понатаму ќе го ползуваат ова богатство на разноликост. Многу слично на Македонија, нели. Низ историјата на САД, заедничка нишка што ги спојувала поединците од различни етнички потекла е заедничкиот англиски јазик. Зарем тоа не беше случај со македонскиот јазик во историјата, на сите. Со цел да се сочува единството во разноликоста и да се спречи издвојувањето по јазична линија, федералната власт треба да го сочува јазикот кој им е на сите. И црнци, и белци, и жолти, кои што живеат и од различита етничка и верска припадност во Соединетите Американски Држави.

Петто, англискиот јазик историски отсекогаш бил јазик на можности за напредок во САД. Зар тоа исто не е случај во Република Македонија, или неможе да биде исто така случај во Република Македонија. Со изучување на англискиот јазик, сите ќе се стекнеме со познавање на јазикот и писменоста, неопходни тие да станат одговорни граѓани и продуктивни работници на Соединетите Американски Држави.

Седмо, употребата на еден заеднички јазик во извршувањето на службените работи, ќе промовира ефикасност и правичност кон сите луѓе.

Осмо, англискиот јазик треба да биде законски признат како службен јазик на целата територија на Соединетите Американски Држави.

И последно, сите парични заштеди, што ќе произлезат од усвојувањето на овој закон треба да се искоистат за настава на оние кои не го говорат добро англискиот јазик.

Прогласувајќи го, внимавајте, англискиот како јазик на можност за напредок на сите што живеат во Соединетите Американски Држави, едновремено со истиот закон, го укинуваат и барањето за двојазични избори. А треба ли да потсетам во делот каде што живеат и шпанци и многу скоро 25% според некои податоци овде кај што ги имам од странското население живее во Калифорнија.

Е, сега уште еден пример ќе ми дозволите, нема да биде многу долг.

Франција, која исто така ја рачунаме една од водечките земји на запад, не е таа пример на добро уредување на меѓуетничките односи, но сепак на 25 јуни 1992 година, значи пред 12 години, го дополнуваат член 2 на Уставот од 1958 година, Уставот на Франција, со следната фраза. Јазикот на Републиката е француски, мешајќи го практично официјално со националниот јазик и оправдувајќи го тоа со француското одбивање на Европската повелба за регионални малцински јазици. Со тој уставен акт, практично Франција одби да ги признае регионалните јазици во сопствената земја. На овој уставен закон на Франција му претходеше акт на Уставниот совет на Франција, со кој францускиот народ се прогласи како народ составен од сите француски граѓани без оглед на потеклото, расата или религијата, издигнувајќи го практично на правна категорија. Она, околу кое почитувани мои колеги и сите овие години во Македонија се кршат копјата. Има ли шанса Македонија, ако тоа го направеле американците 1996 година, французите 1992 година, да изгради нација македонската нација како крупна јас би рекол категорија, од

сите поединци кои што живеат во Република Македонија независно од своето етничко потекло.

Некој ќе рече доцна е. Нациите се изградени 19-век. Меѓутоа, французите во 1992 година, со измена на Уставот го прават, а Американците 1996 година се загрижени дека хомогеноста на Американското општество и единството на САД се доведува во прашање.

Значи, почитувани колеги, немојте да ме сфатите многумина во негативна конотација. Немам ништо против ниту една нација. Мислам дека ако не се обезбеди кодот, единствениот код што ги обединува различните етнички групи во една држава, ќе се доведе во прашање нејзината иднина, нејзината стабилност. Искуствато покажуваат, јазици, службени, еден, два повеќе сллужбени јазици водат кон затворање. Водат кон паралелни институции. Водат дефинитивно кон територии и понатаму водат кон, се разбира, крајната цел е одвојување.

Треба ли да ги посочам државите што толку добро ми се познати? Не го доведувам до прашање службениот јазик да се разбереме. Сакам да кажам, никаква штета не беше да се дозволи во Житоше да се говорат 4 јазоци во локална самоуправа. Луѓето да разговараат меѓу себе, да комуницираат, да си ја чуваат традицијата, обичаите, културата. Јазикот е еден од тие обележја.

Но, долгорочно гледано, да проектираме решенија што ќе доведат во хомогенизирање на македонското општество а не до негово дезинтегрира. Јас сум убеден дека единствениот код што интегрира едно општество е јазикот. Луѓето, меѓу себе, ако не комуницираат, ако не го знаат јазикот, не може да комуницираат меѓу себе. Ако секој од нас си комуницира во приватнит живот со својот јазик, ние не можеме меѓу себе да градиме заедничко општество. Јас ја прифаќам тезата овде што беше изнесена, да разговараме, секој да си го учи својот јазик, но меѓусебе да се разбереме. Еве, на пример во Швајцарија е така, и Германците и Италијаните и Французите, па и ете Романите си го говорат меѓу себе мајчиниот јазик, се разбираат. Секој си го говори својот јазик.

Ако е тоа решение за иднината на Македонија, да седнеме и за него да разговараме. За таков проект. Но, мислам дека јазикот е единствнеото средство што интегрира едни различни етнички заендици во една држава.

И конечно, го поставувам прашањето дали ние можеме тоа да го обезбедиме и сите граѓани на Република Македонија, преку јазикот, независно како се викаат, да се чувствуваат граѓани на Република Македонија. Или, да бидат уште поконкретен, мојот пријател Никола Фоте и Кимет Фетаку од Република Албанија, претпоставувам многу мина од вас многу добро го знаат, тие јавно се декларираат дека се албанци со македонско етничко потекло. Јас сакам да ве замолам, мои почитувани колеги албанци да не ми замерите, најсилно ќе одекне зборот кај граѓаните во Република Македонија и единствено тоа ќе ги убеди дека имаме чесни намери да живееме заедно, дококлу вие така се декларирате, дека сте македонци од албанско етничко потекло. Исто како што е тоа во Франција, исто како што е тоа во САД, исто како што е во Швајцарија. Таквата порака е многу посилна од 20 седници да седиме овде.

Во прашање е довербата. Довербата може да се стекне единствнео ако она што се случи 2001 година не се злоупотребува. Значи, се може да падне во заборав. 2001 година остава многу лузни во душите на луѓето. Многу гробови, еве и денеска беше псоетен, утре ше има албанци, ќе подигаат, ќе одбележуваат итн.  Значи, не се заборавaат. Не може да се потисне во заборав. Може да се потисне во заборав ако имаме чесни намери и сите излеземе, било што било, од денеска живееме заедно, ние сме лојални граѓани на Република Македонија, ја сакаме Македонија како своја татковина. Но, не декларативно. И практично, а, тоа знчи, само доколку ние ја пратиме та порака. Не случајно, еве и денеска странски аналитичар пишува, колку да е тој, многумина ќе кажат дека е човек кој е инструиран така да пишува, дека пораките на лидерот на ОНА, г-динот Али Ахмети од 2001 година се актуелни дури не дојде овде во Парламентот и пред македонската јавност каже дека тоа беше во смисла на употребата на 2001 година, но денес јас ја чувствувам Македонија како своја татковина. Знаете на која порака мислам, беше цитирана и не сакам да ја повторувам посебно.

Тој збор може многу посилно да одекне, бидејќи оваа институција е Собрание на Република Македонија  и не е исто со соопштението. Така ги градиме институциите, така ќе растеме како држава. Ако ги почитуваме, и ако сите мерки од овде, политиката, материјализирана, од тука тргне. И, впрочем, како политички партии, требаме меѓу себе многу повеќе да си веруваме.

Јас мислам дека тоа можеме да го направиме, и дека на тој начин ќе ги убедиме граѓанит е оваа територијална поделба да ја прифатат. Да ја прифатат како свој избор, како најдобар сопствен избор. Инаку, се е тоа декларација. Тоа значи, меѓу другото, и да појдеме во Струга, Струга е во Република Македонија. Не е некаде надвор. Со целиот поединечен анимозитет и со сите можни последици и да им кажеме на стручани дека ова што е содржано во Законот е долгорочно, перспективно добро за Струга.

Јас ,лично тоа мислење не го делам. Ќе ви кажам зошто. Затоа што, еве, само еден податок, по најновиот попис, во постојните граници на Струга живеат вкупно 36.892 жители. Од нив 17.678 се македонци и 15.324 се албанци. Или, нешто повеќе од 2000 разлика во полза на македонците денес. Тоа е според послендиот попис, статистички податок.

Според новиот предлог, вкупниот број на жители во Струга ќе изнесува 65.809, од кои 22.755 ќе бидаст етнички македонци, а 36.032 се албанци или толку албанци во новата општина Струга колку што денеска вкупно има Струга. Значи, тука целосно се менува структурата на населението на општина Струга.

А, да ги видиме ефектите што се постигнуваат? Се согласувам, овде беше речено од моите колеги пратеници, албанци, тоа го прифаќам. Имало грешки во развојот на македонското општество со развојот на градовите. Имало грешки и дека, исто така, реален факт е тоа, дека многу повеќе албанци живеат во руралните средини и дека тешко, малку потешко се населувале во градовите отколку македонците. И тоа е факт. Меѓутоа немаме право со стара грешка да правиме нова грешка, а да не ја исправиме работата.

Што сакам да кажам. Струга има јадро, има урбан живот, има урбана структура. Бидете сигурни, не само Струга, Струга ја издвоив како со една парадигма на овој закон, ја издвоив како егземплар, како пример дека насилно, вештачки правиме од нешто добро да не напрвиме подобро. Туку, напротив, тоа добро, да го доведеме под сомнеж, ако сакате да бидам најблаг, најбениген во изразувањето.

Значи, само 2000 македонци повеќе кои живеат сега. Ќе бидам до крај отворен, без еуфемизам. За 2, 3, 4 или 5 години, до следните избори или ќе бидат повеќе или тука,

според наталитетот штое исто така содржан во Извештајот на Заводот за Статистика. Тој процес е сосема природен и ќе си дојде многу природно. Значи, стружани, со изградена урбана традиција, сега се чувствуваат навредени затоа што им се даваат некоклу рурални средини и од Струга, практично да го изгуби тој имиџ на урбан град што го градел со години. Бидете сигурни, сите граѓани љубоморно си го чуваат својот град, сакаат да живеат во средина што си ја профилирале и граделе. Неверувам ека во Струга живеат само морани. Живеат и луѓе. Живеат граѓани на оваа држава и дека не се сите непријатели на Република Македонија. Тие се само страшно погодени од тоа што е прекината таа комуникација.

Се согласувам, има и политичка манипулација. Политичките партии се за тоа да ги расипуваат сметките на политичкиот конкурент. Одат, ги мотивираат граѓаните во политички интерес. Тоа се прави секаде и во Република Македонија. Меѓутоа, не можам да ја прифатам оценката дека ВМРО-ДПМНЕ може да изманипулира цела Струга. И да се закануваат итн. значи, мораме да појдеме, да разговараме отворено со граѓаните, да ги убедиме дека ова е во нивна полза.

И, да не бидам погрешно разбран. Кога реков да не правиме од стара нова грешка, наместо од Делогожда, од Лабуниште, да правиме нови урбани средини, преку политиката на развој на една земја, со поголем акцент на издвојување пари од државата, ние правиме еден голем град кој што на по!етокот, еве во Струга, според оваа територијално решение, практично 100% го покажува бројот на жителите. Тоа не може да функционира како урбана средина, како град и ќе бидат доведени многу вредности во прашање.

Поради тоа, почитувани колеги сметам дека имаме обврска како политички партии, како пратеници многу повеќе да разговараме, многу поотворено да разговараме со луѓето за да нашите одлуки допрате. Тоа што ние со законот го профилираме да биде сфатено како нивен интерес и нивна потреба. А, ние, како пратеници, имаме обврска.

И, конечно јас, не барам одговор од министерот на ова прашање, министерот брилјантно бранеше еден проект што е резултат на договорот меѓу политичките партнери во Владата и од тоа тој не може да побегне. Но, сакам ова да биде сфатено како мој апел до сите нас колеги и македонци и албанци, малку поотворено меѓу себе да разговараме,

да не сфатат луѓето дека имаме задни намери. Прво, меѓу себе да градиме повисок степен на доверба за да можат граѓаните да ни веруваат, дека нешто зад нив не се крие или дека од нив нешто не се крие и утре, кога ќе се најдат во дадена средина кој знае како ќе се снајдат. Значи, ние мора да знаеме сега, каква иднина и проектираме на Република Македонија. Способната политика ги предвидува настаните. Не ги чека. Способна политика ја креира иднината. Ја создава. Не ја чека, па да видиме што ќе испадне.

Ние, мораме да знаеме од сега што ќе биде со Струга, што ќе биде со Скопје, што ќе биде со сите грдови после 4, 5, 6, 10, 15 години. Во каква ситуација ќе се најдат. Дали ќе бидат закрчени од инфраструктурни, комунални, економски и други проблеми или ќе можат да функционираат како убави градчиња, убави средини.

Ете, тоа почитувани колеги, имав намера да го кажам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Невзат Бејта, имате реплика, повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам, г-дине претседателе,

Тоа е еден говор од висок политички стил, но навистина, и говор што ги допира албанците. Вие, на правивте една споредба меѓу Македонија, Франција и САД. Франција, како држава, донесе Устав во 1791 година. Македонија го донесе Уставот во 1991 година. Ние сме 200 години подоцна. Француските проблеми не се идентични со проблемите во Македонија.

Што се однесува до споредбата со САД, вие направивте една погрешна споредба, бидејќи колонистите во Америка водеа војна со Англија. Тука нема ниаков проблем околу јазикот, туку околу независноста на САД. Во Македонија постои една реалност. Два народа се мнозински. Тоа се албанците и македонците. Затоа, ние имаме Охридски договор што ги направи измените во Уставот и со Уставот се гарантира албанскиот јазик како официјален службен јазик.

Го спомнавте периодот на Парламентот во времето на претседателот Киро Глигоров. Тој парламент не функционираше како што треба. Не работеше во интерес на

сите граѓани. ЗАтоа ние денеска дебатираме за нова територијална подеба. Не зборува за поделба на албанците од македонците, не за поделбата на албанскиот и македонскиот јазик, туку секоја заедница да го употребува својот јазик во својата земја.

Вие го спомнавте нашиот почитуван претседател г-динот Али Ахмети. Вистина е дека рекол и вели дека Македонија е нашата држава, нашата татковина. Ние не сме дојдени, ние сме автохтони како албанци и тука ние ги имаме гробовите на нашите прадедовци, дедовци, и тука ние сме родени и сме се развивале. Немој да правите навистина погрешни споредби. Навистина ми е жал што го велам ова. Вие велите одењето на арапите во Франција. Тој заминал во франција, се нарекува французин. Ние не сме дошле од некаде па сме добиле државјанство. Ние доколку имаме околу Законто за државјанство, тоа е регулирано со Закон, државјанството што го добиваат албанците. Овие работи се дефинирани многу добро со закон. Да не дојдеме до судир со уставот што го имаме на сила. Знаеме и граѓаните знаат дека беше изменет Уствот.

Беше спомната општината Врапчиште. Нема ништо лошо. Општината Врапчиште. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Године Бејта ви поминаа трите минути.

Повелете г-дине Тито Петковски имате една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине Бејта, поентата на моето излагање беше, кога ги споредував САД и Франција во следното, можеме ли ние денеска во Македонија сите граѓани, без оглед на етничкото потекло, да се нарекуваме македонци од различно етничко потекло. Јас ве молам, можете ли вие да ми дадете одговор на тоа прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Потоа иде г-динот Хусени Хусеинџеват имате три минути за реплика.

Сакам да ги разберам добрите намери добро што ги има г-динот Петковски и не се сомневам во тоа. Но, мислите ли дека Парламентот е една округла маса за вакви дискусии? Дали мислите дека можеби порано било потребно да вие, како авторитет во Македонија да иницирате вакви дискуси во присуство и на научниците албанци? Доколку сакате мислам дека постојат теории за државите и некои држави се казан каде се се меле

и се прави една каша. Но, имаме и примери каде што државите постојат како една чинија каде што се ставени зеленжуците што се употребени за салата, но секој зеленчук е посебен. И, ние имаме право да избираме меѓу оваа и онаа опција. Ние сме за тоа. Ние сме за чинијата, каде што се е посебно, меѓутоа сепак е во една чинија.

Вашите убави зборови, никогаш навистина не недостасувале. И во вашата долга политичка кариера и навистина е чудно што не ги постигнале рзултаитте што вие сте ги посакувале.

Ви благодарам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитуван колега, мојата дискусија не беше ниту академска ниту теоретска, беше многу прагматична и беше многу конкретна на темата за која што расправаме. Јас поставив едно многу прецизно прашање: Ве молам, за да градиме доверба како пратеници, како припадници на различни етнички заедници, на ова прашање заради иднината на Македонија мораме да одговориме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Рустеми, имате три минути реплика.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Г-дине Тито Петковски, денес во вашиот говор имате две тези кои според мене се многу опасни. Ме чуди фактот што вие сте што вие сте веќе четврти манднdат како пратеник и денес целосно го уништивте Рамковниот договор во двата главни принципи, јазикот и граѓанскиот карактер на Република Македонија , мултикултурен и мултиетнички. Се прави еден паралелизам кој неможе да се случи никогаш меѓу САД и Македонија. Иако вие многу добро ја знаете реалноста и зошто се употребува англискиот јазик во Америка и нема шанса вакво нешто да се случи во Република Македонија.

Исто така, два пати поставивте прашање дали има можност сите етнички заедници да се нарекуваат македонци, односно да го добијат името на државата. Вакво нешто се случува во САД, но тука ќе можеше да се случи доколку името на Република Македонија не се заснова само на една нација, туку да имаме едно друго име, да речеме Вардар и тогаш сите сме вардаристи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Петковски, една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Сосема е јасно повеќе немам можност ниту потреба ништо да реплицирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Фазли Валиу, вашите три минути за реплика.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

На почеток се разбравме да не реплицирам со г-динот Петковски, но бидејќи тој со своите лични мислења се одвои од својата партија, имаме право да кажеме неколку зборови.

Беше многу контрадикторен и предлагам тој да одржи некој друг говор затоа што денес беше едностран. Тој направи споредби кои не одат со нашиот модел. Ние одиме со Швајцарскиот или Белгискиот модел каде што сите народи имаат право да го употребуваат својот јазик. Пратеникот Бејта добро кажа и тоа нема да го повторувам, но сакам да кажам дека во Швајцарија има пет јазика, народите се приближуваат преку јазиците, а тие веруваат во заедничката Швајцарија. Еден дел се нарекува германска Швајцарија а не е на германците, потоа има француска Швајцарија а не е на Франција туку на Швајцарија и има италијанска Швајцарија, но сепак е Швајцарија. Како ние да кажеме, далеку било и за тоа ќе го оптожуваат г-динот претседател, бугарска Македонија, албанска Македонија итн. Меѓутоа, во Швајцарија не мислат така, и ние ја замислуваме Македонија како таква.

Што се однесува до Струга, жал ми е што вели така дека Струга не може да постои таква каква што е предложена, Струга постои уште од Струшките вечери на поезијата и таму учествуваат сите светски народи.

Сакам да го потсетам дека ние сме биле за рамноправност на јазиците, да се употребува и македонскиот и албанскиот јазик. Дојдовме до клучот 20%.Ќе го запрашам г-динот Петковски како ќе беше денес да се употребува како првенствен јазик албанскиот, а како втор јазик македонскиот. Не, ние не сме за неправди, ние сме за рамноправност. Сепак, уште еднаш повторувам да се подготви за друг говор затоа што денес говорот не беше соодветен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелте г-дине Петковски една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Вкусовите се релативна работа, за нив не се разговара. Меѓутоа, јас би сакал да се согласиме дека Македонија ќе ја градиме како Швајцарија, макар еве, федерација, конфедерација, но со единствена цел да бидеме како Швајцарија. Во Швајцарија нема швајцарска нација, а италијаните, французите, германците и др. се нарекуваат швајцарци, припадници на швајцарската нација. Според Уставот тие се дел на швајцарската нација. Тоа ако се согласиме за Македонија, бидете сигурни дека ќе имаме стабилна иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Рафис Алити, вашите три минути.

РАФИС АЛИТИ:

И јас, како другите, внимателно го следев говорот на г-динот Тито Петковски и ќе се обидам да не се повторам со репликите од останатите пратеници, но Македонија како држава има своја историја која г-динот Тито Петковски добро ја познава од времето на Крушевската Република до денес, го знае составот на Советот на Крушевската република. Во тоа време, тие мажи не патеа и не поставија за дискусија дали треба да се зборува вака или онака.

А вие г-дине Петковски поставивте прашање до лидерот на ДУИ, тој да дојде во Парламентот да изјави дали се чувствува како државјанин на Македонија. Знаете и сведоци сте, ако еден лидер на политичка партија кој бил на чело на албанска политичка партија, навистина тој јасно се произвел дека е роден тука и неговата татковина е токму оваа држава, тука ја гледа иднината и сето тоа вам ви е многу јасно.

Вие рековте дека не патите, така ве разбрав, од другите јазици кои се говорат во Република Македонија. Јас ќе ви поставам едно прашање, бидејќи Македонија е во овој состав во кој што е, дали научивте барем неколку зборови да зборувате на јазикот на некоја друга заедница која живее во Република Македонија, не велам на албански јазик

туку на јазиците на другите заедници кои живеат во Република Македонија. Ќе биде добро тоа.

Еве, јас ќе ви се обратам на македонски: дали сте научиле макар еден збор од другите етнички заедници да зборувате не со возрасни, макар со некое дете кое ќе го сретнете на улица во некое село.

Фала.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Петковски, една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Еве, сосема кусо да ви кажам, Од детство моите најдобри другари беа еден ром и еден турчин, кога живеев во Крива Паланка. А таткоми знаеше одлично албански јазик, бидејќи работеше цел живот со албанци. И знам многу добро да се поздравам на албански, бидете сигурни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-дин Никола Груевски, а потоа нека се подготви пратеникот Игор Ивановски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, претставници на Владата, почитувани даим и г-да,

Ова мое обраќање го започнувам сеуште со надеж, колку и да е таа мала, дека предлагачот на законот, коалиционата Влада на СДСм, ЛДП и ДУИ сепак во последен момент ќе ја разбере пораката што за овој закон ја испраќа целата опозиција во државата, целата а не само парламентарната, целата здружена опозиција. Пораката што ја испраќаат мнозинството или речиси сите експерти во земјата, познати по долгогодишно проучување и анализирање на проблематиката на локалната самоуправа. Дестици и стотици граѓански здруженија, видни интелектуалци, МПЦ, во повеќе места раководството и членството на владеачките партии, пред се на СДСМ и пред се , можеби најважно, најголемиот дел од граѓаните на Република Македонија, кои неодамна освен преку јавни собирања, преку протести, беШе покажано и преку професионална анкета, испитување на јавното мислење, во која јасно се гледа дека сензибилизираната јавност

за ова прашање има речиси единствен став дека овој закон и само овој од групата закони за децентрализација е лош, слаб, тој е штетен, направен е на погрешни принципи, ако воопшто моеже да се зборува за принципи, спротивен е на основните постулати на Рамковниот договор каде се зборува за развој на мултиетничко живеење и зацртување на мултиетничката доверба, е премногу ризичен за да каже Владата така лежерно дека ја превзема одговорноста и со притисок врз своите пратеници кои приватно, добар дел од нив мислат сосема спротивно од она што го говорат, на тој начин да го истурка овој закон за територијална организација ,

Значи да почнеме од најактуелното а тоа е од територијално етничка основа на која се базира овој закон, што јавно ми го кажа Бранко Црвенковски, карајќи ја Владата на Хари Костов на СДСМ, каде што и почитуваниот министер Гештаковски исто така е дел од таа Влада и е еден од најекспонираните за овој закон, другите гласноговорници за овој закон дека речиси една недела или незнам колку време се неискрени со својот народ, значи тоа беше забелешката и дека на тој начин практично, ако некој не ја кажува вистината, всушност на тој начин го лажат сопствениот народ, убедувајќи го дека при кроење на границите не се гледале етничките критериуми. Напротив, како што спомена тој, и те како се гледале етничките критериуми. На крајот, по повеќе дискусии, стана сосема јасно дека во општините со мешано етничко население формирањето на општинските граници првенстено се темелело на етничка основа. Значи добиваме нова територијална организација во која Македонците и Албанците се делат на Чаир и Бутел. Патем речено, граѓаните што беа во колоната возила која мирно и демократски протестираше минатата недела со вклучени сирени возејќи низ градот Скопје добро почувствува на својот сопствен грб како изгледа демократски да се протестира од левата страна на Реката Вардар. Така центарот лдвојазичен сега ќе стане еднојазичен, на сметка на друга општина која треба да стане доминантно албанска, Струга и Кичево со припојување на неколку рурални општини исто така се предвидува од доминантно македонска да станат доминантно албански општини со доминантно етнички албанци. Градот Скопје со припојување на албански села до Јегуновце , до Косовската граница повторно на вештачки начин станува двојазичен град, а еден значаен број на општини кои не се етнички мешани се формирани на тој начин центарот на општината да биде токму

онаму каде што за жал владеачката СДСМ гледа поголеми шанси да успее на следните локални избори, при тоа запоставувајќи ги критериумите кои самата Влада ги зацрта, за кои подоцна ќе зборувам.

Почитувани пратеници, од минатото знаеме дека онаму каде што живеат мнозинство македонски албанци, за жал Македонците постепено се иселуваа, при што не само што неможе нормално да егзистираат на тоа подрачје, туку и цената на нивниот имот, куќи, станови, земја и сл. драстично опаѓаат. Тоа е еден интересен детал за што најдобро знаат македонците од тетово, Чаир и други места, а тие најдобро знаат зошто бегаат од тие места. За жал, знаат и нивните пратеници од Парламентот кои наместо жестоко да се спротивстават на овој закон, гледаме како за одредени амандмани глумат некаква непослушност, не ги прифаќаат, а генерално кга ќе дојде законот ќе бидат тука, ќе го подржат или не, но ќе изградат едно мнозинство што е потребно за да помине тој закон.

Денес имаше дискусија во која се и сешто се кажуваше од пратеник од шестата изборна единица и излегувајќи тука од Парламентот ме дочека еден човек од раселените лица кои сеуште не се вратени во Теарце и ме замоли да кажам дека ни од блиску состајбата не е така како што се претставува. Сеуште се палат куќи, сеуште се палат плевни на луѓето и конкретно во неделата е запалена плевна и куќа во Теарце, пукано е со часови во воздух заради заплашување на луѓето, што значи дека сеуште ситуацијата е критична и ризична, сеуште има проблеми во средините со меШан етнички состав.

Ние кои не живееме во такви општини, пред некој ден во Чаир почувствувавме зошто македонците се иселуваат од таму и ги продаваат имотите по значително пониски цени, па според тоа може да се очекува многу брзо и во Кичево, пред се во Струга да почне да паѓа цената на имотот, затоа што овој пат за разлика од минатото на македонците таму им се заканува и институционален притисок за нивно иселување, покрај останатото.

Со ова почитувани пратеници ни од блиску не сакам да кажам дека имаме проблем со сите албанци во Македонија, но факт е дека во земјата и особено во некои партии има значаен број на радикални структури, повремено по потреба и милитантни, кои не се баш многу заинтересирани за соживот и над кои за жал сеуште демнат идеи за нови

територии, за поделби, за нови др1жави со нови граници итн, во кои се вклучува територијата на Република Македонија.До колку некој негира дека постојат такви радикални структури, навистина ризикува дека брзо ќе биде изненаден во блиска иднина, да не се навраќаме воопшто во минатото бидејќи ако се вратиме во минатото имаме еклатантни докази за такво нешто, дека и те како сеуште постојат и виреат радикалние структури. А пак ако економската ситуација продолжи да се влошува како во овие две години и невработеноста рапидно да расте, бидете сигурни дека нивниот број значително ќе се зголеми, ќе прогресира, бидејќи познато е дека во економските катастрофи радикализмот драстично расте независно какви отстапки и чекори ќе превземе Владата.

Во суштина, почитуваин пратеници, таквите радикални структури се една жива несреќа и за самиот албански граѓанин кого го интересира да живее барем приближно удобно и богато како неговиот брат или братучет во Швајцарија или во Германија, кого го интересира не на кој јазик ќе заврши школо неговото дете, туку дали ќе магистрира на англиски или германски во некоја држава во која таа одредена наука стигнала на највисоко ниво. Или во најмала рака го интересира пред се како ќе преживее од први до први. Но за жал се покажа дека значен е бројот и дека дел од оние кои се на државни или партиски функции или оние од дијаспората кои ги финансираат своите идеи, за кои треба да пати и да гине некој друг, немаат таков вид на потреби како приоритет во нивниот живот.

Конечно, кога веќе живееме во едно такво критично време во кое ако се остави простор на радикалните структури ќе страдаат македонците од сите етнички потелка кои живеат во Македонија.

И, конечно кога веќе имаме реални шанси во 2006-та година да станеме членка на НАТО,во 2009-та, најкасно 2011-та година до колку Владата работи добро да станеме членка на ЕУ, а во пресрет на решавањето на косовското прашање треба да се биде многу внимателен кога се преземаат ризични потези. Значи станува збор за ризични чекори зад кои може да има скриени намери чија прва попатна станица може да биде федерализација на државата во првиот можен историски момент, до кое ние дефакто сме многу блиску, само прашање кога и дали со уште некој чекор ќе се официјализира ако вака се продолжи.

Јас во целост ја подржувам децентрализацијата во Република Македонија. Тоа е и добра можност за доближување на власта до граѓаните, добра можност за побрз развој на општините и на државата преку нив и на подобрување на животот на граѓаните кои што живеат таму и добра можност во срединините каде што живее етничко албанско население истото повеќе да се интегрира во креирањето на услови за подобрување на животот во даденото место.

Централната забелешка е само на законот за територијална организација. Значи, станува збор токму за овој закон и само овој закон е екстра ризичен и затоа и најмногу се задржуваме на него, со кој се преземаат чекори кои што наместо децентрализирање преставуваат централизирање со спојување на 4 до 5 општини во една со што граѓанинот се одалечува од локалната власт.

Решенијата што на централизиран начин се носат во кабинетите на неколку луѓе во државата со игнорирање на сите референдуми, а за во иднина во членот 2 од законот да се предвидува обврска за задолжително консултирање на локалното население при промена на границите, за да се изјаснат граѓаните. Сега такво нешто нема, но одсега откако овој закон ќе се усвои такво нешто ќе биде потребно, решенија кои што со укинување на некои општини ќе им ја одземат душата и забрзаното темпо на развојот на некои општини, кои во последните 8 години имаат значително забрзано темпо на развој, споредено со претходно, решенија кои наместо да ја јакнат меѓуетничката доверба тие ја расклинкуваат. Потсете се дека во Струга, во Кичево никогаш немало по сериозни меѓуетнички проблеми и тензии како што има денес, откако Владата го предложи овој закон во Парламентот и решенија кои на радикалните структури кои имаат големи соништа со овој ризичен чекор им оставаат простор за делување во едно навистина турбулентно време на Балканскиот полуостров.

Штом државата нема сила во овој момент, штом нема сила во овој момент да се справи со радикалните структури, да се справи до крај и соодветно да ги санкционира, како на пример командантот Баци, или еден куп такви не се достојни за споменвуање, тогаш барем потребно е до денот на влезот во ЕУ да биде мошне вниамтелна, без разлика за која влада станува збор, дали на таа што е денес, или на друга партија, да биде мошне внимателна да не остава просотр во даден мометн да станат фактор на

дестабилизација тие радикални структури и да ги урнат сите наши напори за развој на земјата и за нејзино вклучување во ЕУ и во НАТО.

Откако ќе се задржи итаноста и подготовката за влез во НАТО и ЕУ и откако ќе станеме полноправни членки не само што земјата во меѓувреме ќе доживее крупни и значајни промени на економски план, бидејки без тоа и нема да биде примена пред се во ЕУ, уште поважно е што многу прашања поврзани со нечии големи соништа нема веќе да бидат на маса. Едноставно тие од тој момент нема да бидат на маса, а бидејки често пати етничките права се само параван на радикалните структури за остварување на други зацртани цели може да се очекува дека по влегувањето во ЕУ животот на сите македонци од сите етнички потекла ќе се релаксира и граѓаните конечно повеќе ќе се свратат кон развој на приватниот бизнис, зголемвување на личниот стандард на живеење, правење и привлеквување на инвестиции, поголема заработувачка, побрз личен , а преку тоа и колективен напредок на сите нас кои живееме во Република Македонија. Тогаш можеме да размислуваме и за други комбинации, за двостепена локална самоуправа и т.н., доколку за тоа се оцени дека може да биде корисно, меѓутоа дотогаш не смее и во никој случај не смеат да се преземаат ризични чекори кои што на радикалните структури ќе им дадат повеќе простор за делвување.

Сето ова може да стане многу далечно доколку оваа Влада за да ја зачува коалицијата, што е уште посимпоматично кога некој ви се заканува со растурање на коалиција заради непоминвување или поминвување на некој закон . За да ја зачува коалицијата ги занемарува државните и националните интереси на Република Македонија .

Ако во овие неколку години кои што ни престојат до влезот во НАТО или ЕУ се направи крупна грешка сите ние нема да имаме апсолутно никаква сатисфакција, тоа што денеска Владата и претставниците на власта велат дека ја преземаат одговорноста. Ама апсолутно никаква сатисфакција.

Отука и толку силната реакција кај граѓаните кои овој закон го чувствуваат како потценувачки за нив. Се прашувате зошто го чувствуваат како потценувачки? Во 40 дена преговори се говореше едно, а сега се зборува друго. 40 дена граѓаните слушаа или Кичево и Струга или Скопје. Значи, или едното чинело или друго или двете решенија не

чинеле. Ама, ете биле отстапени заради некакви други цели. Ои 40 дена истите луѓе ги убедуваа дека сите две, односно три решенија се идеални и дека се одлични за иднината на Република Македонија. Се чувствуваат потценети затоа што сега не важат а референдумите, а одсега ќе важат, односно локалното население задолжително ќе биде консултирано. Се чувствуваат потценети дека власта ја обвинува опозицијата дека организирала демонстрации во Струга, а сите знаеме дека не е така. Уште повеќе што пратеничката на СДСМ јавно кажува дека луѓето спонтано се собраа и локалното раководство на СДСМ излезе и застана со граѓаните во Струга. Се чувствуаат потценети затоа што едно се зборуваше претходно, друго се зборува сега, затоа што клучни фигури од коалицијата на власт се спротивставуваат на она што денес се нуди. Од вкупно 6 носителина листите на изборите 2002 година веќе двајца отворено кажуваат дека не се согласуваат со ова решение. Го слушнавме вчера г-динот Трифун Костовски, ја слушнавме дискусијата на г-динот Тито Петковски, еден не можеме да знаеме бидјеки е гувернер какво е неговото мислење, безмалку носителите на листите на СДСМ денес отворено забележуваат на значајни пропусти во законот што се нуди.

Се чувствуваат потценети, затоа што Бранко Црвенковкси за време на изборите им ветуваше на неговите членови во Кичево и во Струга дека откако ќе поминат изборите, а веќе првата фаза на законот беше помината, во втората фаза ќе се средат работите и тие ќе останат како општини. Се чувствуваат потценети затоа што луѓето во Облешево во Бистрица, во Оризари многу добро знаат дека откако се самостојна општина имаат добар и многу подобар развој во сите делови, во водоводи, електрифиакција, во секој дел што е значаен за една локална самоуправа. Затоа што во Кичево и Струга добро знаат дека многу тешко во иднина некој од македонците ќе се вработи во јавните установи или ќе добие висока функција, кој патем речено имаат и големо влијание на приватниот бизнис.

Затоа што во Кондово и во други десетина села од оваа општина знаат дека во наредните години градоначалникот на Скопје ќе доаѓа само за избори. Затоа што една недела некој зборуваше дека Кондово ќе биде под Скопје, заради водоводот Рашче да бил на сигурно како стратешки да бил под управа на градот Скопје, за да подоцна јавно да се признае тука дека водоводот Рашче и сега и досега е под Градски водовод. Значи

ете зошто се чувствуваат граѓаните потценети, понижени од ова што се случува
во овие месеци. Затоа што со месеци се зборуваше дека решенијата немаат етничка природа, дека само стручно се гледало, експертски се гледало за да на крај излезе, откако се јави Бранко Црвенковски и кажа дека нема врска тоа, се било договарано етнички во мултиетничките средини и дека е тоа нормална работа и така треба да биде сите се замолчија. Има ли сега некој тука да стане да каже от коалицијата на валст, од праениците дека немало никаков етнички момент во преговорите за општинските граници во средините кои што се мултиетнички.

Се чувствуваат потценети заради темпирањето на собраниската расправа за вака значајна одлука во сред лето, сред годишни одмори кога значаен дел од граѓаните се надвор од државата, илисе на годишен одмор, затоа што законите се носеа во една голема нетранспарентнос. Имаме централизирани решенија за децентрализацијата. Решенија кои се донесоа во два три кабинети и во ресторани и кафеани во Маврово, Попова Шапка и така натаму. Затоа што, никој во државата не е против децентрализација, а власта упорно како главен аргумент против отпорот за новите општински граници вели дека без децентрализација немало да влеземе во ЕУ и во НАТО и упорно тој процес кој е општо подржан и важен за Меѓународната заедница, за граѓаните,упорно го изедначува со овој закон за кој денеска зборуваме за општинските граници што не е поврзан со децентрализацијата. Децентрализацијата е пренесување на моќта и на ингиренциите од централната на локалната власт. Границите на општините се друго прашањер.

Затоа што сите граѓани гледаат дека со сите овие чекори што се случуваат некој си поигрува со нив и тоа дополнително нервира, дополнително иритира. Покрај суштинските прашања, чувството на мамење дополнително иритира. Еве, како доказ погледајте било која реплика  на пратениците од СДСМ по случаен примерок и ќе најдете дкеа овој закон мора да се направи, децентрализацијата мора да се направи за да се спроведе Рамковниот договор, која е другата опција, па како не ги сакаат албанците, ние останатите не ги сакаме албанците, значи тешки демагогии. Ова нема врска, ова се граници на општини, ова е друго прашање. Значи за едно прашање се одговара со сосема друга теза.  Си се поставува тезата и си се дава одговор на таа теза, нешто што

во политиката не е непозната работа, меѓутоа во овој период и за овој закон поради недостаток на аргументи премногу се користи замената на тези. На тој начин се потценува интелигенцијата на сите, на граѓаните, на оние што неследат, на сите учесници во оваа расправа.

Сега почитувани пратеници малку подлабински ќе го прокоментирам законот со предложениот текст кој што самиот по себе е доволно контрадикторен и конфузен, непринципиелен и противречен со образложенијата и критериумит екои стојат во образложението на понудениот закон врз основ ана кој наводно се исцртани предложените општински закони.

Она што сакам да гокажам е всушност немањето на јасна визија како и на реална потреба за донесување на нов закон врз основа на јасни, на недвосмислени критериуми за да се преиспита постоечката територијална организација и евентуално интервенриање, секако со претходна согласност на граѓаните од општинските граници.

Најпрвин да ги погледнеме понудените причини, претходно во законот пишув акои се причините. Понудените причини поради кој Владата смета дека е неопходно да се донесе нов закон за територијална поделба.

Првата причина според нив е непостоење рамнотежа помеѓу опфатот на надлежностите, кадрите и обемот на работа од една страна и минималната големина, економска и финансиска моќ на општините од друга страна.

Причина која што навидум би можеле да ја прифатиме и да ја зememem како реална, но од предложениот текст можеме да се увериме дека оваа причина била користена многу селективно и употребувана за затскривање на други намери, инаку како да сватиме опстројување на некои општини, како Пласница, Конче, Вевчани, да не бидам погрешно разбран за кои апсолутно сметам дека треба да останат како општини, а истовремено една Осломеј, Велешта, Сарај, Кондово, Боговиње, Облешево, кои се и поголеми , и со поголеми финансиски можности, и од претходно посочените, не можат да опстанат, можат да опстанат и да се справат, пвоеќе можат да опстанат и да се справат. Значи, очигледно оваа причина е смао декалративно наведена и е крајно селективно употребувана.

Понатаму, како втора причина е создавање на услови за рационално вклучување на граѓаните во вршење на работите со локална надлежност. Навистина не гледам подобри услови за национално вклучување на граѓаните во работите во локалната самоуправа од постоечката територијална поделба каде помалите општини овозможуваат поголема блискост со граѓаните и истовремено можност за нивно активно учество во работите од нејзина надлежност.

Не гледам како граѓаните на општина Шипковица рационално би се вклучиле во вршењето на работите од надлежност на локалната самоупрва во градот Тетово. Да не ги набројувам сите борјни примери кои ја анулираат оваа причина како реална.

Или, една од следните причини-терминолошко усогласување на називи на населени места. Во најмала рака несериозна причина за донесување на закон со кој се прекројуваат границите. Ова прашање доколку навистина било потребно се решава со најобична измена на законот сонеколку зборови, што би било повеќе технички отколку суштински.

Конечно последната причина - потполнвуање на празнината во законската регулатива во врска со утврдување на видови на населени места според нивното функционално значење.

Претпоставувам дека предлагачите мислеле на утврдување на населените места како градови и села, што во крајна линија е сосема во ред, но прашање е зошто тогаш исцрпувајки ги новите општински граници вршат класична рурализација на голем број градови во Република Македонија, вклучително и на Градот Скопје.

Значи сите овие причини кои би требало да претставуваат несаоборливи факти и јасно да ја изразат потребата за донесување на овој закон за територијална оргаизација се само декларативно нафрлени во тексто на законот, декларативно нафрлени претпоставки кои од првата до последната се целосно погазени. Тие не претставуваат ништо друго освен обичен текст на хартија кој треба на некој начин да ја задскрие вистината дека во моментов не постои ниту една сериозна причина за толку брзање за донесување на еден ваков нов закон.

Владата како предлагач на овој закон, исто така во образложението на предложениот законски текст наведува и неколку критериуми. Значи освен причини

имаме и критериуми од кои се раководела при формирањето на општините , кои
што недвосмислено укажуваат како би требало да изгледа една општина во Република Македонија. Меѓутоа, за жал и посочените критериуми кои така сами по себа се нејасни и недоволно се потполно нејасни, потполно се погазени и се отфрлени во голем број случаи. Да одиме по ред.

Првиот критериум определува општината поправило да не е помала од 5000 жители, а бројот на населенеито во општинскиот центар поправило да не изнесува помалку од 2000 жители.

Веќе неколку реда подолу предлагачот објавува дека новата територијална поделба опфаќа 13 општини до 5000 жители, сега се вероватно и повеќе после прифатените амандмани. Како прво се прашуваме зошто тогаш воопшто овој критериум е наведен, кога истиот не е земен предвид за огромен број на општини.

Второ, зошто одреден број на општини се укинати спроед истиот критериум. Значи едно тотално селективно земање на критериумите. За едни опШтини важи критериумот, за други не важи. Па така општини кои се укинуваат по основ на помалку од 5000 жители се Бистрица, Цапари, Блаце, Сопотница, Житоше и т.н., да не ги набројувам сите , а имаме и еден куп општини кои што не се укинуваат, а имаат под 5000 жители.

Вториот критериум вели економската одржливост да се заснива на постоење на доволн број на стопански субјекти кои би генерирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој. Двојниот аршин и за овој критериуме видлив преку примерите на општините Велешта, Осломеј, Сарај и многу други кои и тоа како го исполнуваат критериумот, или во најмала рака се на исто рамниште, а некои се многу по развиени од Ранковце, Старо Нагораичане, Пласница, Росоман и т.н.

Јас уште еднаш ќе потенцирам дека ВМРО-ДПМНЕ се залага за опстојување на сите 123 општини, меѓутоа кога веќе се одредуваат некакви критериуми и сака нешто да се смали, да се промени и т.н.предлагачот и Владата треба барем приближно да останат на тие критериуми.

Така, да не ги наведувам сите критериуми, третиот, четвртиот, кој исто така се контрадикторни.

Природните и географските услови како петти критериум, кој овозможува гравитгирање, комуникациско поврзување на населените места во центарот, исто така е класично кконтрадикторен. Има неколку примери, до пред некој ден Зелениково требаше да се припојува на Петровец. Нема никаква комуникациска врска. Облешево исто, чие што седиште се наоѓа на меѓународен пат и се припојува со Чешиново, кон кое граѓаните на Обелешево воопшто не гравитираат комуникациски. Таква е состојбата во Маврови Анови која се припојува кон Ростуше, со кое немаат врски. Има и многу други општини, да не ги набројувам, сите, и навистина по сите критериуми толку има отстапување што правилото повеќе петставува отстапување, отколку што претставува правило.

Конечно, како посебен критериум, предлагачот утврдува два вида на општини. Едни со седиште во град, а други со седиште во село. Дефинирањето на општините како градски и рурални е направено само декларативно. Додека, фактичката состојба зборува дека за целосна недефинираност на карактерот на општините и за нивна хибридност, односно на класично рурализирање на градови, како Тетово кон кого се припојуваат шарпланинските Шипковица и Џепчиште, Струга, кон кого сез припојуваат руралните Лабуништа, Делогожди, Велешта, Луково, Кавадарци, кон кого се припојува Конопиште, Охрид со Косел. Потоа Струмица со руралните Куклиш и со Муртино, Виница со Блатец и тн. Без малку сите градови во Републиката добиваат рурален признак, што би значело заклучувањето на нивната натамошна урбанизација. Истовремено, заклучување на развојот на руралните средини, кои се припојуваат кон градот, а кои заради развојот и обичаите имаат многу различни потребни, отколку што има градот.

Почитувани дами и господа, како што започнав така и ќе завршам, очигледно е дека не постои ниту една причина за донесување на нов закон за територијална организација, ниту пак предлагачот имал јасни критериуми и цели врз основа на кои ги предлага општинските закони, туку едноставно се раководел од сосема поинакви причини и сосема поинакви идеи, за кои што досега зборував.

Оттука, уште еднаш повикувам на публикување на овој закон, на негова доработка, ако веќе е нужно да се донесе нов, да биде донесен подоцна по една подлабока анализа, по една поголема граѓанска расправа и општа расправа во државата и во една порелаксирана атмосфера. Додека, изборите можат да се одржат со постојните 123

општини и со прифаќање на останатите закони кои се во овој пакет од 29 закони.

Ова е особено важно и од аспект на претпазливост за ризиците. После некои изјави и пред малку чувме на пратеникот, кој ретко се појавува во овој Парламент, Ахмети, кој неодамна и не потсети еден американски колумнист во весникот “Време” на една негова изјава на 22 март 2001 година во Њус Вик, која вели дека нивната, нели, нашата единствена цел е да ги отстраниме слобенските сили од територијата, што историски е албанска. Овој цитат како што подвлекува и колумнистот, досега не е никогаш демантиран. Генерално не велам дека луѓето не се менуваат, дека не ги менуваат своите ставови и цели и тоа е можно, меѓутоа, времето ќе каже се. Меѓувреме, оваа држава, оваа влада или било која влада, не смее да презема ризични операции, во кои што на одредени радикални структури ќе им даде можност повторно да дојдат до израз, простор, особено во даден историски момент. Барем, до влегувањето на Република Македонија во Европската унија, кога состојбата на етнички план би требало многу повеќе да биде релаксирана.

Ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски.

Бидејќи господинот Најдовски е прв за реплика, повелете, имате три минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Немам реплика, туку со оглед на тоа што господинот Груевски и во амандманската расправа, а и сега ја спомнува општина Бистрица и вели дека ги слуша желбите на граѓаните. Јас сум од таа општина. Еве, господине Груевски, живеам во село Кравари, разговарав и со тие од Бистрица и со тие од Кравари. Ние, дури имавме и гласање, ако ве интересира и ве поканува, без разлика што сме од различни партии, заедно да разговараме со граѓаните и со вашите членови, со сите тие граѓани од општина Бистрица, да ги чуеме и да ги образложиме причините и на крајот да видиме кој ја кажува вистината. Ја имате отворена покана кога сакате да им бидете гостин и да разговараме за тие прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, имате една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликата.

Господине Најдовски, јас колку што можам да разберам од многу луѓе таму, вас таму сакаат да ве прогласат за непожелна личност, заради овие ставови што ги застапувате во Парламентот. Така што, ситуацијате е многу поразлична од тоа што го зборувате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Талат Џафери, имате три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател,

Одговорот на господинот Груевски има неколку работи на кои што сакам да реплицирам, но ќе одам една по една.

Господине Груевски, вие на почетокот почнувате со реченицата дека со консултациите со експертите и ја споменавте Македонската црква во контекст на Законот за територијална организација. Би ве потсетил дека Црквата е одвоена од државата и во ниеден политички контекст не треба да се спомене, како и вие немате право да ја спомнете.

Потоа, зборувате за причините зошто се иселуваат наводно македонците од Гостивар и од Тетово, ќе почнат од Кичево и од Струга, мислам дека не бевте тука присутен да го слушнете пратеникот Арсовски кој доаѓа од Гостивар и ќе видевте дека се случува спротивното. Фактички, зборува за добри и лоши албанци. Помина тоа време господине Груевски, сега е веќе 2004 година, а 1984 година е некаде далеку. Зборувате дека никогаш немало меѓуетнички проблеми во Тетово и во Струга, алудирајќи дека се раководат од претседатели македонци, дека денес таму овие проблеми се потенцирани и нагласени и се во пораст, затоа што со предлог законот ќе се раководат од градоначалници албанци. Зборувате дека после влегувањето во Европската унија ситуацијата ќе биде порелаксирана и дека ќе има можности и услови да се разговара за овие прашања. Но, заборавате, господине Груевски дека Охрид е патот што ве води кон Европа и тоа ќе се случи од кога ќе ги сиполните овие обврски што ги имате како држава.

Зборувате за потценување на интелегенцијата како на оние што не гледаат и оние што ги дале своите оценки и тн., а заборавате на 16 јули во 21,оо часот во вашето зборување на барикадите во Кичево изјавивте, нема да дозволиме ниту еден селанец од Кичево и од Струга да раководат и да бидат претседатели на овие општини, кои ќе имаат можност како претседатели на општини да постават директори, шефови на полиции и тн. Мислам дека ви се погрешни тезите кои ги кажувате и сте во контрадикторност со самиот себеси.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам на репликата.

Прво, да ја демантирам оваа реченица дека сум кажал дека ниту еден селанец немало да биде претседател на општина Кичево и Струга, бидејќи такво нешто не сум кажал. Но, сум кажал дека Кичево треба да остане како општина во постојните граници, дека Струга треба да остане во постојните граници како општина, затоа што има свои потреби различни од оние на селските општини кои треба да се припојат, затоа што и тие си имаат свои потреби, различни на оние од Кичево и Струга. Едни на други повеќе ќе си наштетат, отколку што ќе си користат.

Второ, не гледам зошто не смеам јавно да ја спомнувам Македонската православна црква ако издала некој став преку соопштение. Значи, таа преку јавно соопштение повика против и преиспитување на овој закон и негово публикување на доработка.

Конечно, јас никогаш проблемот не го гледам и не сум кажал никаде дека гледам голем проблем, ако некаде албанец дојде за градоначалник, туку ако дојдат радикални структури кои сеуште се многу присутни во одредени партии воопшто. Ако тие дојдат, а многу е лесно да дојдат, ситуацијат е сеуште кревка, тогаш може да биде лошо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Адеми, имате три минути релика.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Со внимание го сослушав лидерот на опозицијата, иако неговите пратеници од таа партија не се присутни во салата и наспроти тоа јас го сослушав со внимание и вие господине Груевски често спомнувате дека не сте против албанскиот јазик и тоа да биде на природен начин, а не на вештачки начин. Значи, обединета со територии и јас би сакал да ви соопштам на вас, а и јавноста да ја известам за случајот кој што се случил синоќа во општина Јегуновце, каде над 20% од населението се албанци. Во зградата на оваа општина постоеше натписот на два јазици. Од синоќа, од активистите на ВМРО-ДПМНЕ, таа не постои. Би ви верувал дека не сте против албанскиот јазик, доколку ги казневте овиде вандалистички акти и јавно вечерва да се дистанциравте од вашите активисти во Јегуновце.

Потоа, спомнувате за раселувањето на македонското население од Тетово и од Гостивар. Пратеникот Џафери говореше во однос на ова прашање. Говорите за запалувањето на една куќа на еден македонец во Теарце. Мислам дка ова е една дезинформација, јас доаѓам од тој дел и не сум ја слушнал оваа иформација. Но, би ве замолил вас, бидејќи ја имате оваа иформација, да ни го објавите името и презимето на тој жител кој го направил ова дело. Мислам дека најголемата несреќа на вашиот вечерашен говоро, дека вие како лидер на опозицијата, какви пораки им упативте на граѓаните, раселување, дезинтеграција и тн.

Потоа, го молите за радикалните сили. Јас мислам дека не треба да сонувате, туку да бидете реалист и да ја видите реалноста во Струга. Што се случува со актуелниот градоначалник на Струга, кој ги користи и парите на граѓаните и прави многу малверзации токму со парите на тие граѓани. Јас и претходно спомнав дека тој не може да се ослобид од одговорноста, организирајќи вакви протести и на ваков начин. По вашиот говор, сега веќе ми е јасно зошто вас не ве поддржуваат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам на репликата.

Што се однесува до обвинувањата на градоначалникотна Струга дека ги користел парите на граѓаните, има други институции кои што за тоа можат да кажат дали е така и

не треба пратеникот да го злоупотребува пратеничкиот имунитет да фрла обвинувања врз други луѓе, кои ниту се тука да се одбранат, ниту пак можат да го тужат заради имунитетот што го има. Патем речено, сметката е блокирана и секоја блокирана сметка, не значи дека некој проневерил пари, туку уште повеќе во моментов значи дека некој сака таа сметка да биде блокирана, затоа што не му одговара она што се случува во Струга и отпорот што го даваат стружани и учеството на градоначалникот во тој отпор.

Во врска со она што беше спомнато за Јегуновце, навистина, немам такви информации, прв пат слушам. Нормално е дека такво нешто не треба да се прави ако се направило, но сигурно не е од активисти на ВМРО-ДПМНЕ и не е коректно да се даваат такви обвинувања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски.

Повелете господине Рафис Алити, три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Навистина, за време не овие денови слушнав многу тези за за и против и овој закон, така што не само мојата оценка, туку и оценката на оние што не следат е дека во овој првец сме ја надминале мерката и се' што ја надминува мерката, да речеме, доколку јадеме повеќе леб, може да штети. Така што, овие дискусии кои ги слушаме, се на штета не само на граѓаните туку и на штета на Републиката.

За тоа што го спомна господинот Груевски дека во Струга и во некои други градови на спонтан начин се случуваат овие работи, ние не сме деца, туку и оние што не следат не се деца да веруваат дека навистина се случуваат на спонтан начин. Се знае јавно кој ги организира и зошто ги организира и тоа е во ред да се каже дека некој стои позади овие протести и нема потреба да се криеме. Но, господине Груевски, јас и другите граѓани имаат мислење дека вие сте еден млад лидер кој треба да ја гради политичката кариера. Ќе ве потсетам дека Хелмут Кол во Германија неколку години по ред беше претседател на Германија и со оглед на тоа дека не ги освои изборите, се пензионираше и според информациите кои ги имаме, тој има отворено канцеларија и им дава совети на оние што сакаат да се занимаваат со политика. Ви сугерирам вие да не одите по оние што се

пензионираат во Република Македонија, како што е Циле, Ѕинго и тн., затоа што се знае споредбата според нив и Хелмут Кол е многу голема. Овие господа немаат ниту еден пратеник во Парламентот на Република Македонија, иако неколку пати се обиделе со нивните политички партии да бидат присутни, да бидат членови тука. Така што, моето сугерирање е да не ги следите нив, туку тие да те следат тебе, затоа што, доколку се случи спротивното, да немаш ниту еден претставник во Парламентот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам на репликата.

Да се заблагодарам за тоа дека треба да се консултирам со господинот Кол. Само да му кажам на пратеникот дека ВМРО-ДПМНЕ има блиска соработка со партијата на господинот Кол, поддршка и советници и за избори и меѓу избори за многу прашања. Се прашувам само кои се советниците на ДУИ сега и кои беа советниците за време на конфликтот во 2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Игор Ивановски, имате збор.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ќе се обидам на почетокот само накусо да реплицирам она што треба да расклинкам, да речеме како тезите на господинот Груевски и потоа да се обидам, конечно да се обидеме да имаме некој понормален пристап кон целата работа, која што ја дискутираме.

Господине Груевски, жал ми е што сум доведен во ситуација како млад човек да реплицирам со млад човек за многу крупни прашања. Но, можеби ќе речете претенциозно или лично, сметам дека проблемот не лежи во тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Игор, вие можевте да побарате реплика.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Јас полемизирам со тезите и морам да се обратам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Полемизирајте со името.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Во ред.

Се обидовте сега во дискусијата на претходниот дискутант да ни се упати пораката на целата здружена опозиција. Три пати се обидов да му кажам на претходниот дискутант дека не може да обезбеди здружена партија, а камли здружена опозиција. Целиот говор го кажувавте изолирано. Тоа е ваш, а не мој проблем, но говори за тоа што го говорите.

Она што се обидовте да ни го кажете е да ни објасните за контрадикторснота дека Република Македонија има реални шанси до 2006 година да влезе во НАТО без да добие покана, по 2009 година и во 2010 година реално да очекува покана или статус кандидат за Европската унија. И, тоа е точно. Јас се согласувам со тоа. Но, ако е тоа точно, чиј резултат е тоа. Дојде туку така, некој ни го подари или сами го изработивме, за да од временски период од 2000 и 2001 година наваму, од една изолирана држава како остров, дојдовме во ситуација да размислуваме за покана за НАТО и Европската унија.

Тоа не е дојдено или паднато од небо. Тоа е резултат што го сработуваме и ќе го сработуваме во следниот период. Мислев дека сте храбар и реформиста, но покажувате дека сте плашлив човек криејќи се зад флоскулата дека сте зад децентрализација, а во исто време сте против децентрализација. Такви две работи во исто време не може. И она, што за жал и тука ќе продолжам со дискусијата се случува во изминатите 10-12 или колку дена се надевам дека нема да се случува и во следните денови е дека на Македонскиот народ без разлика на кој етникум припаѓа му се сервираат повеќе од 12 часа дневно зборови од типот, делба, федерализација, велепредавство, предавства, измами, војна, на почетокот на 21-от век кога сите разговараат за работи кои подразбираат квалитет на живот. И, тоа нас ни е главниот пробле, не за тоа што сте убедени во тоа, туку затоа што се убедувате да јавате на еден бран кој што сметате дека постои, а не постои, за жал.

Она што можеме да го кажеме или да го констатираме дека ако по толку дена на зборување за велепредавства, делби, војни, поделби, катастрофални сценарија. Досега Република Македонија не требаше да постои, со толкаво количество на велепредавства, една Америка не може да издржи да постои, а не Република Македонија со два милиона жители и 26 етнички групи. Ама не е така, само некој се обидува да ја создава таа јавност убедувајќи се и самиот да верува во неа, иако и самиот не верува во неа. Кога зборувам да не верува, не мислам само на ВМРО-ДПМНЕ или останатите кои што го говорат туку, генерално сите оние кои што во изминатиот период ја застапуваа таа теза.

Многу заблуди се сервираа во тој период и поставувате конкретни прашања, се обидувавме да даваме конкретни одговори, но некако вистината не сакате да ја прифатите. Ќе се обидам многу кусо да дадам одговор на тие прашања.

Апсолутно децентрализацијата произлегува од Рамковниот договор, као клучна обврска ќе ја речам претпоследна бидејќи последната ќе ја видиме за време на локалните избори и не може да тврдиме дека таа не поизлегува од Рамковниот договор или ако веќе произлегува дека е надвор, нелогично. И самите јасно добро го читате Рамковниот договор, сакате на англиски, сакате на македонски, како оригинална верзија, сеедно тоа е сосема јасно и тоа вас ви е сосема познато. Ако Рамковниот договор спречи етнички конфликт, ако Рамковниот договор постави рамки на односи во државата со кои што се решаваат етнички прашања, ако децентрализацијата произлегува од Рамковниот договор, какви критериуми да очекуваме во децентрализацијата. Механички, биолошки, хемиски, не. Треба да бидеме слепи ако мислиме така. Апсолутно дека има етнички критериуми. Велите дека никој од владеачката позиција не даде одговор на тоа прашање. Еве јас ви велам, сите ние ви го велиме 12 дена. Да, апсолутно во креирањето на процесот на децентрализација не само во Законот за територијална организација, во сите останати закони повеќе или помалку во својата свера има етнички критериуми, меѓу останатите. И, не можеме да сметаме дека не може да има етнички критериум. Апсурдно е да сметаме така, тогаш имаме проблем со реалноста.

Второто прашање или втората теза која што сакате да ја кажете е, признајте дека е политички договор. Па, каков да биде почитувани колеги. Ако не е политички. Може

ли некој некој ние да седиме тука и сосема случајно да ни го даде предлогот на маса. Не може, треба некој да седне, да разговара и да се договара како што еден мој почитуван колега од СДСМ рече можеби мана е на Македонија што се гради врз база на договори. Јас мислам дека е обратно. Ниту ние сме најпаметни ниту тие пред нас, ниту пак тие после нас, но сметам дека старите луѓе една поговорка што ја имаат дека договорот куќа гради, не ја кажале туку така.

Се во оваа држава е изградено врз база на договор. Се останато во иднината на оваа држава ќе се изгради врз база на договор, не со една страна, не со две, со повеќе страни. Тоа ни е судбината, тоа во исто време ни е и иднината, од тоа нема бегање. Како што политиката е компромис, а тоа вас сосема ви е јасно, како што Рамковниот договор беше компромис и со ваш потпис така и децентрализацијата односно и територијална организација е компромис. Пред некое време кажав дека добар договор е оној кој што идеално не ги задоволува сите страни. Да, од проста причина што ниту една страна не смее да има екслузивитет над останатите. И, тоа е суштината на Рамковниот договор, тоа е суштината на децентрализацијата, тоа е суштината на територијална организација во кои што секој нешто дава, но секој во исто време и добива. Но, ниту едниот ниту другиот губи, на крајот на краиштата. Тоа на крај се брои, кога станува збор за успехот на еден процес.

Од 2002 година наваму кога веќе немавме конфликт кога веќе се смени власта оваа Влада реши доследно да го спроведува Рамковниот договор, единствено СДСМ, ЛДП, ДУИ во таа владина коалиција, ВМРО иако како потписник играше топло-ладно и останатите партии да не ги споменувам, и тоа е политичка опција, и за тоа се добива или се губи доверба.

Спроведувањето на Рамковниот договор од наша страна од страна на опозицијата беше окарактеризирано како секојдневно потсетување дека ќе се случат катастрофи, поделби и федерализација на Република Македонија. Така беше со Тетовскиот универзитет кој што е надвор од Рамковниот договор . Така беше за сите останати работи, денеска сме 10 август 2004 година, од тогаш до сега и оваа зграда е на ова место, сите граѓани се здрави и живи и ништо не е променето на полошо, туку напротив на подобро.

Која е целта во континуитет за секое етничко прашање да се става именителот дека тоа ќе доведе до поделба и распад на Македонија. Која е поентата секогаш на пролет да се најавуваат офанзиви кои тие не се случуваат. Која е потребата да не убедувате дека и со ова ќе се подели Република Македонија, а во исто време да тврдите дека во 2006 година ќе добиеме покана за НАТО, 2009 можеби за Европската унија. Е, па, не може и едното и другото. Не може и едното и другото.

Изминатите денови имавме различни верзии на дефиницијата патриотизам, кој е поголем, кој е помал, кој е македонски, кој е албански патриот, националист и тоа е сосема легитимно во една држава да се мери кој колку повеќе ја сака, ама битно да ја сака не на штета на другиот туку за сметка на сопствениот прогрес, а во исто време за прогрес на останатиот. Патриотизмот во Република Македонија  отсега натаму, по овој закон ќе се мери дали сме успеале на граѓаните во Струга не да им го подгрееме револтот со тоа што ќе им наметнеме некоја теза дека границата не е од семафорот десно, туку да им докажеме дека со своите пари што ги заработиле и државата им ги вратила и сега тие имаат подобри градинка, училишта, болници. Тоа што сега влегува во нивна надлежност. Тоа е патриотизмот. Не е патритизмот да зборуваме дека Република Македонија ќе се дели на енклави, на поделби, или ќе има некои зацртани линии. Апсолутно не станува збор за тоа. Која е поентата ние да го правиме тогаш тоа, ако навистина е така, нема логика, туку има сосема спротивната.

И довербата на граѓаните не треба да се стекнува врз база на моменталната емоција, не разум, не рацио, моменталната емоција и да се јават на бранот за она што некој мисли во моментот е опортуно, туку напротив, да се обидеме да објасниме дека децентрализацијата, Законот за територијална организација е еден од триесетте е позитивна за нив. Во таа насока ако веќе се смета и тоа е точно дека одговорноста паѓа на оваа Влада, на оваа владеачка коалиција во исто време за мене е сосема логично да прашам, не каде е обврската бидејќи таа е одговорноста, бидејќи и таа поминала за претходнта Влада, тоа не сакам да дискутирам, едно просто прашање каде се парите кои што во период од 1998 до 2002 година ги има добиено минатата Влада од Европската унија од ФАРЕ и КАРДС програмата, ЈСД Агенцијата на  САД, на поединечните донатори чии што пари беа наменети за објаснување на процесот на децентрализација на

граѓаните. Огромни финансиски средства се дадени за проекти за 4 години. Продолжуваат и сега, ама каде се тие пари тогаш што се дојдени. Зошто во тие 4 години не е објаснето ништо, туку напротив таа обврска сега ја заборавате како да не постои и сега се концентрираме само на тој период, но тоа е сосема споредно прашање, очигледно.

Се сеќавам на една изјава на идниот комесар на Европската унија Јанез Поточник кој што даваше коментар за евроинтеграциите или за евроаспирациите на државите од Југоисточна европа или на државите апликанти во кој што се вели, а може да се пренесе на македонската реалност, колку македонски граѓани сакаат да влезат во Европската унија, одговорот е преку 90%. На прашањето колку македонски граѓани еден практичен пример користат сигурносен појас додека возат кола, одговорот може да биде 5, 10, 15, 20%. Ја гледаме разликата дека од декларативното до практичното има сосема голема разлика. И, треба да се менуваме самите себеси и тоа да го прифатиме како факт и како реалност.

Сите политички партии во Република Македонија вклучително и опозиционите се залагаат за влез на Република Македонија во Европската унија. Зошто на македонските граѓани, ако веќе се застапуваме дека го браниме националниот идентитет не им објасниме дека, на пример со влез во Европската унија ние го субституираме нашиот национален идентитет и суверенитет со европскиот. Дали тогаш тоа е предавство, како што говореше претседателот. Дали влезот на Германија и на Франција во Европската унија за нив значи предавство, кога ги супституционираат своите национални одлики со нешто над тоа и ги делат со сите останати. Тогаш е во ред, бидејќи е декларативно, само не ја знаеме тежината. И сега сите опозициони партии велат Македонија во Европската унија, над 90%, сите. Ама, знаеме ли што значи тоа. И тоа значи откажување на националниот елемент во одредена смисла, дел. Но тоа не го објаснуваме, не кажуваме која е вистинската вредност. Е, па еве сега го имаме и ова.

Територијална организација, децентрализацијата претставува покрупен процес, премногу крупно прашање да може да се сведе на обид на еден, двајца, тројца за стекнување на кусорочно политички поени. Подобро е да ја намалите довербата за да го исполните она и да го спроведете она што верувате дека е исправно.

Сосема сум свесен дека можеби и Владата и владеачката коалиција делумно успеа во објаснување на концептот и на бенефициите на територијална организација и на децентрализацијата на граѓаните. Затоа можеби вие го користите како факт она 76% граѓани не ја поддржуваат територијална организација не се согласувам. Но, верувам дека 76% граѓани до крај доволно добро нив не им била предочена територијална организација и децентрализацијата и тоа е нашата работа и за тоа треба да продолжиме понатаму. Но, тоа не значи дека концептот е погрешен, напротив тоа значи дека оваа владеачка коалиција, парламентарно мнозинство до крај ќе го спроведе тоа што смета дека е и обврска не само на владеачката коалиција туку и на опозицијата, но ние сносиме одговорност и ја прифаќаме за разлика од останатите и ќе го спроведе она што смета дека недекларативно, практично, не веднаш туку среднорочно ќе резултира со позитивен резултат. А, тоа е она што сите упорно го тврдиме дека местото на Македонија е во Европската унија и во НАТО, тоа што сите го констатираме сега ќе се случи, ама некако тешко ни оди да го спроведеме тоа што треба да се случи између. Е, па, сега тоа ние треба да го направиме, некој мора да го направи. И, и апсолутно тоа ќе го направиме. Во меѓувреме апсолутно треба многу да работиме, дополнително да работиме на објаснување на концептот и на бенефициите на децентрализацијата како целина. Тестот ќе биде последниот крупен исчекор, а тоа ќе бидат локалните избори не во смисла на политички пораст или победа на едните или другите, туку како настан кој што дефинитивно, Република Македонија ако сега е на последната скала на спроведување на Рамковниот договор  и тоа дефинитивно ќе се одлепи од процесот на спроведување на Рамковниот договор во зацртаната форма и тогаш конечно ќе можеме, како што сите милуваат да зборуваме за економија, ама не да зборуваме, туку да работиме. Да зборуваме за реалните проблеми и она што ќе го ставиме на хартија ќе го изгласаме деновиве, децентрализацијата да почне од 01.01. следната година, граѓаните да го почувствуваат на сопствената кожа, бидејќи тоа ќе биде најдобриот начин за нив.

Во Република Македонија, и тука мислам да привршам, не сметам дека јавното мнение е априори против територијална организација и децентрализација. Сметам дека треба повеќе да се комуницира со нив, но апсолутно сметам дека одговорноста за ваквата атмосвера во моментов ја носат и оние кои што и јас, верувам и други ги

нарекуваат Македонци и Албанци по професија кои што целото свое постоење, целиот свој ангажман го темелат на тоа да докажуваат зошто треба да бидат Македонци, а не Албанци или обратно зошто треба да бидат Албанци а не Македонци. Се додека тие учествуваат во креирањето на експертското или на останатото мнение ние ќе имаме проблем во спроведувањето на практичните потреби кои што сме ги зацртале и ги нарекуваме територијална организација или децентрализација.

На крајот на краиштата не слушнав ниту еден доволно доборо да го објасни и да им предочи на граѓаните во Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево дека таму каде што Македонците се малцинство ќе бидат заштитени на истиот начин како што и Албанците се заштитени онаму каде што се малцинство. И, тоа е најдобриот начин на функционирање и тоа е најдобраната брана на сите оние кои што тврдат дека Македонците се изолирани, маргинализирани и дека единствено се спроведуваат интересите на Албанците. Апсолутно далеку е од тоа. Посебно некој што го критикуваат концептот, самите сте свесни дека не ја зборувата вистинската аргументација, уште помалку дека сте убедени во неа. Но така изгледа сега опортуно. За некое време ќе изгледа сосема спротивно. Самите сте свесни дека по потпишување на Рамковниот договор во 2001 година јавното мнение не го прифаќаше. За краток период тоа доби поддршка повеќе од 70% и резултат на тоа и резултат на ова што се спроведува сега на луѓето што седат овде и во владината коалиција е тоа што и вие кога идете надвор од државата се гордеете да го кажете дека Македонија во 2006 година ќе добие покана за членство во НАТО, а реално е да се очекува во 2009 или 2010 за во Европската унија. Тоа е резултатот што треба да се направи сега.

Економијата ќе биде она што ќе треба да го правиме ако денеска го изгласаме законот, комплетно да се посветиме утре бидејќи се додека се спомнуваат предавства, велепредавства, измами, поделби, не очекувајте да има инвестиции во Република Македонија. Во Ирак додека не се среди работата нема инвестиции. Нема инвестиции во држава во која што сопствените креатори на политиката и прогнозираат пропаст. Секој ден, секој месец на најлошото можно сценарио. Е, така нема прогрес. Затоа сите ја носиме нашата одговорност и затоа никој не може да биде амнестирам или да смета дека ќе биде уште пофален, најмалку, со тоа што ќе биде против. А, каков ќе биде нема

потреба да кажам. Одговорноста е присутна, потребата законите да се изгласаат од сопствените потреби, не некои туѓи, во Македонија внатре, ќе резултира со тоа што многу наскоро ќе ги изгласаме законите и квалитативните промени, не квантитативните граѓаните ќе можат да ги почувствуваат со усвојувањето на новиот закон и со пренесување на надлежностите, веќе со самото донесување на законите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Ивановски, не беше добро од ваша страна што на почетокот од вашето излагање премолчивте дека онаа Влада која вие ја нарекувавте меѓународно изолирана сепак успеа да направи еден чекор напред, па така од Агендата 2000 да стигнеме до потпишување на Спогодбата за асоцијација и стабилизација, бидејќи истата таа Влада сепак го финишираше процесот за влегување во Светската трговска организаицција. Тоа не беше коректно од ваша страна, исто како што би било некоректно од моја страна да ги обвинувам претходните влади, значи пред 1999 година зошто задоцниле шест месеци со влегувањето во ОБСЕ, или со некои други слични работи. Значи, проблематиката на меѓународната афирмација на Република Македонија, сепак би требало да се гледа пообјективно, а не исклучиво од теснопартиски интереси, затоа што за среќа и во воената дипломатија и во обичната дипломатија Република Македонија повеќе, или помалку во голема мера зависи од стручњаците кои не се обременети од тоа во која партија членуваат, дали во ВМРО или во СДСМ и воглавно треба на таквите луѓе да им бидеме благодарни за оној занаетчиски дел за кој ние потоа како политичари, да речеме, си го препишуваме себеси како успех, или не.

Што се однесува до влезот во ЕУ, јас не знам дали да ви верувам вас, или на вашиот соговорник со кој малку полемизиравте, или на новиот евро премиер Барозо кој вчера, или завчера истакна, кажа дека Република Македонија во оваа деценија нема што да бара. Сепак, јас сакам да биде како што вие двајцата тврдевте, значи до крајот на оваа деценија да добиеме покана за членство во ЕУ и она што така добро го објаснивте дека функционира во ЕУ. Вие на тој начин со вашето размислување сигурен сум дека ќе

успеете да им помогнете на две земји членки на ЕУ кои имаат единствена заедничка земна граница, имаат еден проблем и еден конфликт кој трае многу долго, чиј Парламент е конечно суспендиран повторно, иако имаат потпишано договор. Би сакал да им објасните дека тие немаат потреба да имаат такви проблеми, затоа што се граѓани, државјани на земји кои се членки на ЕУ, меѓу помоќните и дека не треба да го губат времето во конфликтот кој трае доста долго, некаде од 60-тите години на минатиот век.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Колегата пратеник кажа дека ценатa на приближувањето кон ЕУ треба да биде и откажување на дел од националните елементи. Јас и во мојот говор прашав, еве сега ја користам оваа прилика уште еднаш барам едно објаснување, затоа што дали покрај овие отстапки кои што се прават со законот за територијална поделба на Република Македонија, а кои што се однесуваат на Струга, Кичево и двојазично Скопје кои се направија на албанскиот политички фактор, дали сега треба да очекуваме идна промена на грбот, на химната, па дури и името на државата заради некакви повисоки интереси и цели. И би ве прашал дали и за овие отстапки имате преземено обврска. Ако е така, тогаш ве молам да ми кажете со чиј легитимитет, во чие име преземате такви обврски, планирате откажување од националните елементи, како што вие кажувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинто Игор Ивановски.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Господине Стојаноски, знаете повеќе отколку што се правите сега и знаете што значи влез во ЕУ, ама за тоа ќе ви објаснам понатаму. Шести пат ве информираат колегите, го поставувате истото прашање од различни луѓе во врска со менувањето на државните симболи. Можеби се помалку, можеби се повеќе прашања од тој тип, иако не знам зошто го упатувате до нас пратениците. Морам да го кажам својот личен став, а тоа е дека не се преземени никакви обврски, ниту пак станвуа збор дека некој треба да презема, или да дава одредени обврски, или отстапки. Си има законска постапа како тоа

се прави. Она што мене ми е познато дека ништо не е преземено како обврска во поглед на менување на државните  симболи. Ако бев доволно јасен потврдете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине Ивановски, рековте дека според анкетите 76% од македонската јавност не ја прифаќа територијалната организација, тоа е точно. Меѓутоа, вие се обидовте да ја извртите тезата и тврдите дека вие мислите дека 76% не им била јасно предочена територијалната организација и децентрализација. Можеби и тоа е така. Меѓутоа, господине Ивановски, обврската беше ваша. Ако вие бевте доволно транспарентни во критериумите кои ќе се применат, во подготовката на Предлог-законот, во преговорите кои ги водевте, сигурно дека македонската јавност поинаку ќе реагираше и во меѓувреме ќе извршеше корекција на сите ќе ви дадеше сигнали за сите оние решенија за кои смета дека се неприфатливи. Иако за цело време тврдите дека сте транспарентни во работата. Сега потврдивте дека тоа не е така. Тоа е првата работа за што сакав да разјасниме.

Другата работа, викате дека нема услови за да работиме на економијата. Вие ја претставувате Владата и вие треба да работите на економијата. Вашата партија, или Владата која ја поддржувате 2004 година ја најавуваше како економски бум. Меѓутоа наместо економски бум имаме висок пад на производството, нестабилен банкарски систем, преговори со ММФ ставени под знак прашалник и тн. да не ги редам работите. А наместо тој еконоски бум нас ни се случи навистина бум, ама во кнфликтот меѓу граѓаните и Владата. Вас ви се случува народот.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Игор Ивановски.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Жал ми е, но повторно ништо не ви е јасно. Госпоѓо, за прв пат Република Македонија  добива кредитен рејтинг. Ако знаете што значи тоа, ќе треба да го поздравите. Но, тоа всушност не го ни барам од вас. Она што претходно се обидов да ви го кажам е дека коментарите  од ваша страна во континуитет во изминативе 10 дена, дека Македонија се распаѓа, се федерализира, дека влегува во нова криза, кога ќе се

прочитаат надвор од територијата на Република Македонија, верувајте дека не можат да ги привлечат оние кои што имаат намера да инвестираат пари. Следниот пат кога тоа што го зборувате нема да се случи, а нема да се случи, тоа и на вас ви е јасно, опортунитетниот трошок и неискористените можности за овие граѓани треба да падне на ваш грб. Тоа е разликата. Во континуитет прогнозирате катастроафални сценарија за Република Македонија. Не се случуваат. Напротив, работите се движат на подобро. Тоа е перцепцијата.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара реплика, ја заклучувам расправата.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 10 часот.

(Седницата прекина во 21,40 часот).